УНИВЕРЗИТЕТ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

МАГИСТЕРСКА ТЕЗА

# ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА УЧЕЊЕТО И УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО СРЕДНОШКОЛСКИТЕ УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ

МАРТ 1990
СКОПЈЕ

КАНДИДАТ:
ПЕТРОВ ИВАН

УНИВЕРЗИТЕТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

Магистерска теза:

# ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА УЧЕЊЕТО И УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО СРЕДНОШКОСЛКИТЕ УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ

КАНДИДАТ:
ПЕТРОВ ИВАН

МАРТ, 1990
СКОПЈЕ

С О Д Р Ж И Н А

I. ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. Улогата на средношколските ученички домови во воспитувањето и образованието на младите ...... 1

2. Краток осврт на историскиот развиток на средношколските ученички домови ............... 11

3. Современата улога на средношколските ученички домови во системот на образованието и воспитанието ........................................ 20

II. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И НЕГОВАТА ТЕОРЕТСКА ЗАСНОВАНОСТ 38

1. Теоретска заснованост на предметот на истражувањето .................................. 38

1.1. Методи на успешното учење .................... 43

1.2. Развивање на работните навики ................ 55

2. Организација на животот и работата на учениците во ученичките домови ........................ 58

2.1. Организација на учењето во ученичките домови.. 61

3. Карактеристики на домскиот живот и организацијата на животот и работата во смисла на социјализацијата на личноста на учениците ............... 85

4. Досегашни сознанија во организација на учењето и нејзиното влијание врз успехот на учениците во средношколските ученички домови .......... 90

5. Значење на истражувањето ..................... 97

III. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 100

1. Варијабли на истражувањето ................. 100

стр


IV. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО .............................. 108

V. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО .............................. 110

VI. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 112

VII. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........... 115

VIII. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ЕМПИРИСКИТЕ ПОДАТОЦИ... 116

1. Планирање на работата при усвојувањето на знаењата .............................. 117

2. Припремата за учење како важен фактор за успехот во училиштето .............................. 120

3. Развивање на работните навики како фактор за успешноста во учењето .............................. 123

4. Рационална организација на учењето .............. 125

5. Усвојувањето на соодветните форми и методи на учењето и творечкиот пристап кон учењето битни фактори за постигнување на подобри резултати во учењето .............................. 127

6. Влијание на опремата за работа и успехот на учениците .............................. 136

7. Насочувањето на студиите како фактор за стимулирање и постигнување на подобар успех во учењето ........ 137

8. Организацијата на учењето во услови на ученички домови и нејзиното влијание врз успехот на ученичките во споредба со учениците .............................. 138

IX. ЗАКЛУЧНИ РАЗГЛЕДУВАЊА НА СОЗНАНИЈАТА ДОБИЕНИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО И ПРЕПОРАКИ .............................. 142

X. Л И Т Е Р А Т У Р А .............................. 153

# I. ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ

## 1. Улогата на средношкослките ученички домови во воспитувањето и образованието на младите

Средношкослките ученички домови во својот долг историски развој имале различна улога, која најчесто се изведувала од посебните интереси на државата, од поедини нејзини служби,верски заедници, стручни и политички организации и слично.

Кога зборуваме за улогата на ученичките домови во процесот на воспитувањето и образованието на младите, всушност сакаме да го дефинираме ученичкиот дом за да утврдиме во која свера на општествената дејност тој се изградува и тоа зависно од специфицираните задачи кои домот ги извршува. За објект на ова одредување го поставуваме ученичкиот дом. Со тоа неговата дејност ја стеснуваме, занемарувајќи ги другите видови на домови со нивните посебни работни облигации.

Околу тоа, каде е местото на ученичките домови, или на кое подрачје од општествената дејност припаѓаат, било, а и денес има двоумења. .Тие настануваат поради разликата во сваќањето на нивните намени, кои поконкретно се изразуваат во целите кои ученичките домови ги поставуваат како програма на своите работни задачи. Поради тоа кога се работи за одредувањето на местото на ученичките домови, најпрво мора да се ограничи нивната доминантна улога.

Тоа не е едноставно да се направи, бидејќи задачите кои тие ги извршуваат се многучлени и хетерогени.

Потребата и оправданоста од ученичките домови првенствено можат да имаат социјално обележје, па за главна нивна намена може да се смета давањето на заштитата на децата и младината, кои поради извесни причини, физички, опш - тествено и морало се загрозени. Таквиот концепт на ученичкиот дом влијае не само на составот на учениците, туку и на целокупниот третман. Во секој случај во таквите ученички домови доминира социјалната функција и нивната улога најчесто се сведува на згрижување - сместување и исхрана.

Често пати улогата на ученичките домови била изведувана како што веќе рековме од посебни интереси на државата и од поедина нејзина служба. Ваквите интереси често пати се утврдувани од личните цели на професионализацијата на кадрите за одреден ниво на управување, раководење, или контрола, вклучувајќи ги должностите оценети како поверливи и осетливи. За улогата на таквите ученички домови во секој случај функцијата на професионалното издвојување е карактеристично.

Многу ученички домови во светот, а и кај нас служат за обезбедување на кадровски резерви за стопанството и други дејности во кои владеат тешки услови за работа. За оспособување во тие работи, мотивизацијата е слаба, па затоа не - опходно е да се стимулираат расположивите ресори во помалку развиените регии, поради подмладување, надокнадување и одржување на кадровскиот потенцијал. За регрутирање на учениците во тие региони, можноста за сместување во ученичкиот дом претставува ефикасно средство за запишување на учениците во таквите училишта (рударски, земјоделски, индустриски и други училишта).

Ќе се ограничиме само на уште еден вид на ученички дом, на оној кој се поставува како установа за давање помош

во вид на сместување и исхрана на оние ученици кои доаѓаат од други места, кои неможат да живеат со своите родители, а немаат можност да живеат во приватно сместу - вање. И покрај сето оноа што и како во тие домови се работи, за нив сепак најзначајно е тоа што тие работат на економска основа, без да се води сметка дали се финансираат од уплатата на самите ученици, односно од нивните родители, или од средствата на некои други општествени извори.

Од досега изнесеното може да се види дека се издвоени четири примери на функционализација на ученичките домови, а низот би можеле да го продолжиме со уште повеќе егземплари. Но тоа ќе биде доволно за овие три правци на заклучувања:

а) Сигурно е дека дејствувањето на ученичките домови не се ограничува само на една функција, па макар и да биде назначена како доминантна. Без разлика на функционалната определеност во секој ученички дом животот на одреден начин се организира, свесно се настојува да се влијае на сваќањата и поведението, во развивањето на ставовите и интересите, во поттикнувањето за постигнување на подобар успех во учењето и во многу други развојни моменти.

Тоа значи дека сите ученички домови, покрај другото се занимаваат со воспитување и формирање на младата личност. Но овде останува прашањето како по важноста оваа педагошка функција се нормира, рангира и во каква релација се става спрема онаа која е сватена како доминантна.

б) Претставените четири можни, главни функции на ученичките домови кои се јавиле во нивниот развој,денес

во светот постојат, па и во литературата се земаат како критериуми за класификација на ученичките домови, при што треба да се има во предвид дека таква функционална ориентација на ученичките домови постоела и како такви некои од нив и денес функционираат.

Тешко би можеле да се спротивставиме на констатацијата дека одвоено или поврзано вршат социјална функција, функција на професионализацијата од посебен интерес, функција на осигурување на кадровските потенцијали и дека се јавуваат со истакната улога на сервисно работење. Но со тоа не е речено се. Додека за некои општествени системи одвојувањето на ученичките домови, по таквите функции и улога се израз на нивните структурални односи, во општеството кое само во себе се менува, кое се изградува социјалистички и самоуправно на основа на здружување и размена на трудот, типските ученички домови со посебна нагласена доминантна функција се неодржливи.

Преосмислувањето на овие доминантни функции, значи дека социјалната функција на ученичките домови не се изведува од некои каритативни или филантропски побуди,туку се темелат на социјалистичка самоуправна солидарност, а намената им е да допринесат во остварувањето на општествените барања во изедначувањето на воспитно-образовните шанси и намалување на социјалните разлики. Ученичките домови во функција на посебна наменска професионализација преставуваат да бидат елитни затворени системи кога се демократизира правото и можноста за вклучување на сите и во сите облици, програми и патишта на образование за многу важни, значајни и одговорни должности.

Дејствувањето на ученичките домови во функцијата на допринесувањето на кадровскиот потенцијал на здружениот труд ја менуваат својата смисла, ако се реализира реформското барање во резулуцијата на X Конгрес на СКЈ, да секое образование после основното-припрема и спрема за работа, и за продолжување на учењето во смисла на перманентноста на образованието.

c) Укажувајќи на процесот на осмислување на доминантните функции од кои произлегува дека улогата на ученичките домови се менува во нивните интерактивни односи со други работни системи во процесот на екстензивното и интензивното интегрално општествено преобразување. Сите функции на ученичките домови се ставаат во нови односи, па така доаѓа и до внатрешни промени во функционалната структура.

Овие дијагностички влијанија имаат за последица гаснење односно спротивставување на функциите и нивно интегрирање, така да по својата улога сите ученички домови добиваат битно и супстанционална карактеристика на единственост во разликите - "Оноа што во развојниот пат на ученичките домови се јавува како подредена и додаток на главната намена, влегува во одредувањето на нивниот функционален интеграл, а тоа не може да биде ништо друго туку воспитно-образовната улога во смисла на општественото проектирање на рационалната реформа"[1].

Во оваа дискурзија ученичкиот дом го набљудуваме во целокупниот воспитно-образовен систем на нашето само-

---

1) Група автори, Васпитни рад у домовима ученика, Београд, 1973.

управно општество, тоа место и таа улога му припаѓа на неговата функционална општествена нормирана намена. Во сверата на воспитувањето и образованието,ученичките домови во интерактивните врски дејствуваат повеќе системи кои се здружуваат во еден општествено работен систем, нивното единство се согледува во ориентираноста на општо општествените воспитни цели, на формирање на сестрано развиена млада личност, која ќе биде оспособена да произведува и самоуправува, а до разлики доаѓа во нивната организација зависно од специфичните задачи изведени од различните цели.

Воспитувањето и образованието исто така подлежат на промените кои ги условуваат и насочуваат процесите на продлабочување на општественото преобразување.

"При тоа организациите што се занимаваат со задачите на воспитувањето и образованието не можат да бидат надвор од тие влијанија. Статичното набљудување и моделирање на воспитно-образовните институции, како школите, така и ученичките домови,неизбежно доаѓаат во судир со динамиката на општествената стварност. Затоа треба статичките концепти на ученичките домови, нивната недоволна флексибилност и затвореност да се заменуваат со креативни мобилизаторски приоди, заради изградување на динамични-општествени модели"[2].

Само со такво поставување ученичките домови ќе можат реално да се конституираат како здружениот труд и во тоа свое работно својство да ги покрене општите општествени интереси и грижата за натамошен нивен развој,како и зголемени вложувања во нивната мрежа, во нивната опременост и кадровска политика, во унапредувањето и иновирањето на технологијата на нивното дејствување.

---

2) Др. Винко Скалар: Воспитни процес у домовима ученика, реферат поднесен на Сојузното советување на ССМЈ,Мостар-1979 год.

Честите промени на концептот на општествената реформа на воспитанието и образованието, за нивните цели, домети, за конституирање на воспитанието и образованието на самоуправни општествени односи, повеќе се занимаваат со програмските и организационите програми во школството, а помалку со воспитувањето и образованието во нивната перманентна димензија. За жал, констатираме дека проблематиката и улогата на ученичките домови, неопходни за реализација на низа пресудни реформски ставови, многу малку се присутни во тие расправии,предлагања на алтернативни решенија и одлучување за нивниот развој.

Затоа сметаме дека едно вакво укажување треба да се даде во право време и да им се обрне внимание на сите актери здружени на проектирањето на реформата на воспитанието и образованието и дека на ученичките домови треба да се гледа како на општествен работен систем кој всушност следи иста главна функција на воспитанието и образованието како и сите други воспитно - образовни организации.

Не е во прашање некоја механичка врска, туку близок комплементарен однос. Ученичките домови, општествените цели на воспитанието и образованието ги операционализираат и создаваат таксиномија на своите задачи кои се во согласност со специфичностите на своите организации и расположиви средства. Тие задачи неможат да ги превземаат и реализираат училишните институции, па од тука улогата на ученичките домови треба да се поставува рамноправно со барањата на новите реформски зафати на воспитанието и образованието.

Самоуправното осмислено и практицирано воспитување и образование во услови на ученичките домови наоѓа извонредни можности, бидејќи учениците тука директно се вклучуваат во планирањето, распределбата на работата, унапредување

на односите, во предлагањето и одлучувањето за изборот на решенијата поради унапредување на работата и животот во домот. Во таа смисла има не само почетни обиди, туку и поголеми искуства кои заслужуваат поголемо внимание.

Социјалистичко-самоуправниот концепт, кој се спротиставува на секоја субординација на младиот човек, а нарочно кај учениците од позастанатите социјални структури и средини, може баш во домот да најде свој силен израз на вклучување на сите ученици во целокупноста на рамноправните односи, на неговите креативни афирмирања, во основната должност во учењето, во заедничките работи во домот и во слободните облици на креативните активности и така ја елиминираат отуѓеноста на ученикот спрема процесите на неговото формирање, што е уште прилично често карактеристично и за класичната училишна настава.

Набљудувана под тој агол, домската педагогија во општо не е домен резервиран само за учениците кои се хендикепирани поради социјално-економските пречки. Со тоа се отвара еден видик за проширување на домското дејствување.

Во нив можат со целодневни или со парцијално време да престојуваат и екстерни ученици и да учествуваат во така концепираните разработени и организирани програми на кои главна цел е поопштествувањето на воспитанието.

Досегашните обиди во спроведувањетона реформата на образованието и воспитанието тежеа за глобална трансформација на системот. Меѓутоа, ако во конкретниот простор на активности се врши концентрирано преобразување само на училиштето или само на школски центар, а го занемаруваме унапредувањето и адекватното оспособување на ученичките домови, во секој случај се врши голем пропуст, се пропушта

шанса да се осигура постојано изедначување на образовните можности и спроведување на принципот на солидарноста, развивање на самоуправните односи помеѓу работниците во училиштата иученичките домови.

Во изградувањето на поливалентното изразување на средното образование, кое постојано ја интегрира општата култура, општественото ниво на мислење, интересирања и неговата позитивна релација спрема производната и секоја друга општествена работа, бара проширување и зголемување на улогата на ученичкиот дом, а со тоа и до проширување на домскиот простор.

Домската педагогија која кај нас во последно време се посилно се развива, израснува од праксата на домските работници кои со лично свои жртвувања ги поставуваат задачите на истражувањето, анализирањето и проектирањето на решенијата со кои би се унапредувала постоеќата положба, а со тоа и осовременување на нивната улога во процесот на воспитанието и образованието на младите.

Во овие рефлекси на воспитно-образовните задачи и можности на ученичките домови, нарочно во нивната соработка со училишните установи, работните организации, општествено-политичките организации, спортско-културните друштва, посебно е посебно да се подвлече нивната улога и нивниот допринос кои тие го даваат во јакнењето на братството и единството на нашите народи и народности и ја активираат духовната и физичката спремност на младите за одбрана и заштита на нашиот самоуправен социјалистички систем.

Зборувајќи за улогата на ученичките домови во воспитувањето и образованието на младите, мораме да нагласиме дека тие се установи кои овозможуваат многу големи позитив-

ни можности за воспитување на младата генерација во согласност со принципите на нашите општи општествени движења. Во нив се поврзува воспитанието и грижата за здравјето и физичкиот развој на учениците со нивниот интелектуален развој, се формира карактерот, моралните, работните и други квалитети и особини кои на младите луѓе им овозможуваат полесно и побрзо вклопување во нашата секојдневна општествена пракса. Со самото тоа што ученикот е во домот, тој е неизбежно вклучен во низа различни проблемски ситуации, упатен е активно да се залага во нивното решавање, па со тоа се реализираат и педагошките барања за учениците како субјекти во воспитниот процес. Целокупната организација на животот и работата во ученичките домови се заснива на домско и ученичко самоуправување, без претерување може да се рече дека ученичките домови се училишта за самоуправување.

Една од позначајните улоги на ученичките домови е инструктивната улога на домот-помагање на учениците добро да учат, со создавање на поволни услови за сместување и со инструктивна помош од страна на воспитачите кои домот им ги овозможува на учениците.

Со оваа инструктивно-организирана улога ученичките домови можат значително да влијаат на подобрување на образовниот ефект на учениците во домовите.

Освен тоа улогата на ученичките домови во процесот на воспитувањето и образованието на младите можеме да ја согледаме и во овозможувањето на поширок контакт, програмски осмислена комуникација со учениците и нивното поактивно воспитание со позитивни ангажирања на богатство од содржини, во работата на клубовите, библиотеките и читалните, уредување на ентериерот, самопослужувањето, културно-уметничките и спортските секции, во ученичката самоуправа,

решавање на конкретни проблеми во домот, за прашањата за организацијата на учениците, извршување на разновидни должности и сл.

Во текот на својот престој, живот и работа во домот,младите проектираат и исполнуваат одредени позитивни и негативни особини, однос спрема работата, должностите, имовината, другарите, па затоа е можна поактивна насочувачка улога и соработка на младите со воспитачите и другите работници во домот.

## 2. КРАТОК ОСВРТ НА ИСТОРИСКИОТ РАЗВИТОК НА СРЕДНОШКОЛСКИТЕ УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ

Ученичките домови имаат долга историја. Се смета дека првите школи се храмовите и дворците на владарите, истовремено биле и место на заеднички живот на учениците и учителите. Одвојувањето на учениците од семејната средина и концентрирање на нивното внимание за учење и развивање на одредени особини на личноста било својствено на воспитувањето и образованието на идните владетели. И покасно во средниот век, воспитанието и образованието за луѓето кои нема да се занимаваат со производна работа имало карактеристика на домско воспитание, на пример: во манастирските училишта и универзитетите. Интернат, алумнат и конвикт се имиња за тогашните ученички домови, кои нај - многу и најчесто биле во рацете на црквата. Оваа линија на интернатско сместување за децата на богатата класа, ја следат и денес граматичките школи и колеџите во Англија и приватните интернатски училишта во другите западни земји.

Втора развојна линија на домското воспитување за децата на сиромашните и сирачињата започнува после големите

верски војни. Франко и Базезов во Германија и Песталоци во Швајцарија се првите педагози кои покрај низа црковни редови, организирале такви домови и ги развивале методите на нивната работа.

Третата линија, теориска меѓутоа, покасно и практично реализирана започнува со раните социјал-утописти Томас Мор и Томас Кампанела, а се продолжува во идеите и работата на покасните социјал утописти во XIX век, од кои Роберт Овен и Етјен Кабе познати како организатори на таков вид воспитание.

Третата линија од развојот на домското воспитание е идеален облик на воспитание за сите и дека тоа претставува една од најпогодните форми за постигнување на општествена еднаквост во однос на воспитувањето.

На овоа сваќање многу близу е еден од идеолозите на Француската буржуарска револуција Луј Мишел Лепелетје, кој предлагал сите деца да се воспитуваат во домовите на националното воспитание, кои биле финансирани од прогресивниот данок и под управа на родителскиот совет.

Во текот на XIX век кога се повеќе се остварува општа школска обврска во поглед на основното образование и кога се множат стручните школи, ученичките домови постанале општествена потреба и тие се ширеле во сите земји каде училишната обврска доследно се остварувала.

Сомовите биле инструменти за демократизација на образованието, социјални установи за помош на децата од сиромашните родители и еден од патиштата за воспитување во духот на класната хармонија. За сираците, за децата кои биле пореметени во развојот и за воспитно запуштените деца и младинци формирани биле посебни домови. Така со

времето се создала потреба за развивање и проучување на посебен тип на воспитување - воспитување во домовите за децата и младината.

Во текот и после октомвриската социјалистичка револуција, во Советскиот сојуз формирани се домови за беспризорни деца како домови за превоспитување и како работни колонии. Во целиот свет е позната работата на Антон Семјанович Макаренко, кој таквите домови умеел да ги организира како социјални установи за збринување на младината и како силни установи за социјалистичко воспитание. Неговите идеи и пракса, извршиле јако влијание на воспитувањето во сите социјалистички земји. Некои Макаренкови идеи влегле во конкуренцијата школа-интернат, кои се формирани во Советскиот сојуз и после втората светска војна.

Ученичките домови и домското воспитување постојат во сите земји каде има училишта. Тие имаат различни имиња и различни задачи, ама заедничко им е тоа што во нив живеат ученици само за време на своето школување и тоа што се така уредени да на учениците им го олеснува учењето.

Во некои земји ученичките домови имаат претежно социјални а во други идеолошко-политички задачи, а во повеќе случаи задачите им се комплексни, што зависи од општествените односи и политичките ситуации во поедини земји.

Треба да се истакне дека улогата на ученичките домови никаде не се намалува, туку тие и по бројот и по своето значење го следат развојот на школството.

Во поедини наши делови од нашата земја, во различно време веќе во средниот век се појавиле првите видови на интернатско воспитување во манастирите, потоа во XIX век се јавуваат домовите за сираците и воспитно запуштените

деца и младинци, како и некои домови на стручни училишта. Најчесто домското воспитување било организирано за припремување на свештенството и војни лица.

Општата насока и карактеристиките на поодделни етапи од општествениот развој истовремено биле и суштински одредби од развојот на ученичките домови. Во понатамошните општествени преобразби а посебно со преминувањето од феудална во капиталистичка структура, во широките општествени промени, се менува и се прилагодува на тие промени и функцијата на ученичките домови. Процесите на демократизаци - јата на образованието и брзиот развој на мрежата на стручните и други средни училишта предизвикуваат потреба од менувањето на карактерот и зголемување на бројот на ученичките домови, кои и понатаму го задржуваат обележјето на верски воспитни установи.

Прекретница во развојот на ученичките домови во нашата земја представува формирањето на заедничките држави на (СХС на Југославија) во која покрај другите промени се јавуваат и значајни промени во системот на ученичките домови, сообразени со новата структура на системот на воспитанието и образованието.

Во предвојниот период, во Југославија имаше мал број на домови (за деца без родители, за поедини занимања и др.), а ИНТЕРНАТИТЕ биле установи од сегашниот тип на ученичките домови.

Во текот на народноослободителната војна било потребно да се збринат децата на паднатите борци и жртвите на фашизмот, па затоа се формирани детски и ученички домови со поедини училишта на ослободените територии.

Револуционерните идеи за воспитанието и образованието во текот на НОВ се одразиле и во работата на ученичките домови, во нови социјални установи, тие постанале многу оперативни установи за прифаќање и воспитување на децата и младината. Во напредната идеа на ориентација и педагошка организација на тие домови кои настанувале и дејствувале во многу тешки услови, поставена е основата на идната поширока и поразвиена социјалистичка самоуправна концепција на ученичките домови.

После ослободувањето, ученичките домови пред се биле социјални установи, за згрижување на децата на паднатите борци и жртвите на фашизмот, за сиромашните селски деца кои го продолжувале школувањето во градовите и за учениците на индустриските училишта кои се формирале со поголеми - те фабрики.

Широко основаните процеси на демократизацијата на систе - мот на воспитанието и образованието во општо, а системот на школството посебно, предизвикале најнапред бурен раз - вој на ученичките домови, непосредно по завршувањето на НОВ, до крајот на 1947 година.

Позитивно била изменета и социјалната структура на воспитаниците во ученичките домови, кои прихватиле голем број на ученици од работничките и селските семејства. Во следните две децении (1947 - 1967) ученичките домови покажале тенденција на намалување на бројот, како на домовите за учениците на основното образование, така и оние за учениците од средните училишта. Причините за ваквото намалување на ученичките домови се уште доволно не се истражени, меѓутоа, тие покрај другото мораат да се бараат во консолидацијата на поголем број семејства (чии деца привремено биле сместени во домовите), на една и во посебно тешката

материјална состојба и интензивната изградба на другите подрачја од општественият живот од друга страна. На таква состојба влијаеле секако и промените во финансирање на ученичките домови.

"Во Југославија во 1947 година имало 605 дома за ученици од средното образование со 60.741 воспитаници, во 1957 година бројот на домовите се намалил на 559 со 57.966 воспитаници, а во 1967 година во Југославија останале 320 ученички домови со 47.471 воспитаници"[3].

Спрема Др. Владимир Росиќ во развојот на ученичките домови наидуваме на шест периоди, кои меѓусебно дијалектички се поврзани.

Првиот период од работата на ученичките домови го опфаќа периодот од ослободувањето па се до 1951 година, кој всушност бил и најпогоден за развојната мрежа на ученичките домови во кој на крајот од тој период биле опфатени во ученичките домови околу 50,8% од сите ученици од средните училишта.

Вториот период (1951 - 1955) се карактеризира со нагло паѓање на бројот на средно школските ученички домови,во кој биле опфатени околу 21,88% сместени ученици.

Третиот период (1955 - 1961 година), започнува со порано започнатото намалување на бројот на домовите со опфатеност од 15,78%, и

И четвртиот период (1961 - 1971) го доживува процесот на намалување на бројот на ученичките домови и во негова-та домска мрежа биле опфатени околу 6,0% од вкупниот број на средношколци.

---

3) Клејчик, Фрањо - Домске дијагонале бр.1, 1979 година.

Петтиот период (1971 - 1981) е период кога скоро во целата земја освен во СР Словенија, домската мрежа задржува една константа, на повеќе годишна опфатеност на учениците од средното образование која се движи од 6,2% до 6,9%. Овој период е карактеристичен по тоа што во него не дојде до намалување на бројот на ученичките домови и процентот на опфатеноста, напротив овој период на извесен пораст на бројот на ученичките домови, што е најизразен во периодот од 1975 - 1980 година и тоа во СР Словенија. Во овој период во СР Словенија беа изградени нови 25 ученички домови во кои беа опфатени околу 5.000 воспитаници.

Примерот на Сојузот на Социјалистичката младина на Словенија, нажалост не можеше да биде прифатен ни во една од нашите републики и покраини и во истиот период во останатите републики и покраини бележиме само шест новоизградени ученички домови, од кои три во СР Македонија.

По ослободувањето во СР Македонија за прв пат било овозможено отварање на училишта на македонски јазик во кои се школувале децата на сиромашните работници и земјоделци. Овој период истовремено е и период на формирање и отварање на ученички домови, така наречени интернати.

Првите ученички домови биле пред се социјални установи кои ги згрижувале децата на паднатите борци, жртвите на фашизмот и децата на сиромашните работници и селски семејства, кои своето школување го продолжувале во градовите.

Последниот шести период (1981 - 1986) се карактеризира со примената на законот за насочено образование во кој ученичките домови единствено и подеднакво се третираат како и средните училишта.

Тоа е период кога ученичките домови конечно се третираат како целокупна потреба на здружениот труд и во рамките на општествената преобразба на воспитанието и образованието.

Во овој период нема опаѓање на бројот на ученичките домови, напротив тоа е период кога осетно расте интересот на средношколската младина за сместување во домовите што неминовно ја наметна потребата од реновирање и оспособување на многу стари објекти кои порано ја имаа истата намена.

Последниот период е карактеристичен и по тоа што изградбата на новите домови, реконструкцијата и поправките на старите домски згради, како и зградите кои беа повторно оспособувани, покрај сместувањето и исхраната на средношколците се водеше и се води сметка за потребите на педагошките стандарди во кои неминовно доаѓа до јакнење и осовременување на воспитната работа во ученичките домови и поквалитетно оспособување и припремање на воспитниот кадар.

Па затоа после овој период со право се очекува подобри денови и поповолна клима за развој на домската мрежа, како и вистинско осмислување на местото и улогата на ученичките домови во системот на воспитувањето и образованието на младината.

Со широко заснованите процеси на демократизацијата на воспитанието и образованието, како и во другите републики и покраини, така и во нашата република доаѓа до бурен развој на средношколските ученички домови. До 1951 година во нашата република постоеа поволни услови за развој и формирање на ученички домови кои во целост ги задоволувале потребите од домското сместување на учениците од средните училишта. Во секој град во кој постоеле средни училишта

имало по еден ученички дом, а во поголемите градови и по два и повеќе средношколски домови, како во Скопје, Битола, Прилеп и Штип.

Во овој период во Македонија постоеа 26 ученички домови кои опфаќале околу 70% од вкупниот број на запишаните ученици во средните училишта. Ваквиот брз пораст на ученичките домови е резултат на целосната грижа од страна на општествената заедница која во целост ги подмирувала трошковите на целокупната домска дејност, така што сите ученици бесплатно ги користеле домските услуги, а за поедини категории на сиромашни ученици и за децата на паднатите борци се обезбедуваше бесплатни учебници и облека.

Од 1952 година, кога ученичките домови беа прогласени за установи со самостојно финансирање, нивната материјална положба значително се изменува. Трошковите на работењето веќе не се обезбедуваа од страна на општествената заедница, туку домовите се издржуваа од уплатата на родителите, додека помошта од општествената заедница се сведувала главно на обезбедување на месечните лични доходи на воспитниот персонал и на еден мал дел од техничкиот персонал.

Изменетиот однос на општествената заедница е една од причините врз осетно намалување на бројот на ученичките домови, со што во наредните две децении бројот на ученичките домови изнесува 11 домови со опфатеност од 1.386 ученици.

Во 1972 година, состојбата на ученичките домови во Македонија значително се менува и веќе во наредната 1973 година бројот на ученичките домови достигна до 16 ученички средношколски домови. Ваквиот пораст е резултат на преминот на ученичките домови под патронат на Републичката заедница за средно образование која значително ги подобрува местото и улогата на ученичките домови. Со партиципацијата во економската цена од сместајот и исхраната, се зголему-

ва бројот на заинтересираните ученици за сместување во ученичките домови, што неминовно доаѓа до потребата од изградба на нови ученички домови, а некои од нив беа реновирани и оспособени за нормално живеење, организирање и реализирање на воспитната програма.

## 3. СОВРЕМЕНАТА УЛОГА НА СРЕДНОШКОЛСКИТЕ УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ ВО СИСТЕМОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И ВОСПИТАНИЕТО

Средношколските ученички домови се работни организации од посебен општествен интерес и претставуваат интегрален дел на средното насочено образование и како такви ја остваруваат општествената политика на стандардот на учениците и општествено-верификуваната програма на воспитанието и образованието. Тие претставуваат општествено работен систем, кои во суштина ја следат истата функција на воспитанието и образованието, како и сите други воспитно-образовни организации. Операционализирајќи ги општите цели на воспитанието и образованието, ученичките средношкол - ски домови создаваат таксономија на своите задачи, задачи што се надвор од доменот на рационализацијата на ученичките средношколски институции.

Како и секој процес, така и воспитанието и образованието се подлежни на постојани промени кои настануваат како последица на општествената преобразба, па спрема тоа организациите за воспитување и образование, меѓу кои спаѓаат и ученичките домови неможат статички да се набљудуваат ни моделираат. Статистичката концепција на ученичките домови, нивната доскорешна затвореност и недоволна флекси - билност, мораат да се заменуваат со покреативни, подинамични и посовремени општествени отворени модели на организации од кои ќе имаат корист не само организациите на здружениот труд, туку нивната оправданост ќе има и општествен карактер.

Современата улога на ученичките домови мора да се согледува и преку програмите за работа, која мора да биде отворена спрема здружениот труд, спрема училиштето и општествената средина, која ќе се проткајува преку различни облици на соработка и преку истите ќе постанат значајни центри за собирање на младите од месната заедница, па и од поширокаата општествена заедница. Преку воспитно-образовните, културните, уметничките и забавните, работно-техничките и спортско-рекреативните дејности, можат да се задоволат различни интереси на учениците кои живеат во домовите, како и на учениците од училишните центри и младината од месната заедница.

Со развојот на општествените односи и педагошките законитости, се менувале и целите, задачите на воспитанието, така и во ученичките домови.

Денешната современа улога на ученичките домови ја наметнува потребата од тоа тие да дејствуваат како воспитен фактор и мораат да имаат конкретни цели и задачи кои во текот на работата треба да ги остваруваат и реализираат.

"Основна задача на секој дом за воспитување на децата, во согласност со нашите општи цели на воспитанието, а специфичните задачи на установите, произлегуваат од специфичните причини, поради кои детето или младинецот дошол во Домот, како и специфичните развојни можности и потреби на секој поединечен воспитаник"[4].

Денес ученичките домови претставуваат неодвоив дел од целокупниот систем на воспитанието и образованието.

---

4) Шимлеша.Ш., Педагогија, Загреб, Педагошко - книжевни збор. 1979 - стр. 210.

Нивната улога не само што е значајна, туку таа е и незаменлива во воспитувањето и образованието на младите.

Денес тие обезбедуваат пристоен живот и услови за нормален развој за еден дел од младината, за младите од подалечните краеви и со послабо имуќните, без кои не се во состојба да го стекнат потребното и саканото образование.

Современата денешна улога на ученичките домови во системот на воспитанието и образованието се согледува и по тоа што тие со своето постоење обезбедуваат школување на многу кадри неопходни за нашето стопанство и многу други занимања од производството.

Улогата на ученичките домови посебно изразена во тоа што тие "го решаваат и ублажуваат општествениот проблем на социјалната нееднаквост на младината во воспитувањето и образованието, остатокот на класната поделеност на работата и образованието и во остварувањето на приближно еднакви услови за образование и воспитание на децата и младината од сите општествени средини и слоеви"[5].

Современата улога на ученичките домови во општественото живеење на младите се согледува и преку нивното здружување со здружениот труд, тие полека но сигурно постануваат составен дел на центрите за насочено образование, кои пак од друга страна тесно се поврзани и изградени за потребите на поголеми организации, кои не само што од тука ги црпат кадрите, туку преку нив ги обезбедуваат потребните кадри за подолг временски период.

---

5) Програмске основе одгојног рада у доновима ученика. Вјесник Републичког комитета за просвету, културу, физичку и техничку културу СР Хрватске, 1981,бр.1-2.

Нивната улога се согледува и во тоа што тие овозможуваат полесно и побрзо образование на работните луѓе кои се образуваат за потребите на здружениот труд со работа и од работа со давање на простории, сместувачки и прехранбени услуги, со соодветни воспитно-образовни програми.

Во последната деценија во нашето општество се одигруваат бурни процеси на целокупното општествено преобразување, чија основна цел и намена е развивање на таков систем на општествено-економски и политички односи, во кој секој наш работник, работен човек и граѓанин ќе постане носител на сите општествени функции, односно носител и создавач на сите општествени процеси на основа на општествената своина над средствата за производство. Во состав на таа најширока општествена реформа, исто така, се одвиваат и процесите на целосното и темелно образување на воспитанието и образованието.

Основна карактеристика на тие процеси е поопштествување на тие дејности во смисла на надминување на нејзините досегашни одвоености од живите, актуелните и конкретните општествени процеси и нивно поврзување во единствен систем на здружениот труд. Појдовна основа на тие преобразби се нашиот Устав, Резолуциите од конгресите на СКЈ, републичките и покраинските организации на СК, како и резолуциите од конгресите и конференциите на другите општествено-политички организации и други општествени документи, во кое не случајно внимание е посветено на задачите во преобразувањето на воспитанието и образованието.

Со една површна оцена на тие документи на досегашната преобразба може да се добие впечаток дека на подрачјето на ученичките домови не се придава доволно внимание. Меѓутоа, со една повнимателна анализа можеме да констатираме дека нашето општество, на ученичките домови гледа како

на интегрален и важен дел на воспитно-образовната дејност и дека ученичките домови активно учествуваат во преобразните процеси на подрачјето на воспитанието и образованието.

Меѓутоа, сепак нешто е евидентно, не се нагласуваат специфичностите, традиционално поврзани за дејноста на ученичките домови, а тоа во прв ред е нивната социјална функција. Овој факт по наше длабоко уверување е израз на една интенција, да во нашето општествено преобразување да се надмине досегашната редуцирана улога и значење на ученичките домови исклучиво во нивната социјална функција,иако и таа не треба да се потцени.

Во тој широк контекст значајно е да се укаже на веќе постигнатите резултати во остварувањето на новата улога на ученичките домови и уште повеќе на наредните задачи, можности и перспективи на овој дел од воспитно-образовната дејност. Без никаква намера да ги потцениме веќе постигнатите резултати, потребно е да укажеме на некои основни насоки на понатамошниот развој на новата улога на ученичките домови, при што треба да ги истакнеме следните карактеристики на домскиот воспитно-образовен процес кој бара и општествено ангажирање.

- Поголема улога на ученичките домови во демократизацијата на воспитно-образовниот систем, која се согледува преку достапноста на тој систем и преку воспоставување на самоуправни општествено-економски односи во него, како и помеѓу него и другите подрачја на здружениот труд.

- Нагласената воспитно-образовна функција на ученичките домови во реализацијата на потемелна општествено-воспитна цел, која се остварува со планирање и остварување

на поцелосен живот и работа во домот и надминување на исклучиво социјалната функција.

- Поопштествување и воспитно-образовните дејности во домовите, нивното отварање во животна околина, нивната поактивна улога во неа, како и зголемување на улогата на факторите на општествената околина во домовите.

Зборувајќи за првата карактеристика не смееме да ја заобиколиме многу важната социјално-класна улога на ученичките домови кои ја одигруваат со самото тоа што постојат и работат.

Воспитно-образовниот систем по својата дефиниција е во толку повеќе демократичен во колку е во поголема мерка достапен за сите, да се вклучат во воспитно-образовниот систем и стекнат преобразба во согласност своите психо - физички способности. Ученичките домови се многу важен елемент во демократизацијата на школскиот систем, бидејќи овозможува школување на младината која не е во можност да се школува во местото на своето постојано живеење.

Само во таа смисла можеме да говориме за социјално-класната функција на ученичките домови, кои не можат и не смеат да се редуцираат на буржуаска содржина на социјална помош, туку мора да постане составен дел на целиот систем на социјалистичката солидарност и взаемност со кои се анулираат сите фактори надвор од човековата моќ, а кои можат во многу голема мерка да влијаат на нивниот животен пат (социјално-класна, национален извор).

Свакајќи ја оваа квалитативно сосема поинаку социјална функција, мораме да ја корегираме порано поставената теза дека ученичките домови ова и таква функција обавуваат веќе со тоа што постојат и работат. Со самото нивно пос-

тоеѓе се реализира само буржуаската содржина на социјалната функција. Меѓутоа, социјалистичката содржина на таа функција бара многу повеќе. Во прв ред, тоа се развиени односи за слободна размена на трудот, во кои општественоекономската положба на домската дејност е зависна од резултатите на работата во неа, односно од учеството на домовите во остварувањето на општествениот доход. Одредувањето на тоа учество се реализира во општественото и самоуправното договарање во кое рамноправни партнери се и работните луѓе - корисници, од една страна, а работниците на домот и учениците како изведувачи од друга страна, економски и политички односи да се воспостават, неопходен услов е развивање на самоуправни општествени, економски и политички односи, внатре во тој дел на здружениот труд кој фигурира како вршител на услуга. Тоа посебно го подвлекуваме, бидејќи без тоа нема да има односи на слободна размена на трудот, а нема да има ни промени во општествено-економската положба на ученичките домови.

Воспоставување на трипартитен систем на одлучување во ученичките домови како организации од посебен општествен интерес, развивањето на односите на слободната размена на трудот, непосредно во интересните заедници или преку нив, основни се услови за остварување на поинаква општествена улога на домовите.

Со поставувањето на учениците во положба на самоуправувачи во тој процес, е еден од основните услови без кој нема да има никакви промени во општествената улога на ученичките домови. Воспоставувањето на тие самоуправни односи, во прв ред е задача на субјективните сили, организирани во СКЈ, организациите на синдикатот, организациите на ССМЈ, како и на домските заедници на учениците и воспитувачите.

Така социјалната функција на ученичките домови не може и не смее да се редуцира на тоа да домовите обезбедуваат само сместување и исхрана на учениците во време кога не се на училиште, туку тоа може да се оствари само со многу јасна зацртана, организирана воспитно-образовна дејност. Ова констатација посебно сакаме да ја нагласиме бидејќи досегашните искуства покажале како ни на подрачјето на теоријата на домското воспитание, ни во работната пракса на ученичките домови, не се најдени сосема адекватни решенија во погледот на целите, содржините, средствата и методите на воспитно-образовните процеси во ученичките домови. Во праксата можеме да ги установиме овие три едностранi концепти:

Во првиот концепт, домската дејност е исклучиво социјален карактер, односно пружање материјални услови на оние кои учат надвор од местото на своето живеење. Воспитно-образовната дејност не е задача на домовите туку тоа е задача на училиштата. Таков концепт се оправдува со тоа што домот не смее да се меша во работата на училиштето како и обратно.

Сличен пример има и вториот концепт во кој исто така не постои никаква врска помеѓу дејноста на училиштето и домот, меѓутоа, во домот се одвива воспитен процес. Во тој концепт е пренагласена тесната воспитна функција на Домот, со претпоставка дека животот и работата во Домот е специфичен до таква мерка што не е можно да се споредува ниту пак поврзува со животот и работата во училиштето.

Училиштето и домот во тој концепт се разидуваат како во поглед на целите и содржините, така и во поглед на средствата и методите на воспитно-образовната работа.

Третиот концепт поаѓа од тезите дека дејноста на ученичките домови е само продолжување на дејноста на училиштето во специфични услови, а се реализира така да дејноста на ученичкиот дом се сведува на организирани часови за учење во кои учениците се спремаат за настава. Тој концепт наоѓа свој извор во тоа дека поедини домови во организациона смисла се составен дел на училиштето, а посебно во недоразбирањето на поширокото општествено значење на воспитно-образовната дејност во општо и домовите посебно.

Вакви едностраности можат да се надминат единствено ако дејноста на ученичките домови ја втемелуваме на следното:

1. На принципот на единство на системот на воспитанието и образованието во кои и ученичките домови имаат свое интегрално место;

2. На принципот на единството на воспитно-образовните цели, без разлика во кој воспитно-образовен процес тие се реализираат. А тие цели се: оспособување на човекот за творечка работа, за самоуправување, за општествен и личен живот;

3. На принципот, дека воспитно-образовниот процес не е возможно механички да се одвојува од животниот процес;

4. На принципот, дека во однос на други носители на воспитно образовниот процес, ученичките домови се наоѓаат сепак во специфична положба, бидејќи во него учениците живеат, за разлика од училиштето кое го посетуваат;

5. На принципот, дека ниеден носител на воспитно-образовниот процес не е сам по себе доволен, бидејќи во него не можат да се појават сите манифестации на животот,

во кој учениците мораат да се вклучуваат за да се воспитуваат за живот.

Врз основа на тие принципи, како и на други познати од педагошката и дидактичката теорија, за кои овде не може да зборуваме, е можно да го концепираме воспитно-образовниот процес во ученичките домови, кои ќе одговараат на целите на нашето самоуправно социјалистичко општество. Некои од неговите основни карактеристики можат да бидат:

- интегрираност во целосен воспитно-образовен систем со тежиште кон создавање на сите единствени општествени цели на воспитанието и образованието. Во спрега со училиштата и организациите на здружениот труд, ученичките домови во голема мерка можат да помагаат во оспособувањето за работа со развивање на работните навики кај нивните ученици. Својата улога ученичките домови ја изградуваат врз улогата на училиштата и нејзиниот допринес во развивањето на самоуправна социјалистичка личност.

Животот во училиштето и домот не може да поаѓа од некоја аутономија на школскиот систем, туку од сознанието како настанува целиот здружен труд, субјект на образовната политика.

Ученичкиот дом својата работа мора да ја темели на познавањето на барањето на производните процеси, на познавањето на општествените движења во развојот на производните сили и средства, за да може да ја реализира својата функција во насочувањето на младината во образованието за работа и во професионалната ориентација.

Воспитно-образовниот процес во ученичките домови мора да се темели на марксистичкото сваќање на воспитниот процес, по кој воспитната работа е во суштина организациона ра-

бота. Не со вербализам туку со организација на животот и работата на учениците во колективот од групата до домската заедница, организација и општество, тоа е патот кон воспитниот процес од кого можеме да очекуваме најдобри резултати. Во тој поглед домовите имаат големи можности за развивање на разновидни средства и методи за кои и понатаму ќе зборуваме.

Следна карактеристика која сакам да ја нагласам може да се означи со појмот поопштествување на воспитниот процес во ученичките домови. Сигурно дека таа карактеристика не е значајна и специфична само за ученичките домови, меѓутоа, неопходно е домскиот воспитен процес да се темели на неа.

На тоа место потребно е повторно да се нагласи дека ученичките домови мораат да постанат слично како и нашите организации од предшколското образование, основните училишта и училиштето од средното образование, програмски потесно да се поврзат со животот во општествената околина и здружениот труд. Тоа значи уште една обврска за ученичките домови, да бараат можност за поврзување на работата, средствата и интересите во кои се вклучени учениците со ООЗТ за кои се оспособуваат во време кога престојуваат во ученичките домови. Исто така, потребно е многу поинтензивно вклучување на секој ученички дом во самоуправниот, политичкиот, општествениот, културниот, спортскиот и рекреативниот живот на месната заедница.

Со други зборови речено, ученичкиот дом треба да прерасне во воспитен, општествен и културен центар на месната заедница.

Таквата положба се разбира донесува сосема други задачи на вработените и учениците од ученичките домови.

Тежиштето на нивните општествени дејности се повеќе се пренесува надвор од рамките на домот, а исто така домот претставува средина во која својата активност ја исполнуваат работниците, работните луѓе и граѓаните од ОЗТ, месните заедници, друштвата, нарочно како ментори и советници во активностите на воспитаниците.

Само со таква поврзаност е можно збогатување на содржината на работа како во домот, така и во месната заедница, работните организации и само со таква меѓусебна зависност е можно да се надмине досегашната одвоеност на воспитниот од животниот процес и досегашниот вештачки создаден конфликт на генерациите. Во тие и таквите залагања, можеме да бараме голем дел од улогата на ученичките домови во спроведувањето на деформните проекти. Таков пат е одлична можност за афирмација на младите и нивното докажување.

Меѓутоа, таквата квалитативно сосема поинаква општествена улога, ученичките домови можат да ја превземат само ако во нив животот е организиран како целосен процес, што мора да постане следната карактеристика на воспитната работа в- домовите.

Така веќе констатиравме, како има воспитна работа во ученичките домови на некои подрачја повеќе, а на други помалку можности, и сеедно цврсто стои принцип, дека во работата и во животот во ученичките домови не смее да се занемари ни едно подрачје од воспитно-образовната работа. Во понатамошното изнесување ќе се обидеме да укажеме на некои од тие подрачја.

Тоа во прв ред се многуте видови на марксизмот, кој се јавува како идејна основа, како компонента на воспитната содржина, односот и методот на работа и животот во домот.

"Марксизмот мора да биде присутен насекаде, меѓутоа, не како вербализам, туку како активен, борбен, критички. Истовремено марксизмот како револуционерна теорија на работничката класа мора да остане и да постане дел од содржините од непосредната воспитна работа, бидејќи без познавање на неговите основни теоретски поставки ја нема ни неговата примена во животот"[6].

Во погледот на вклучувањето на марксизмот во ученичките домови, постојат разновидни можности, кои ученичкиот дом заедно со училиштето, месната заедница, облиците на самоуправниот, политичкиот и општествената работа можат обимно да ги користат. Марксистичките кружоци, семинарите, дописните школи, курсевите, политичките школи, учеството на воспитачите и учениците во работата на младинските организации, организациите на СКЈ и во други самоуправни и општествени организации, преставуваат конкретни видови за запазување и применување на марксизмот.

Работата како продукција на материјалната и духовната култура и како самореализација представува друго подрачје од животот и работата во ученичките домови. Да се организира е повторно можно во повеќе видови:

- како учење, тоа е продлабочување и примена на стекнатите знаења во училиштето и грижа за подобри образовни и воспитни резултати.

Тука ученичкиот дом може многу нешто да стори, што е докажано со досегашните искуства.

6) (МИКЛОВАЦ, ЈОЖЕ, Домске диагонале бр.1-1980,Београд).

- како производна и општествено корисна работа во ОЗТ и месните заедници,

- како работа во интересни активности, особено на подрачјето на техничката култура. Некои од поновите ученички домови веќе располагаат со соодветни работилници и средства, а во другите потребно е да се развиваат можности за организирање на таква работа;

- како работни акции во домот и неговата непосредна околина на кои имаат за задача да ги подобрат материјалните услови за работа во домот, а во месната заедница и општината за изградба на објектите од општествениот стандард;

- како перманентна грижа за унапредување на непосредната животна околина, а тоа е грижа за културните услови за секојдневието и грижата за естетскиот изглед на околината на домот.

Во подрачјето на работното воспитание можеме да ја уцврстиме и професионалната ориентација, каде со работните активности се развиваат и откриваат интересите, афинитетите и способностите на учениците за поедини занимања, односно подрачја од општествениот живот.

На тоа подрачје големи задачи имаат воспитачите, посебно во поглед со запознавањето на секој поединец и на таа основа треба и мора да ги насочуваат и советуваат.

Наредното подрачје од животот и работата на учениците од ученичките домови е тесната културно и уметничко подрачје, кое вклучува разновидни активности, од литературни преку музички, ликовни активности до радио-телевизиски и филмски активности.

Можеби е најлесно и најрационално да се организираат тие активности во домските културно-уметнички друштва со соодветни секции. При тоа е потребно, како и кај другите подрачја да се организираат такви активности кои се заснимаат на принципите на ученичкото самоопределување, во кои возрасните ја превземаат само улогата на менторот и советникот, а во таа улога можат и мораат да се најдат многу културни, јавни и спортски работници.

Релативно најблиска до учениците е физичката култура, спортот и шахот. Ова подрачје досега е и најразвиено, но за жал и недоволно организирано. Имајќи ги во предвид релативно слабите можности во ученичките домови, досега тоа подрачје е еднострано развиено, бидејќи во него не се вклучени сите ученици.

Не би ги набројувале сите физички и спортски активности бидејќи тие ни се добро познати, но потребата од нивното развивање е неминовно и потребно.

Во самоуправното организирано домско спортско друштво, тесно поврзано со соодветните организации во училиштето, месната заедница, постојат најдобри можности.

Меѓутоа, тоа не се само тесно специјални, спортски дисциплини, туку и видови на масовно физичко воспитување.

Како интеграциско подрачје на воспитниот процес, многу важно подрачје е и патриотското воспитание, воспитание кое се темели на народноослободителната борба, воспитание за концептот на општонародната одбрана и општествената хсамозаштита. Во ученичките домови постојат многу погодни услови и прилики за такво воспитание; од организирање на походи, посветени борби и борци од НОБ, излети и екскурзии, до вклучување на учениците во борбените единици од општо

народната одбрана и во други делови од системот на општествената самозаштита.

Ни здравствено-хигиенското подрачје не можеме да го одвоиме од другите подрачја, туку и тоа е составен дел од сите животни и работни процеси во домот. Грижата за хигиената и здравјето во ученичките домови мора да се свати и да се реализира како перманентна задача на сите работници и ученици во сите домени од нивниот живот и работа во домот. Меѓутоа, потребно е посебно да се нагласи дека грижата во организирање на здравствената заштита во домските амбуланти во организирањето на исхраната и создавањето на соодветни хигиенски стандард, простории и опрема е едно од поважните современи улоги на ученичките домови во системот на воспитанието и образованието.

Тука се и другите видови и други подрачја од работата, животот и воспитанието во ученичките домови, кои само ќе ги наброиме, а се однесуваат на соработката со родителите и воспитачите, дејноста во библиотеката, сексуалното воспитание, воспитанието за семеен живот а посебно изградувањето на соодветна педагошка и самоуправна активност во домскиот колектив, кој претставува неопходен услов за развој на младиот човек во демократска, критична и творечка личност.

Кога укажуваме на карактеристиките на современата улога на ученичките домови во самоуправното социјалистичко општество, на нивните воспитни цели и задачи, на подрачјата на воспитната работа и животот во нив, ниту во еден момент не предпоставуваме дека домот може да го реализира сето тоа во рамките на своите четири зида.

Не само поради тоа што немаме ниеден дом во Југославија кој би ги имал сите материјални, кадровски и други можности, да би можел со овоа да го реализира и не само поради

тоа што по наше уверување во блиска иднина нема ни да имаме таков идеален дом, туку поради тоа што нашата општествена, политичка, економска и стручна ориентација се состои во тоа, дека сакаме со ова да го реализираме сите заедно во единствениот концепт на поопштествениот процес на домскиот живот, работа и воспитание. Меѓутоа, од друга страна целосно предпоставуваме дека домскиот колектив во секој случај е основен носител на тој концепт, одговорен за неговото спроведување во живот.

Таквата одговорност бара од домскиот колектив во прв ред цврсто планирање на сите активности во домот во еден ден, во недела, месец и година, па дури и во подолг временски период.

Тој план мораат да го припремат и за него да одлучуваат заедно и рамноправно воспитачите, учениците и другите работници од домот, родителите, делегатите од месните заедници, училиштата и други.

Во тој план потребно е да се определат:

- подрачјата на работата, видовите на активноста во домот и нивниот временски распоред;
- број на учениците во активностите и одговорните носители;
- материјалните, кадровските, финансиските и другите услови за изведување на програмата во целост и извори на тие услови;
- резултатите кои сакаме и мораме да ги постигнеме;
- начините и постапките на постојаното проверување на реализацијата на програмата.

Би изгубиле многу време кога би сакале за сите тие елементи да говориме поопширно. Го нагласуваме само фактот

дека тој план мора да постане заеднички договор на домскиот колектив и на сите заинтересирани фактори кои со тоа ќе ја преземат и својот дел од одговорноста за неговата реализација.

Спроведувањето на така проширениот концепт на животот и работата на учениците, во живот представува битен елемент во остварување на новата општествена улога на тие институции, а исто така,и услов за нивната подобра општествено - економска положба.

Затоа, треба веднаш да се зафатиме за работа и да престанеме да се жалиме дека сме осамени и дека никој не ја согледува нашата работа. Во реализацијата на тој концепт можеме да го најдеме сите своето место, почнувајќи од учениците и вработените, па се до организираните субјективни сили и самоуправните организации и заедници. Остварувањето на таквата општествена улога е услов за сосема поинаков однос на целата наша заедница до ученичките домови.

мине, а тоа е можно единствено со едно целосно ангажирање на сите субјекти во ученичките домови, а нарочно на воспитувачите.

Родителите на учениците, училиштето, па и самите ученици сметаат дека ученикот има неповолни услови за напредување во учењето, ако е сместен во еден од ученичките домови, од каде се посветува поголемо внимание на проблемот на учењето.

Нашето истражување претставува скромен допринос во решавањето на тој проблем, но желбата за правилно искористување на драгоценото време заучење е присутно и задоволни би биле ако успееме покрај другото, учениците да го почувствуваат задоволството од учењето во текот на интелектуалната работа.

Да се учи е тешко, учењето бара многу одрекувања и труд, меѓутоа, да се учи е добро. Новите знаења ја збогатуваат личноста и доведуваат до промени на некои структури и затоа нашата должност е на младата генерација да им ја укажеме целата убавина и задоволство од учењето.

"Благодарејќи на учењето поединецот стекнува лично искуство кое му помага поадекватно да реагира во поедини животни ситуации. Со учењето ја запознаваме историјата, уметноста, техниката и производството, сите културни, тековини на современата цивилизација, сите постигнувања кое ги остварило човечанството во својот развиток од самиот почеток до денес".[7]

Поради експоненцијалното удвостручување на пронајдоците и развојот на науката и техниката, учењето постепено треба да преоѓа од школско учење во процес на самообразование.

---

7) Вукановиќ, А., Интелектуален одгој , ЈАЗ,Загреб,1976.

Денес многу се зборува за самообразованието, кое некогаш било привилегија само на луѓето кои се занимавале исклучиво со научна работа. Денес тоа треба да се развива на сите степени на образование. Процесот на самообразованието е повисок ниво на учење кое бара одредено знаење за методите на учењето.

Процесот на самообразованието треба да вклучува:

- одредени работни навики,
- знаење за теориите и методите на учењето,
- мотивизацијата,
- здравствената состојба,
- условите за учење.

Зборувајќи за процесот на учењето, неминовно се наметнува потребата од запознавање на факторите за успешно учење. Тие ги делиме на:

а) внатрешни фактори (физиолошки и психолошки), и
б) надворешни фактори.

Физиолошките фактори се оние фактори кои произлегуваат од ученичката телесна состојба, од здравјето и чувствата. На успехот од учењето влијае состојбата на организмот, а можат да се истакнат некои физиолошки особини како што се:

- надворешното ниво на телесната енергија и кондиција која влијае на издржливоста во условената работа (хронична слабокрвност, исхранетост и сл.);

- состојба на сетилата (слабовидност, наглувост),

- функционирање на нервниот систем;

- хормонална рамнотежа (постојано расположение и брзо замарање).

Психичките фактори се помногубројни, па затоа само ќе ги наброиме:

- умните способности (нивото на способностите, структурата, т.е. како се развиени сметачките, читачките, говорните и други способности);

- когинтивниот стил (начин на умното функционирање, усвојување и систематизирање на информациите и решавањето на проблемите);

- когинтивната структура (количината и уредување на предходните знаења, т.е. јасноста и систематичноста на појмовите)
  - навики за учење,
  - мотивизација за учење, и слично.

б) Надворешни фактори

Меѓу надворешните фактори ги набројуваме следните:

1. Физички фактори - тоа се фактори кои произлегуваат од непосредната ученичка околина (осветлувањето, уредувањето на просторијата за учење и сл.).

2. Општествени или социјални фактори - тоа се фактори кои произлегуваат од потесната или поширокатаученичка средина.

   - ученичкото друштво, т.е. односите помеѓу членовите на друштвата, ѓубовта спрема другарите, можностите што друштвото ги нуди за школување и развој кои од своја страна во голема мера зависат исто така од социјално-економската положба на семејството;

- училиштето со своите начини на воспитување и настава, со квалитетот на наставните методи и средства, со своите барања, со целата атмосвера и меѓусебните односи, треба да е демократско, повеќе или помалку хумана. Значаен фактор е и наставникот со своите способности, работа и водењето на контролата на ученикот.

Пошироката општествена околина влијае на успешното учење посредно или непосредно. Значајно е дали на некое општество му треба сестрана личност или бара развивање на потесните подрачја од науката, или во општеството има големи социјални разлики со кои се поврзани разликите и можностите за школување, каков е школскиот систем, дали некои училишта се достапни за сите или се достапни само за одбрани и селективни поединци.

Меѓу внатрешните и надворешните фактори не може да се повлече остра линија, бидејќи тие меѓусебно тесно се испреплетуваат.

Надворешните фактори само повремено и непосредно влијаат на успешното учење (на пример: долгиот пат до училиштето, немањето на школски потреби и сл.). Многу пати надворешните фактори се претвараат во внатрешни-психолошки, односно битно влијаат на нив. Животот во надворешната средина слабо ќе влијае на развивањето на способностите и мотивацијата за учење. На другата страна големиот број на развиените навики ќе влијаат на примањата на надворешните фактори. Ако ученикот е мотивиран, ќе се зголеми нивото на енергијата.

На успешното учење на ученикот покрај објективната околина (која го опкружува) делува и ефективната околина (која на него вистински делува). Ефективната околина секако зависи

и од ученичките природни предиспозиции, од досегашниот развој и целокупното искуство.

Обично ефективната околина за поединци е повеќе стабилна од објективната. Така ученикот не е пасивен продукт на околината, туку станува во нови ситуации како активен партнер кој од своја страна влијае на однесувањето на постарите членови и наставниците и до некоја мера ги избира влијанијата кои на него влијаат (избор на другарите, избор на надворешно школските активности и т.н.).

ШЕМА НА ФАКТОРИ ЗА УСПЕШНО УЧЕЊЕ

| ФАКТОРИ НА УСПЕШНО УЧЕЊЕ | |
|---|---|
| Во ученикот | Во надворешната ситуација |
| а) Физиолошки | а) физички |
| б) психолошки | б) социјални |
| - способностите | - друштвото |
| - предзнаењата | - училишната настава наставникот |
| - навиките заучење | - општествено-економскиот систем |
| - мотивизацијата, интересите | - многу комуникациски средства |
| - лично прилагодување | |

1.1. МЕТОДИ НА УСПЕШНО УЧЕЊЕ

Лесното учење, брзината, трајноста, како и можноста да се примени она што се научило, во многу зависат од методите на учењето. Која од методите ќе се примени во многу зависи од видот на градивото кое се учи. Така можат да се учат:

- концепции,
- податоци.

## УЧЕЊЕТО НА КОНЦЕПЦИИТЕ

Учењето не се состои во целосно и доследно запомнување на материјалот кој се учи, туку тоа повеќе се состои во разбирањето на основните мисли, идеи или на некои податоци. Да се научни едно градиво, значи да се свати основ - ната концепција, да се биде во состојба наученото да се искаже со свои зборови и истото да се примени во повеќе и разни случаи. Значи, основниот проблем е како поблиску и што поправилно да се сватат најважните мисли во градивото кое се учи.

Тоа е можно да го оствариме со методите на учењето, како што се глобалната, партитивната и комбинираната метода. Секоја од нив накнадно ќе биде опишана.

## УЧЕЊЕТО НА ПОДАТОЦИТЕ

Секогаш не е доволно да се научат само основните мисли од текстот. Понекогаш потребно е градивото да се научи доследно напамет.

Тоа можат да бидат различни текстови од проза или поезија, разни дефиниции, понатаму, некој редослед на настани, или елементи во низа, или тоа можат да бидат различни изолирани податоци како на пример. нови зборови, имиња на луѓе, странски зборови, географски имиња и т.н.

Учењето на податоците често пати бара учење напамет, кое пак од своја страна бара примена на други техники на учење. Поради тоа оние делови кои мораат да се научат напа - мет треба да се одвојат од целината која треба да се свати.

## Осмислување на градивото

Со сигурност е докажано дека многу полесно и побрзу се учи и подолго се памти она градиво чија смисла е сватена. Поради тоа никогаш не треба да се обидуваме да го учиме напамет она што се уште не е разбирливо.

Ако треба да се научи напамет дел од текстот, стиховите или дефиницијата, тоа не е посебно тешко бидејќи смислата се наоѓа во самото градиво. Потребно е само да се свати.

Учењето на непознатите зборови, бројните податоци, елементите во низот и.т.н. потешко се учат бидејќи тоа е градиво кое само по себе не содржи одредена смисла или некое правило.

## Групирање на податоците

Понекогаш потребно е да се научат многу изолирани податоци кои меѓусебно не се поврзани и не се во смисловна врска. Во колку такви податоци не се групираат, ќе биде многу тешко да се научат.

Групирањето може да се спроведе врз основа на разни принципи. Ако на пример треба да се научат имињата на коските на човечкото тело, тогаш се спроведува групирање на имињата спрема деловите на телото (коски на главата, коски на рацете, на нозете). Географските имиња можат да се групираат спрема нивната положба на картата или спрема државите и слично. Имињата на поедини делови на машините можат да се групираат спрема нивната локализација на шемата. Различните појмови можат да се групираат спрема нивната сличност, различност, подреденост и сл.

За групирање на податоците во целина можат да послужат некои детали кои се истакнуваат на било кој начин, со својата познатост, должина, визуелни или уадитивни ефекти и т.н. Тие лесно се помнат и служат како ориентациони точки на кои треба да се придржуваат.

Бројот на податоците не смее да биде голем. Ако листата на податоци кои треба да се научат е подолга, тогаш сосема разбирливо е дека и потешко се учат.

Одеднаш на пример не треба да се учи голем број на зборови од некој странски јазик, прво, треба да се научи 5 до 15 зборови, а од кога тие ќе се сватат и совладаат, треба да се помине на учење на друга група на зборови.

Податоците на зборовите кои се потешки за учење треба да се ставаат на почетокот или на крајот од листот, бидејќи податоците на почетокот или на крајот од листот побргу се научуваат од оние кои се наоѓаат во средината. За сваќање на текстот не е доволно незаинтересирано и пасивно читање, потребна е полна мисловна активност.

При читањето секогаш треба да се прашуваме, што мисли авторот, што изнесува и докажува и на кој начин. Она што се чита треба да се поврзи со предходното искуство и знаење.

Поцртувањето на текстот кој се чита е техника која го олеснува разбирањето и учењето причитањето. На пример, ако сакаме да го подцртаме она што е важно и битно, претходно е потребно да го пронајдеме. Тоа значи дека во текстот на читањето потребно е да се мисли и да се уочува битното - важното.

Со потцртувањето во текстот истовремено можат да се прават белешки. Колку што повеќе градивото го преработуваме и колку повеќе внесуваме свои поранешни знаења и искуства,

тоа значи дека по потполно сме го разбрале и подобрно сме го усвоиле. Затоа најдобро е да го обликуваме и искажуваме на начин кој ни е близок, со помош на разни тези-скици, шеми, цртежи, со поставување на проблеми, прашања и т.н. За потцртување и бележење, изработување на шеми, цртежи, може да ни послужи посебна тетратка, нотес во кој систематизирано ќе ги внесуваме податоците од поедини наставни градива.

Активно повторување

Повторувањето е единствен фактор за спречување на заборавањето кое настапува веднаш по престанувањето на учењето. Ако нешто слушнеме или прочитаме само еднаш, тоа не значи дека и сме го научиле.

"Бројот на повторувањето главно зависи од три фактори:
- од количината на градивото кое се учи,
- од разбирањето на градивото, и
- од начинот на повторувањето"[5].

Повторувањето може да се врши на два начина:

- читајќи и повторно читајќи,
- активно да се повторува.

Читањето како повторување е без сомневање најлесно, меѓутоа, тоа е пасивна форма на повторување и дава послаби резултати. Читањето како повторување постанува досадно и предизвикува фантазирање и успивање. Повторувањето треба да биде што поактивно, а тоа значи:

---

5) Стевановиќ,Б.,Педагошка психологија,Београд, 1958, стр. 142.

1. Ако некое градиво мора да се научи напамет, после првите неколку читања, треба да се обидеме да го репродуцираме без помош на текстот. Во текстот треба да се погледне само, она место каде што сме и застанале. Повторувањето може да се врши гласно или полугласно.

2. Повторувањето на градивото кое не треба да се научи напамет, повеќе е преработка одколку репродукција. Тука основно е да се свати смислата, одредените правила, како и поврзаноста на разните факти и појави. Во врска со тоа треба:

- да се прераскаже со свои зборови она што се прочитало, да се поврзи со претходно усвоените знаења;

- после првото или после второто читање основните мисли во текстот треба да се скицираат во форма на тези. Тие тези можат да служат како потсетник при повторувањето, т.е. со нивна помош се обидуваме со свои зборови да го реконструираме целото градиво. Во учебникот треба да се прочита само оние места каде застануваме, односно каде сме нешто заборавиле. Со тоа се постигнува голема заштеда на времето, па во исто време градивото повеќе пати да се повторува;

- освен со тези градивото може да се прикаже и во форма на попис на прашања. Составувањето на прашањата и одговарањето на нив е многу интересна форма на повторување;

- прикажување на градивото со разни шеми, цртежи, табели, многу помагаат истото полесно и побргу да се свати и затоа треба да биде составен дел на активното повторување;

- ако градивото доследно не се учи напамет, секое повторување треба да биде понешто поинакво од предходната. На градивото треба да му се пријде секогаш од друг аспект, да се искаже на друг начин, да се поврзе со други примери и сл.

Активното повторување има повеќе предности и тоа:

1. Во голема мера го олеснува сваќањето на градивото, а со тоа и полесно учење и подобро запомнување.

2. Овозможува да се установат полесните и потешките места, т.е. оние кои веќе се научени и оние кои не се.

   При пасивното читање секогаш ни се чини познато и лесно , меѓутоа, кога ќе се обидеме да го раскажеме со свои зборови, тогаш настануваат потешкотии на оние места кои не биле добро разберени - сватени.

3. При активното повторување новото градиво полесно се поврзува со веќе усвоените знаења.

4. Со активно повторување всушност се вежба и изнесувањето на знаењето. Тоа е вежбање во изразувањето на она што веќе се знае.

5. Активното повторување е многу поинтересно од пасивното.

Во врска со повторувањето треба да се поставаат уште две прашања и тоа:

1. Кога да се отпочне со повторувањето?
2. Колку време треба да се повторува?

Пред да се отпочне со активно повторување градивото треба неколку пати да се прочита. Ако со повторувањето се

почне многу порано, додека ништо не е научено, тогаш тоа е губење на време.

Активното повторување не бара и да се отпочне многу доцна. Треба да се отпочне пред градивото да биде целосно усвоено.

При учењето на податоци без смисла за активно повторување, треба да се потроши околу 80% од времето, а за читање околу 20%.

При учењето на текстот активното повторување бара најмалку 20% од времето. При учењето на текстот доволно е многу помалку активно повторување, и затоа што при пасивното читање на таквото градиво обично се замислува она што ќе дојде, па така активно се повторува и за време на самото читање.

## Методи на учењето

### Глобална метода

За да се свати смислата, потребно е да се има преглед на целината, потребно е да се уочат сите врски и односи кои постојат. Поради тоа градивото треба да се учи како целина, т.е. да се учи со глобалната метода.

Меѓутоа, овде се поставува прашањето, што е тоа целина? Дали тоа е учебникот кој треба да се научи? Без сомневање, учебникот е конечна целина која треба да се научи, меѓутоа, таквата целина е слободно за учење. Целината не смее да биде така голема и да стане непрегледна. Со глобалната метода се учат оние целини кои не се преголеми или непрегледни.

## ПАРТИТАТИВНА МЕТОДА

Партитативната метода всушност претставува учење на делови.

Се применува при учењето на материјал со посложени и потешки содржини. Материјалот во кој преовладува една идеја или една мисла треба да се учи со помош на глобалната метода, додека, материјалот кој содржи повеќе идеи или мисли, односно кој има повеќе различни целини треба да се учи со помош на партитативната метода.

Партитативната метода побрзо води до успех и учество на задоволство, па според тоа, е поприфатлива од страна на учениците. Покрај тоа, со учењето на оваа метода се овоз. можува на потешките делови од материјалот да им се обрне поголемо внимание, а полесните делови не мора многу да се повторуваат.

## Комбинирана метода

Кога учиме многу големи целини, неопходно е потребно да се поделат на делови, т.е. на помали целини. Секој таков дел треба да биде заокружен со помала целина. За да може тоа да се направи прво треба летимично да се запознае целото градиво. Тоа запознавање може да биде направено врз основа на брзото читање на целото градиво. Понекогаш е доволно само да се прелиста учебникот, да се прочитаат поглавијата, насловите и поднасловите, да се прегледаат приложените шеми и цртежи. Такво запознавање ќе биде доволно градивото да се подели на целини, од кои секоја за себе ќе биде заокружена целина и ќе објаснува одредена смисла. После тоа се приоѓа на учење на првата целина, потоа на втората и т.н. Меѓутоа, не е доволно да се учи

само еден дел па да се приоѓа кон учење на друг дел, не обрнувајќи внимание на предходно научениот дел. Од кога ќе се научи новиот дел посебно, треба да се учи заедно со предходно научените делови.

Примената на овие методи зависи од видот на градивото кое се учи, од ширината која мора да се научи, меѓутоа, потребно е уште еднаш да нагласиме дека нивната примена е многу корисна за успешното учење.

Спречување на заборавањето

"Во процесот на учењето дејствува и факторот на заборавањето кое настанува веднаш по престанувањето на учењето. Тоа во почетокот е побрзо, а покасно се повеке и повеќе се успорува. Кривата на заборавањето има ваква форма:[8].




Единствено средство за спречување на заборавањето е повторувањето. Во почетокот додека заборавањето е побрзо и повторувањето треба да се следи едно по друго во пократки временски растојанија.

---

8) Стевановиќ,Б. Педагошка психологија,Београд,1958-стр.154.

Имено, ако во почетокот не се повторува, доволно често, добар дел од наученото ќе се заборави, па затоа повторувањето ќе биде повторно учење.

На заборавањето не влијае само времето кое поминало од учењето, Вистински причини за заборавањето е всушност учењето на ново градиво. Учењето на новото градиво го условува заборавањето на она што порано е научено. Меѓутоа и предходно наученото градиво може да го поправи учењето на она што потоа ќе следува.

Во кои услови доаѓа до брзо заборавање?

1. Сличноста на градивото кое се учи едно по друго е едно од многу важните чинители за брзото заборавање.Колку градивото е послично на другото, заборавањето е поголемо.

   До меѓусебно сметање при учењето и брзото заборавање лесно доаѓа тогаш кога на пример некој предмет се учи од два или повеќе слични учебници. За да се избегне тоа треба да се одбегнува да се учи од сите можни учебници. Треба да се одбере само еден, по можност најдобиот и од него да се учи потемелно.

   Другите учебници можат да послужат само како дополнување на оној учебник од кој се учи, или тоа што во него доволно е објаснето.

2. Колку што временското растојание помеѓу учењето на две градива е пократко, заборавањето е поголемо. Поради тоа после учењето на едно градиво, а пред да се отпочне да се учи ново градиво, треба да се предвиди одмор. Одмор треба да се предвиди и тогаш кога ќе се заврши учењето на една целина, или поглавје и пред да се отпочне учење на друга целина или поглавје.

3. Колку градивото е послабо научено, заборавањето ќе биде поголемо.

Добро треба да се научи секое градиво кога се учат едно до друго две градива кои многу се слични. Добро да се научи значи во прв ред што подобро да се свати смислата на она што се учи. Се додека едно градиво не се свати во потполност, не треба да се преоѓа на учење на друг материјал.

Кога и да е тоа можно, треба да се избегнува учењето на два материјали еден по друг, кога тие меѓусебно се слични. Ако тоа не може да се избегне е неопходно овие два материјала добро да се проучат и осмислат и да се споредат во што се состои нивната сличност, а потоа што се разликуваат.

На заборавањето не влијае само учењето на новото градиво, туку тоа може да настане и поради било која друга активност. Спрема тоа после учењето не е препорачливо да се работи некоја тешка и напорна физичка или психичка активност. Потребно е да се одмара, најдобро е после учењето да се отспие, бидејќи човекот по спиењето е најмалку активен.

Методите на учењето се постојани со чија помош ги усвојуваме знаењата. Постојат повеќе начини на поделба на градивото, а затоа можат да се применат глобалната, парцијалната или комбинираната метода. Кои начин на учење во различни ситуации се најуспешни, пред се се поврзани со психолошките и педагошките компоненти или се темелат на надворешните искуства. Помеѓу поединците исто така се одредени индивидуалните разлики во тоа што при учењето најдобро им одговара (разлики во когнитивна смисла).

Техниката на учењето доаѓа до израз при употребата на наставните средства за учење (средства за пишување,цртање,

учебници и други извори наинформации) и при одвојувањето на тие дејности кои обично се составен дел на учењето.

Техниките на учењето исто така се темелат и на некои основни способности за употребување на зборовите (говор,читање, пишување, совладување на основни сметачки операции) од кои секоја од нив има едноставни и составени компоненти.

Такви на пример се елементите на читањето, ако ги гледаме како спретност во учењето, односно како техника (меѓу нив тешко е да се повлече граница).

- можноста за брзо читање и разбирање на информативните те текстови;
- прилагодливост на темпото на читање (треба да се знае со брз поглед да се помине текстот, да се задоволиме со основните мисли или темелно да се простудира);
- уочување на најважното (техниката на потцртувањето на најважното);
- збогатување на речникот;
- разбирање на странските непознати зборови;
- критично читање и примена на разни текстови;
- пронаоѓање на потребни податоци од стручна литература (употреба на лексикон, библиографија, каталози, снаоѓање во библиотеката), и
- сродување на податоците од разни извори и сл.

## 1.2. РАЗВИВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ НАВИКИ

Успешното совладување на постапките за стекнување на знаење е еден од основните предуслови за добивање на конкретни знаења. Ученикот треба да научи како се учи. Тоа посебно

е значајно во денешно време кога е потребно бргу да се усвојуваат знаењата, што побргу да се реализира учењето. Учениците не смеат да бидат преоптеретени со училишните и домашните обврски, а времето на школувањето не може да се продолжува во недоглед. Освен тоа составот на сознанијата на разни подрачја денес исто така бргу се менува, настануват цели нови научни теории и нови знаења. Секој мора своите знаења со самостојно учење да ги надополнува во текот на својот живот (барање за перманентно образование), а за време на школувањето за тоа би се оспособил. Јасно е дека при тоа не може да се настојува за меморирање на целото градиво, туку за активно одбирање на значајноста од масата на информации, за критичните и селективните постапки, за самостојната примена и размислување за градивото. Тие можности потребно да се развиваат во нашето самоуправно општество, во кое секој носи голема одговорност во одлучувањето и затоа треба да биде што подобро информиран.

Училиштето на подрачјето на развивање на работните навики за учење не ги исполнува своите задачи на задоволувачки начин. Резултатите од анкетирањата направени за првите класови од средното образование покажуваат дека многу ученици од тој степен не ги совладале некои од основните начини на успешното учење. На сите степени и видови на училишта па се до студиите, наставниците би требало при пренесување на градиво да употребуваат такви поставки со кои кај учениците би развивале такви техники на учење кои гарантираат поголема спретност испособност за стекнување на знаење. Секој предмет има свои посебности, меѓутоа сепак можат да се поставaт некои општи правила. Наставникот на одреден наставен предмет на почетокот на учебната година би требало на учениците да им даде упатства за учење за тој предмет. Би морал да внесе некои основни техники, на пр. употребување на правописот, речникот, прирачникот, огласот, графиконот и скицата. При изнесување на градивото

треба да се прикажат исто така и методите со кои може да се дојде до нови знаења и ако кај ученикот не е важен резултатот, туку начинот со кој тие дошле до знаење. Проверувањето не смее да биде кампанско, туку тоа мора да заокружува знаење од поголеми единици. Учениците го освојуваат знаењето во такви форми, како покасно спрема нивното очекување ќе ги бараат.

На учениците треба да им се задава, самостојно или во група, со посложени задолжувања (на пр. со помош на литература да обработат одредена тема). Корисни се посебните предавања за учениците, за некои основни правила за успешно учење (за рационално искористување на просторот, за употреба на методите и техниката на учење и др.). Постарите средношколци полесно дискутираат од литература за учење. Често не е доволно да се оградиме само на развивање навики за учење, туку треба кај учениците да се развиваат позитивни ставови-односи кон учење.

За постигнување на подобри резултати покрај способностите, значајни се исто така и развивањето на новините за учење. Треба да се знае да се организира учењето така, за да може да се постигнат добри резултати и по економско прашање на енергијата и времето. Навиките за учење претставуваат една целина на сите тие начини на однесување во ситуациите кога се учи, стекнати со учење и повторување, а овозможуваат полесно, порационално и поуспешно учење, да има уредни белешки од сите предмети и т.н.

Навиките за учење не се нешто едноставно, туку тие можат да се анализираат по следните елементи:

- работни навики во случај на учењето овозможуваат успешно учење без поголеми напори. Многу значаен е просторот и времето за учење, на пример учење во исто место, опременост на училницата, редовно учење, а не кампањско,

усогласување на учењето, одморот и другите дејности, концентрираната работа, наспроти надворешните пречки, систематичност, истрајност при поедини задачи, меѓутоа не во таква мерка поради една дејност да се занемарат сите други.

- техниките на учењето се успешни начини на учењето, кои доаѓаат до израз при употребата на средствата за учење (средства за пишување, цртање, учебници и други извори на информации) и при извршување на оние дејности кои се составен дел на учењето (бележење на предавањето, употребата на учебникот, изработка на концептот, изведување на експериментот и др.).

## 2. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕНИЧКИТЕ ДОМОВИ

Една од основните задачи на ученичкиот дом како вонучилишна воспитна и социјална установа е обезбедување на пријатен престој на учениците кои се школуваат надвор од своето место на живеење и овозможување на соодветно нивно воспитување.

Улогата на ученичкиот дом е уште поголема и поодговорна, кога се има во предвид дека тој ги опфаќа младинците баш во најкритичниот развоен период (пубертетот) кога им е најпотребна сестрана помош во умствениот и физичкиот развиток.

Престојот на учениците во ученичкиот дом го карактеризира организиран начин на животот и работата во врска со поедини функции (спиење, учење, дневен престој, исхрана, културно-забавен живот и рекреативни активности), а сепак таквиот организиран начин наживот и работа не смее да се изрази во некој окрутен воспитен "режим", туку треба да влијае на свесна дисциплина и формирање на слободни и одго-

ворни личности. Тоа секако зависи во најголема мера од системот на воспитанието и од луѓето кои тој систем го спроведуваат, како и од материјалните и просторните услови.

Организацијата на животот и работата во ученичкиот дом, не само што е потребно, туку таа е и неопходна. Само со однапред организиран живот, домот може да овозможи сестран развој на младите како и поволна работна клима во која до полн израз ќе дојдат соработката, почитувањето, двонасочната комуникација, потребата од учење, систематска работа и праксата кои се во согласност со содржините на програмските основи на воспитната работа.

Организацијата на животот и работата во ученичкиот дом ја сочинуваат водењето, одговорноста и присутноста, меѓусебните релации помеѓу вработените и учениците, начините на комуникацијата, известувањето, релацијата помеѓу домот и општествено политичките организации, начините на усмерувањето и усогласувањето на различните фактори во институцијата и така натаму. Организацијата во целина, како и нејзините поедини елементи се одредува со статусот и правилниците, Домскиот куќен ред, како и со други внатрешни акти и извршни прописи. Организацијата може да биде вертикална, хиерархиска,и автократски определена, а може да биде и отворена, хоризонтална и заснивана на начелата на самоуправувањето.

Организацијата на работата во домот не може да биде самоуправна, од педагошкиот процес независна, туку представува негов клучен составен дел. Таа мора да биде во функција на педагошките цели, а истовремено да биде усогласена со прифатените начела на педагошкото влијание во институцијата. Поради тоа организацијата на работата и животот во домот представува посебно подрачје, кое заедно со другите елементи на животот и работата во домот мора да биде

отворена за педагошното размислување.

Со статутот на домот се регулираат сите прашања од организацијата на животот и работата на домот а нарочно прашањата кои се во врска со остварувањето на воспитно-образовните задачи, делокругот на работата на самоуправните и стручни органи, како и правата и должностите на вработените и учениците. Овој документ ја организира работата и на посебни организирани единици како што се економската комисија, педагошкиот совет на воспитачите, ученичката-домска заедница, работата на слободните ученички активности и користењето на слободното време, организационата поставеност на воспитната група и др.

Посебно значаен документ во процесот на организацијата на животот и работата на учениците во ученичкиот дом претставува домскиот куќен ред кој ја артикулира дневната и седмичната работа и одморот на учениците во домот.

Режимот на животот и работата на учениците во домот ги содржи следните елементи:

а) Време и норми врзани за задоволување на основните био-социјални потреби на учениците: јадење, спиење и одржување на личната хигиена, учење, слободното време и друго.

б) Норми за однесувањето на учениците во просториите за спиење, учење, дневен престој, прием на посети, библиотека, трпезаријата, читалната, клубот и сл.

в) Норми за однесувањето за време на учењето, јадењето, дежурството во трпезаријата, портирницата, просториите за учење и друго.

"Режимот на животот и работата во домот го утврдуваат и го донесуваат учениците и работниците на Домот по постапка утврдена со Статутот на домот. Режимот на животот и работата е составен дел на годишната програма за работа на домот"[9].

Правилно формираниот режим на животот и работата во ученичкиот дом кој истовремено е самоуправно прифатен од воспитаниците, создава надворешна рамка и основа за непречено одвивање на разновидните активности меѓу кои значајно место заземаат и организацијата на учењето.

## 2.1. ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧЕЊЕТО ВО УЧЕНИЧКИТЕ ДОМОВИ

Покрај тоа што ученичкиот дом обезбедува услови за живеење и исхрана, тој остварува и разновидни воспитни задачи, го организира животот и работата на учениците, го исполнува со културни содржини нивното слободно време и создава услови за разновидни општествени активности и меѓучовечки односи, тој има определени обврски по однос на учењето на учениците, тие да бидат солидни ученици и да ја доживуваат пријатноста на успехот, да го организира и помага нивното учење на повисоко ниво да ја заменува улогата на родителите.

Учењето на наставните предмети и извршувањето на другите домашни задачи што произлегуваат од наставниот процес се реализираат со определена организација на расположивото време, како и на другите фактори што учествуваат во овие процеси. Најпрво се организира постојан режим на работниот ден во вид на задолжителни занимања, комбинирани со

---

9) Програма за воспитно-образовната работа во ученичките домови во СРМ, Републички завод за унапредување на образованието и воспитувањето, Скопје, 1986.

кратки паузи, со цел да се одржи на определено рамниште работната способност, интересот и мотивираноста на учењето. Редовното учење во определени интервали кај учениците создава постепено навика за почитување на ритамот да се работи во определено време, место и услови. Учењето по правило е индивидуално, се разбира со помош на инструктажа, совети, укажувања на техниката на учењето од воспитувачот. Учениците се групираат во одделни простории според возраста, видот и типот на училиштето што го посетуваат.

Во организацијата на учењето, ученичкиот дом покрај другото треба да обезбеди простории за работа на мали групи, тандеми, составени од ученици што заостануваат во учењето или кои учат побавно, потребна им е помош од други лица.

При организацијата на учењето во ученичкиот дом, организаторите треба да го знаат и тоа дека учениците доаѓаат од најразлични социјални средини, образовни установи, урбанизирани средини и дека учениците со себе не носат идентичен инвентар на знаења, и интелектуална развиеност за работа и сл. За домот ова представува посебен домен на интерес и активност, а истовремено и обврска за намалување на разликите, нивото на културата и образованието. Секако дека тоа може да се постигне со така нареченото компензаторско воспитание и образование, кое пак од своја страна бара организирање на компезаторско учење. Имајќи во предвид дека сите ученици во наставата не напредуваат со исто темпо и ритам и не постигнуваат еднаков успех што инаку зависи нивните интелектуални, емотивни, мотивациони-видови особини и особености и слично.

Компензаторското учење наметнува уште една обврска на организаторите, односно на воспитувачите, а тоа е навременото негово организирање и реализирање, веднаш по констити-

рањето на застанувањето на поедини ученици во школскиот успех.

Компензаторското учење може да се организира на најразлични начини, меѓу кои најчесто со: помошта од платен стручен соработник по одделни наставни предмети, помош во совладување на градивото од страна на наставниците од соодветните училишни центри, посебна организациона форма на дополнително учење, со помош на подобрите ученици и компензаторско учење кое се организира со помош на кружоци.

Во процесот на организацијата на учењето на учениците во ученичкиот дом, организаторите доста време треба да посветат за придонесување за усвојувањето на системот на методологијата на учењето во сите негови форми. За таа цел тие треба да организираат предавања, дискусии или додатно упатување со инструирање на учениците во методите на учењето.

Зборувајќи за организацијата на учењето во ученичките домови во прв момент ни се чини дека тоа е едноставен процес. Престануваме да мислиме така дури тогаш кога ќе се најдеме во улога на организатор на учењето.

За да може правилно да се организира учењето, организаторот, односно воспитувачот потребно е да ги познава најзначајните компоненти на методиката на организацијата на учењето во ученичкиот дом.

Веќе рековме дека тоа завзема значајно место, често и централно меѓу останатите воспитно-образовни задачи и активности, па токму од тука произлегува и констатацијата дека реализацијата на оваа задача е една од причините за постоењето на ученичките домови.

Кога зборуваме за учењето во ученичкиот дом, мислиме на два вида активности на учење и тоа: учење што се органи-

зира за извршување и задоволување на училишните обврски, и учење што ги задоволува интересите и афинитетите на учениците за проширување на своите знаења.

За да го организираат едниот и другиот вид на учење, ученичкиот дом треба да обезбеди и соодветни материјални и просторни услови. Работното место и работната клима со целокупниот амбиент што го опкружува ученикот, има мошне големо значење за создавање на интерес и афинитет кон работата и учењето, Простори за работа, со постојани работни места треба да пружат одредена топлина слична на родителскиот дом.

Намештајот, опремата, редот во работните простории, тишината и слично, треба да бидат така организирани да ги привлекуваат учениците, да ја поттикнува нивната волја за учење и ја развива љубовта кон книгата, работата и учењето.

Ако ученичкиот дом не е во можност да ги обезбеди минималните простории и материјални услови треба однапред да се знае дека интересот и волјата за учење се намалува, а со тоа ќе се отежни и целокупната организација во учењето.

Покрај споменатите материјални и просторни услови, нужно е секој ученички дом да располага со библиотека во која што учениците можат да најдат се што им е потребно: учебници, лектири, современа белетристика, филозофски, политички и уметнички публикации што ќе им помогнат во совладувањето на училишното градиво и во проширување на општата култура.

- Во процесот на организацијата на учењето во ученичките домови, како и при конституирањето на методиката на оваа дејност не треба да се заборави дека најпрво треба да се проучат условите, предностите и недостатоците, можностите

и тешкотиите на кои наидуваат учениците во заедничкото живеење во домот.

Учењето на учениците во ученичките домови се организира по воспитни групи, а тоа значи дека во воспитната група има ученици од различни возрасти, од различни училишни центри,со различен степен на развиеност на работни навики за учење, како и со различно ниво на интелектуална развиеност и социјално поведение. Ваквиот хетерогенен состав на учениците има свој одраз во организацијата на учењето, односно создава определени предности од едно и значителни тешкотии од друга страна.

Осветлувањето на оваа особеност и нејзиното респектирање во концепирањето на организацијата и примената на формите и методите на учењето, неговото индивидуализирање и сл. претставува суштествена компонента во развивањето на теоријата и практиката на овој вид дејност.

Учењето во услови на ученичките домови се одликуваат и со тоа што тоа претставува продолжување на работата на учениците од училиштата, што значи, дека задачите и насоките во учењето, ги определуваат предметните наставници во училиштето, додека воспитачите добиваат информации за успехот и напредувањето на учениците после подолг временски период. Имајќи ја во предвид оваа особеност на организацијата на учењето во домот, лесно може да се уочи дека работата на воспитувачот во овој процес е доста сложена и одговорна. Својата улога воспитачот ја реализира со надворешно наметнување и контролирање на содоветен режим за учење на учениците, односно има само улога на контролор. Од друга страна, оваа особеност потпишува иницијатива, често наполно засновани, воспитувачот да превземе суштински интервенции во учењето на поедини ученици, кои го доведуваат воспитувачот во колизија со наставникот и неговиот стил на работа.

Организацијата на учењето во ученичките домови поседува уште една особеност која се состои од посебноста на односите што се изградуваат помеѓу воспитачите и учени - ците - домци. Овие односи се разликуваат од односите помеѓу настанниците и учениците, од една, и родителите и младите од друга страна.

Меѓу воспитачите и воспитаниците не постојат односи на взаемна работа, соработка во реализирање на наставните задачи, систем на испитување и оценување со значајни последици какви што среќаваме во односите помеѓу наставни - ците и учениците.

Од друга страна тие ја немаат непосредноста, интимноста спонтаноста и пред се нагласената емотивност со што се карактеризираат во нормални ситуации, односите помеѓу родителите и децата.

Во оваа светлина е потребно да се анализираат сообеностите на овие односи и нивниот одраз врз организацијата и ефикасноста на учењето во условите на ученичките домови. Засновано е да се предпостави дека ставот на учениците домци во учењето, нивната отвореност, степен на прифаќање или одбивање, влијанијата на воспитувачите се условени, покрај другото, од природата наодносите што се изградуваат помеѓу воспитувачите и учениците-домци. Придонесот на воспитувачот во учењето на ученикот е редовно поврзан со тоа колку тој успева вистински да комуницира со ученикот и да изгради односи на меѓусебна доверба и меѓусебно респектирање.

Организацијата на учењето во услови на ученички дом во многу зависи и од кадровската екипираност на стручните и педагошките кадри. Во колку екипираноста на кадрите е на повисоко ниво, односно се застапени стручните и педагошки

кадри, во тој случај може да се очекува на повисок степен на организираност во учењето, а со тоа и постигнување на подобар успех во учењето.

За таа цел ученичките домови се должни да ги почитуваат основните кадровски нормативи, односно да вработуваат или ангажираат воспитувачи и други стручни соработници, во зависност од насоките и видовите на училиштата кои учениците ги посетуваат. Педагошко-психолошката помош во организацијата на ученикот е обврска за секој воспитувач, поготово за педагог, или психолог, додека стручната помош останува грижа на воспитувачите и стручните соработници кои поседуваат соодветно образование.

Целосно задоволување на кадровската екипираност во ниеден ученички дом не е можно, тоа бара многу финансиски средства, но затоа пак, можно е истото да се постигне со ангажирање на надворешни соработници од училиштата, месните заедници и општествено-политичките организации, кои пак од своја страна ќе се ангажираат во процесот на организацијата на учењето и совладување и проширување на училишното градиво.

Организаторите на учењето,односно воспитувачите воучeничките домови треба и мора да знаат дека организацијата научењето во ученичките домови за еден добар дел од учениците се одбива во услови на адаптирање на младите во нова животна средина. Ученикот доживува големи промени кога од основното преминува во средното училиште, поготово ако при тоа мора да го напушти своето радно место, семејството, пријателите и да биде сместен во еден од ученичките домови.

Тој понекогаш тагува, пати и мисли на своите родители, другари и пријатели, бавно и тажно се адаптира на новите

услови, барања и задолженија. Во новата средина за него се е ново, нови другари, задолженија, воспитувачи. Не ретко освен емотивни и социјализациони потешкотии се јавуваат проблеми и на планот на учењето. Некои од нив се навикнати родителите да им го организираат работниот ден, да учат во посебна просторија, со музика или слично. Во ученичкиот дом постои друг режим на живот, работа и учење.

Учењето се организира по воспитни групи. Започнува и завршува во точно определено време, условите во многу се разликуваат од оние во семејството.

Во ученичкиот дом, доаѓаат ученици од различно социјално, економско и културно ниво, доаѓаат од различна општествена и културна средина, носат со себе вкоренети навики за работа и учење, за начинот на живеење и поведение.

Новата градска: урбана средина, со ослободување од родителската средина и контрола, носи и редица потенцијални опасности: скитање и запознавање со новата средина и атрактивностите што тоа им ги нуди, безделчење и губење на корисното време, можностите да се сретнат со разни групи; врсници и постари, со негативно и девијантно поведение. Во тие први моменти многумина ученици што емоционално биле повеќе врзани за родителите или други членови на семеј - ството, чувствуваат осаменост, копнеат за родителскиот дом и родниот крај; чуствуваат независност, несигурност и страв. Поради тоа настануваат социјални, конфликти со новата средина. Периодот за адаптирање може да трае подолго време, времето одминува, лекциите се натрупуваат, што често предизвикува кризни состојби, губење доверба во сопствените сили и можности, разочарување, па дури и психолошки трауми.

Според тоа, изградувањето на културата на учењето на учениците во ученичкиот дом треба да започне веднаш по

пристигнувањето на учениците во домот, организирано и плански.

Правилно и организирано прифаќање и помош во адаптирањето на новата средина представуваат основни предуслови за натамошната работа. Топол, пријателски и другарски пристап кон учениците е едно од основните педагошки барања во стартот. Потоа, треба да се следи запознавање на ученичката личност со неговата семејна средина, со успехот што го носи пред доаѓањето во домот, со атмосверата и начинот на работата и учењето, карактерните особини и навики и сл. Тоа се нужни предпоставки за изградување на одредена педагошка стратегија и тактика за одредување и проценување на средствата, методите и облиците на работа и учење.

Ваквата особеност на организацијата, на учењето во ученичкиот дом може да биде пропратено со позитивни и негативни појави и последици. Во ваков случај доаѓа до израз користењето на помошта на понапредниот и понадарениот ученик; меѓусебното стимулирање; шансата да се манифестира својата вредност пред другарите; различното влијание на јавното мислење, групните норми, стандарди што го поставуваат одделните групи ученици и друго.

Сите овие фактори и можности добиваат разновидна насоченост, во зависност од тоа дали доминираат ниските стандарди и амбиции, дали своето потврдување го бараат во периферни дејности или пак во учењето и постигнувањето на позабележителни резултати.

Во таа смисла е значајно да се извлечат соодветни заклучоци релевантни за пристапот и основните активности, на воспитувачот во организирањето на учењето на учениците.

При организацијата на учењето во домот, треба да се има во предвид уште една особеност, а тоа е дека учењето се одвива во услови што се создаваат со можноста ученичкиот дом најтесно да соработува со училиштето каде заеднички реализираат одделни активности насочени за подобрување на учењето на учениците. Значи, соработката со училиштето треба и мора да се свати како посебен белег на организацијата на учењето кој влијае врз подобрувањето на успехот на учениците. За успешна интервенција во процесот на учењето, ученичкиот дом, односно воспитувачите постојано треба да бидат во тек со ученичките-училишни задачи и обврски. Во таа смисла нужно е познавањето на наставните програми, познавањето на општите барања, норми, правила и други регулативи на училиштето, како и барањата на секој наставник за начинот на неговата работа, критериумот на оценувањето и слично, а сето тоа може да се постигне кога наставникот и воспитувачот ќе се однесуваат како два рамноправни партнери и фактори чии што ставови и мислења, забелешки и критики взаемно ќе се респектираат. Таа соработка треба да биде креативна, интимна и отворена, зошто само така може да се помогне на учениците во постигнувањето на подобар успех.

"Овие и други услови и особености на учењето на воспитаниците во домовите придонесуваат (1) организацијата на учењето да претставува сложена динамичка и повеќе факторална дејност; (2) улогата на воспитувачот и домот во целина да добива во својата одговорност и суптилност; (3) воспитувачот да се соочува со бројни тешкотии и дилеми; (4) да се зголемува или смалува силата на влијанието на воспитувачот; во спротивност со очекувањата и предвидувањата и др."[10].

---

10. Програмске основе одгојног рада у домовима ученика, Вјесник, Загреб, 1981, бр.1-2, стр.2 и 3.

Поаѓајќи од природата на учењето, како и од особеностите што се создаваат во ученичките домови, во организацијата на учењето доаѓаат до израз неколку значајни белези и активности.

Еден од тие белези на организацијата на учењето е создавање на стимулативна средина и атмосвера за учење. Создавајќи таква средина и атмосфера за учење, доаѓа до поттикнување и мобилизирање на учениците за учење, како и до будење на љубопитноста и желбата за совладување на училишното градиво.

Друг белег на организацијата на учењето во услови на ученичкиот дом представува максималната флексибилност на формите и постапките на работата. Што всушност представува максималната флексибилност во формите и методите на работа?

Таа всушност представува познавање на соодносот помеѓу одделните форми на работа и особеностите на задачите што ги реализираат учениците и познавање на индивидуалните особености на учениците и применување на развиен и континуиран систем на следење на нивното напредување и формирање како личности.

Во изборот на примената на одделните форми на методи на работа во процесот на учењето одлучуваат повеке критериуми и тоа:

а) Карактерот на училишните обврски-учење на нов материјал, анализа на лектира, пишување на писмен состав, повторување на изучен материјал;

б) Од специфичноста на задачите, како што се способноста за пишување, докажување, решавање на проблеми примена

на знаењата во практиката и друго.

в) Посебниот стил на работата на ученикот-домец, неговите формирани навики, нивото на интелектуалната развиеност и слично.

Зборувајќи за формите и методите на учењето, не можеме, а да не нагласиме дека во процесот на учењето во ученичкиот дом се применуваат разновидни форми и методи на учење. Но едно е сигурно дека вниманието на организаторите на учењето, односно воспитачите треба да биде свртено кон сложените облици на учењето, што се карактеристични за училишното учење, како што се учење на моторните дејствија, вербално учење и учење во вид на решавање на проблемите, при што исто така треба да се имаат предвид индивидуалните и социјалните облици на учењето.

Овој податок зборува дека организацијата на учењето во услови на ученички дом не е ни малку лесна и едноставна активност, а уште помалку е лесно да се биде во улога на организатор на учењето, односно во улога на воспитувач.

Совладувањето на одредени вештини и формирање на навики најлесно се учат со примена на учењето на моторните дејства, додека вербалното учење најширока примена наоѓа при учењето на лекциите за кои што е карактеристично учењето на разновидни податоци, учење на историски податоци, мајчиниот и стански јазик, тоа се сознанија кои треба и мора да ги знаат организаторите на учењето, и не само да ги знаат, туку тие треба истите и да ги применуваат во совладување на училишното градиво и домашни задачи.

Формата на учењето во вид на решавањето на проблемите претставува една од продуктивните и највисока форма на учењето, па спрема тоа треба да најде почеста примена во учењето во условите на ученичките домови.

При решавањето на проблемите се врши активирање на психичките функции, учениковата личност се ангажира во совладувањето на одделни психички напори што го следат ваквиот начин на учењето, а во совладувањето на напорите јакнат функциите на волјата, ученикот се здобива со навики за совладување и решавање на одделни проблеми, па спрема тоа познавајќи ги предностите на ваквата форма на учење, воспитувачот во секојдневната организација на учењето треба и мора да ја применува оваа форма на учење. Тој треба и мора да знае дека знаењата здобиени по ваков начин се поатрактивни, па сигурно и полесно се запомнуваат, и имаат потрајна вредност.

Ништо помала не е и улогата на примената на методите на учењето во процесот на совладување и проширување на училишното градиво, односно во процесот на организацијата на учењето, Која и како ќе биде применета некоја од методите на учењето, не зависи само од видот на материјалот кој се учи, туку нејзината примена во многу ќе зависи и од стилот на учењето на ученикот, од неговите способности, навики, особини и особености, а тоа пак останува грижа на воспитувачот кој покрај другото треба да ги предвиди и методите на учењето и истите ги внесе и програмира во целокупната организација на учењето.

Учењето во ученичкиот дом може да се организира индивидуално и групно - колективно. Дали еден ученик ќе се определи за индивидуално учење или ќе се определи да пристапи кон некоја група, зависи не само од личноста на ученикот, од неговиот карактер, од условите за работа, од степенот на социјализацијата и степенот за комуницирање со други ученици, туку тоа во многу зависи и од организаторот на учењето, односно од воспитувачот.

Едно е сигурно дека социјалните форми на учењето имаат несомнени предности над индивидуалните, па затоа во ученичките домови нив треба да ги подржуваме и да ги форсираме.

Организаторот треба и мора да знае дека учењето во група има своја посебна динамика, посебна креативност, дека во групата се расправа, дискутира, доаѓа до судрување на мислења по одделни проблеми и прашања кои пак од своја страна ги активира ученичките психички функции-мислењата, помнењето, фантазијата, говорот делува на емоционалната свера на ученикот и слично.

Групите се формираат по правило спонтано, како парови, тројки или четворки. Во ученичките домови формирањето на групи треба да се насочува, тие можат и намерно да се структуираат, можат да бидат постојани и повремени.Кога се формираат спонтано, обично до израз доаѓаат сличностите на карактерот, темпераментот, меѓусебниот афинитет и пријателството, возраста, а во домовите и регионалната припадност.

Што се однесува до големината на групата, праксата покажува дека тројката е најпогодна форма, таква група еподинамична и поатрактивна од двојките. Според една анкета на Меѓународното биро за воспитување, во поголемиот број на земјите установена е практиката учениците да се соединуваат во групи кои што варираат од 2-15 члена.

Двојките имаат помал и образовен и воспитен ефект. зашто во нив секој од учениците е само во присуство на својот партнер, тој го гледа само него и тоа не му овозможува да достата до поимот колективност.

Покрај тоа се смета "дека групата од три члена им нуди на учениците основа за разумна дискусија и користење на

третиот како арбитер што наполно е познато за двајцата. Доколку е основна цел на воспитанието со колективниот труд да се елиминира, заземање на претерано субјективниот став, тогаш ориентацијата на педагозите да ги групира учениците во тројки, има несомнени предности од групирањето во двојките"[10].

Предностите на учењето по групи доаѓа до израз особено во процесот на преслушувањето. Учењето по групи не само што бара повторување на материјалот пред другите членови од групата, туку тоа бара и максимално ангажирање од секој член во групата, а тоа пак од своја страна значи дека неговото напредување во успехот директно или индиректно се следи и насочува. Умешноста на еден воспитувач се состои токму во тоа , намерно да структуира групи во кој ќе вклучува ученици со послабо развиени навики за учење, ученици кои покажуваат послаб успех од другите ученици, ученици кои своето внимание не можат подолго време да го концентрираат на една активност. На таков начин не само што ги обврзува да учат, туку на непосреден начин ги контролира и го следи напредувањето во учењето и успехот во училиштето.

За успешно учење, организацијата на учењето на учениците во ученичките домови укажува и на други моменти кои воспитувачите не треба да ги губат од предвид. Тие во текот на учењето на ново градиво, како и при утврдувањето и повторувањето на научениот материјал учениците треба да ги упатуваат и навикнуваат да прават забелешки,изводи, концепти и слично, за она што е поважно, главно и основно во лекцијата и за она што потешко се учи и запомнува.

---

10) ВЕРНЕР ДУСТЕНБЕРГ - Школски рад по групама, Београд 1959, стр. 101 и 102.

"Правењето на изводи прегледи, всушност представува еден вид активно повторување и генерализација на наученоста, со што постапно ги воведуваме учениците од усвоените знаења да формираат систем на знаења, а што е од капитално значење, не само за успехот во текот на школувањето, туку и за перманентното образование и самообразование воопшто"[11].

Многу важен момент во организацијата на учењето во услови на ученичкиот дом е упатувањето на учениците во текот на учењето да се служат со инструменти, графикони, скици и слично, како и да пронаоѓаат основни мисли и централни проблеми на градивото во учебникот.

Учениците треба да се упатуваат и како се користи библиографијата, литературата и другите извори.

Физиолошките услови представуваат уште еден момент во успешното учење, па затоа воспитувачот треба да укажува дека не треба да учат веднаш по ручекот, или во кревет или после некој физички замор и слично.

Организаторот треба да укажува и на тоа дека навечер се учат потешки материјали, а наутро да се врши повторување или дека активниот однос на ученикот на час е многу битен и важен за побрзо усвојување на наставниот материјал.

За воведување на учениците во методите и формите и оспособување за успешно учење, потребна е единствена акција на сите воспитувачи, односно не целиот педагошки тим во ученичкиот дом, за да можат да се изградуваат единствени

---

11) Др. Стојкович Андрија, Како ћеш постићи успех у школи. Београд, 1956.

теоретски ставови како би можеле да се постигнат позитивни ефекти во непосредната практика.

Организацијата на учењето која има за цел совладување на училишното градиво, опфаќа и некои основни барања од областа на педагогијата. Времето наменето за совладување на училишното градиво и училишните задачи мора да биде определено со куќниот ред на домот, во тоа време не можат да се одвиваат други активности. Во времето наменето за учење во кое учествуваат сите ученици, потребно е да се обезбеди време и простор за помали групи.

Организацијата на учењето не би била потполна кога би се изоставила контролата од страна на воспитувачот, напротив учењето и совладувањето на училишните задачи, како и анализата на резултатите од учењето, се постигнуваат со директен увид и контрола во процесот на учењето и во настојувањето за развивање на мотивација за постигнување на подобар успех.

Со оглед на фактот што учењето има социјален, а не биолошки карактер, врз неговото мотивирање, релевантна улога имаат социјалните мотиви. Тоа не може да се поткрепи со биолошки мотиви како што е наградата со храна, казнување со гладување или со физичко казнување, како што тоа може дасе поткрепи кај животните. Главни социјални мотиви се: стремеж за афирмација, љубопитност, доминација, стремеж за постигнување на подобар успех, стремеж за испитување и докажување и слично. Зборувајќи за мотивизацијата како начин за постигнување на подобри резулати во учењето, начините за мотивирање на учениците во учењето мора да нагласиме дека истите се делат на надворешни и внатрешни. Надворешните начини на мотивирање: пофалбите, наградата, натпреварот, казната и друго, се временски оддалечени од самиот тек на учењето. Тие можат да се јават

пред учењето, по него или во текот на учењето и да не се совпаѓаат со почетокот на актот на учењето или да имаат друга динамика.

За разлика од надворешните, внатрешните начини на мотивирање се составни моменти на самиот процес на учењето и временски и содржински. Тие извираат од субјективната ситуација или состојба и сознание за потребата за учење, тие се свесно создадени мотиви и потреби што ја насочуваат психичката и физичката енергија на субјектот кои извршувањето на училишните задачи.

Ученикот во овој случај учи од личен интерес, учењето му причинува задоволство, лична среќа, се радува кога учи, самиот се определил за учење, не му требаат надворешни начини на мотивирање.

"Очигледно внатрешно мотивираните ученици имаат предност на надворешните мотиви и тоа не само во поглед на интелектуалното усвојување, туку во вкупното доживување. Ученици кои се мотивирани со примарни (внатрешни) мотиви, поинтензивно работат поради што имаат и поинтензивни задоволства од остварените резултати"[12).]

Зборувајќи за начините на мотивирање на учениците во учењето во ученичките домови, потребно е да ја нагласиме улогата на организаторите на учењето, односно воспитачите во трансформирањето на надворешните мотиви во внатрешни. Иако овие два вида на мотиви се спротивни, сепак може да се каже дека ваквата трансформација е можна.

---

12) Петровски, Б. Начин и форми на мотивирање на учениците во ученичките домови,предавања одржани на семинарот за воспитачите од ученичките домови во СРМ, 1976, Охрид.

Можна е пред определени услови, односно од начинот и квалитетот на воспитното влијание врз субјектот од страна на воспитувачот. Установено е дека педагошкото начело - активноста на субјектот постепено прераснува во самоактивност, работата во саморабота, контрола во самоконтрола, што важи и за надворешниот начин на мотивирање да се трансформираат во внатрешни или примарни мотиви или во самомотивирање. Надворешните мотиви во почетокот доаѓаат од страна на воспитувачот, на истите ако правилно се изведени и ако се почитуваат индивидуалните сосо - бини на ученикот, добиваат карактер на елементи на самомотивираност. И оваа активност не е едноставно и лесна работа.

Начините на мотивирањето на учениците во учењето се бројни. Кои од овие мотиви ќе се одберат зависи од големиот број фактори, а најчесто од карактерот на ученикот и од конкретната ситуација.

Правило е учениците од почетните класови и оние на кои живеењето во домовите им е прва година да се мотивираат почесто. Тие имаат тешкотии во адаптирањето на нови социјални услови во Домот, на новиот начин на живеење и ритам. Помошта и поткрепата во вакви случаи треба да го најдат своето место, во спротивно поради тешкотиите во адаптирањето ученикот ќе чувствува тешкотии и во учењето. Па поради тоа ученичкиот дом како стручна организација треба да им помогне на учениците тие успешно да ги совладаат почетните тешкотии со правилна мотивација. По завршувањето на првата година би требало кај учениците да се развие поголем смисол за самомотивирање. Не постои универзален рецепт за мотивирање на учениците. Воспитувачот со следење на карактерот на ученикот и другите индивидуални особини, треба да пронајде такви мотиви што ќе го поттикнат ученикот на учење.

Кај некои е неопходна пофалба, наградата, признанието, кај некои казната, опомената, критиката. Но најдобро е ако воспитувачот успее да ги разбуди внатрешните мотиви за учење, ученикот сам да доаѓа до сознание дека треба да учи и дека е тоа во негов личен интерес. Почетните мотивирања на некој начин треба да бидат почетни импулси и правилни насоки, почетни барања за себе си и запознавање на себеси, правилно организирање на психичката енергија, предизвикување на чувство на задоволства и радост од постигнатиот успех. Мотивирањето би било успешно, правилно водено и засновано на педагошки сознанија, доколку се успеало надворешните импулси да се трансформираат во внатрешни. Не треба да се очекуваат спектакуларни резултати одеднаш, за кратко време.

Треба да се исчекува и трпеливо да се настојува додека не се добијат позитивни резултати. Нема лоши и мрзливи ученици, има само слабо воспитани и слабо мотивирани ученици, ученици што имаат внатрешни тешкотии и проблеми. Мотивизацијата и мотивите треба да помогнат на учениците да ги совладат своите тешкотии.

Колку успешно ќе го организираме учењето во услови на ученичкиот дом, покрај другото ќе зависи и од непосредната помош на учениците во учењето и изградување на културата на учењето. Непосредната помош на организаторите на учењето се состои главно во непосредната интервенција и контакти помеѓу воспитувачите и секој ученик одделно. Обемот, начинот и облиците на таа помош, зависат од особеностите на секој ученик, неговите способности, работните навики, личните квалитети на волјата, карактерот, мотивираноста, и амбициите за постигнување на поставените цели и идеали.

Ќе се задржиме на некои поважни моменти од непосредната помош на учениците во учењето:

- Пред се, учениците треба да се навикнуваат на планска и организирана работа, а тоа значи дека треба јасно да ги согледат своите обврски, да се навикнуваат на разумно користење на расположивото време, реално да ја проценуваат секоја обврска, обемот, тежината и потребната техника за совладување на задачите, одредување на евентуално резервно време, како би се избегнале конфликтните ситуации и нервозното исполнување на обврските. При тоа е нужно да ги навикнуваме учениците на концепирање, однапред да мислат на лекцијата и задачите, оноа што се учи по секоја цена и да се научи. На ученикот треба да му се укажува на потребата од елиминирање на се она што може да го деконцентрира. Така на пример на масата не треба да има ништо што е излишно, како што се дневните весници, илустрациите, слики и слично, што макар за момент може да го одвлече неговото внимание.

Познато е дека доста ученици отпочнуваат бавно и тешко да работат, тешко се загреваат, изнаоѓаат разни причини оправдувања и пред себе и пред воспитувачот. Навиката кај такви ученици треба веднаш по уочувањето да се одстрани, зашто истата може целиот живот да го прати.

- Темпото на учење исто така има свое значење за постигнување на позитивни резултати во учењето. Учениците треба да ги навикнуваме, да го дистрибуираат времето, да се навикнуваат на одреден ритам на работа, да се научат како треба да се однесуваат спрема заморот, кога и како да ги прават паузите, колку тие да траат и така натаму.

Непосредната помош научениците во учењето од страна на воспитувачот се состои  и од препорачување на менувањето

на наставните предмети во текот на учењето, зашто подолго учење на еден предмет може да предизвика здодевност, презаситеност, монотонија и слично, кои можат да се одразат и врз концепцијата и врз ефектите на учењето.

Од изнесеното може да се увиди дека непосредната помош од страна на воспитувачот не смее да се изостави во целокупната организација на учењето, туку напротив таа треба да постане постојана грижа и обврска на секој воспитувач. Ефектите од непосредната помош во учењето најлесно можат да се согледаат во намалувањето на времето наменето за учење. Во почетокот ученикот губи многу време и како што рековме тешко се загрева, но како што одминува времето, и колку повеќе воспитувачот ги запознава своите ученици, својата непосредна помош во учењето ја насочува и планира во процесот на организацијата на учењето, во толку повеќе го намалува времето наменето за учење.

На поголем број ученици, во почетокот од престојот во домот, планираното време за таканареченото обавезно учење не е доволно, тие остануваат да учат и надвор од планираното време. Анулирајќи ги согледаните слабости и недостатоци во приодот и организацијата на учењето, воспитувачот со својата непосредна помош, не само што го намалува времето за учење, туку учењето го прави поинтересно, порационално и поприфатливо.

Организацијата на учењето во ученичкиот дом не може да се замисли без следење, поттикнувањето и контролата на напредувањето на учениците во учењето. Успехот на учениците во учењето во домот треба постојано да се следи од воспитувачот, преку директен увид во извршувањето на задачите од нивна страна, преку наблудување на учениците, како се манифестира нивниот интерес, активноста и ангажираноста, како и преку увид на постигнатиот успех во

училиштето и преку разговор со предметните наставници и класните раководители.

"Следењето не смее да се сведе само на инвентарирање на постигнатите резултати во учењето на ученикот и да се претвори во цел само за себе. Тоа е само едно средство, еден начин што овозможува дисциплинирана и планска интервенција во акцелирањето и интензивирањето на психичките потенцијали во процесот на учењето, односно да послужи како сигнал дека треба да се превземаат соодветни акции со цел да се санира и да се подобри една определена состојба кај ученикот на планот на неговиот успех или да послужи како орнамент за дијагноза на една состојба или за изнаоѓање на факторите и причините што ја условуваат определената состојба на ученикот - позитивна или негативна"[13].

Следењето и контролата на успехот на учениците треба да биде постојана, планирана и континуирана активност на воспитувачот, што во едно произлегува и од неговите работи и работни задачи систематизирани со правилникот за систематизација на работните задачи.

Посебно следење и контрола на успехот треба да имаат учениците кои се послаби со успехот, како и кои покажуваат помал интерес во совладувањето на училишното градиво. Без следење и контрола на успехот на учениците, воспитувачот не е во состојба да го насочува подобрувањето на школскиот успех и да превзема соодветни акции за неговото подобрување. Посетата на училиштето и разговорот со предметните наставници и класниот раководител, сами по себе не се доволна гаранција за подобрување на успехот

13) Петровски Бранко. Можности и специфичности на интелектуалното воспитување во ученичките домови, предавање на семинарот за воспитувачите од ученичките домови на СРМ, ОХРИД, 1979 год.

на учениците, туку треба полна соработка и разговори со учениците и нивните родители. Следењето и контролата на успехот на учениците треба да биде заедничка грижа и на воспитувачите и на родителите. Обостраниот интерес е сигурна гаранција за постигнување на подобар успех во учењето. Причина за подобрување на успехот на поедини ученици претставува и анализата на успехот што се врши по завршувањето на секој класификационен период - тромесечијата, полугодието и годишниот успех.

Од досега изнесеното јасно се гледа дека главната улога во организацијата на учењето на учениците од ученичките домови ја има воспитувачот, па затоа се наметнува потребата од дефинирање на неговата улога. Во дефинирањето на улогата на воспитувачот, во организацијата на учењето потребно е да се издвојат неколку позначајни насоки на неговото дејствување.

1. Во делувањето на воспитувачот на планот на учењето особено место и значење добиваат проучувањето и следењето на напредокот и успехот на секој ученик посебно. Тој не може да ја остварува својата улога во учењето без усогласување на својата дејност со индивидуалноста на учениците, без анализирање на одделните аспекти на личноста на ученикот.

   Според тоа, ученичките домови и воспитувачите мораат да обезбедат вистинска и континуирана дејност на проучување, следење и регистрирање на напредокот на учениците.

2. Воспитувачот својата улога ја остварува и со тоа што пружа директна помош на учениците во учењето, која се состои во унапредувањето на начините, методите и тех-

никите на учењето на учениците, во анализирањето и помагањето, учењето да се рационализира, учениците да се воведуваат во културата на самостојна работа и слично.

3. Кога воспитувачот својата улога ја остварува и на тој начин што во центарот на неговото внимание е групата на воспитаниците односно нејзините ставови и стандарди во однос на учењето.

## 3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДОМСКИОТ ЖИВОТ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО СМИСЛА НА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА НА ЛИЧНОСТА НА УЧЕНИКОТ

Човекот се раѓа со огромни можности за развиток, но без изградени форми на однесувањето. Тој при раѓањето и по него, не само што е немоќен и беспомошен, туку е и без никакви знаења, навики, вештини, без култура, без морал и морални принципи. Потребен е дол и интензивен процес на социјално учење за да може човекот да стекне знаење, вештини, самостојно да живее и дејствува, да научи да соработува со луѓето и да учествува во општествениот живот, за да може да ги усвои тековините на цивилизацијата и културата, со други зборови да постане хуманизирано, социјализирано и културно битие.

Другиот и посложен процес на учење преку кој човекот учи за живот и општествено важни и неопходни облици на однесување и за формирање на личноста го нарекуваме социјализација. Едно е сигурно дека социјализацијата секогаш е и конформирање, бидејќи општеството на различни начини настојува, поединецот да ги усвои формите кои таа ги смета за важни за одржување на општеството и неговото функ.

ционирање, но социјализацијата истовремено е и трансформирање на човековата единка од биолошко суштество во социјализовано суштество и неговото формирање како личност кој ги има особините заеднички со сите луѓе, заеднички со членовите на општеството, чии поединец е член и на своите лични карактеристики.

Во процесот на социјализацијата првенствено значење имаат родителите и семејството. Многу стручњаци во согласност со Фројд, сметаат дека "детето е татко на човекот", бидејќи од тоа какви се односите и влијанијата во првите години од животот во семејството, зависи каков ќе биде човекот во текот на целиот свој живот.

Не оспорувајќи го значењето на родителите и семејството, многу автори децес оправдано тврдат дека покрај родителите има и други личности и институции од кои зависи процесот на социјализацијата.

Спрема нив семејството не е последен и самостоен извор на социјализацијата. И самото е резултат на одредени општествени односи и одредена култура и средина, агенс, со кое општеството се служи при формирањето на нови генерации.

Едно од многу значајните средства или агенси на социјализацијата на личноста на ученикот е и училиштето.

Во училиштето учениците стекнуваат знаење, вештини и навики важни за функциите кои ќе ги извршуваат во општеството. Во него плански и систематски се всадуваат ставови, норми и вредности - се стекнуваат во одредено-општествено сакани облици на социјално поведение.

Во период на школувањето, семејството и училиштето не се единствени и главни фактори на социјализацијата на личноста. На патот помеѓу семејството се наоѓа уште една многу значајна установа низ која поминува само еден дел од младината, а тоа е ученичкиот дом.

Ученичкиот дом претставува специфична воспитна организација која во многу нешто се доближува и до семејството и до училиштето, но сепак не е ни едното и другото.

Семејството како фактор за воспитување и социјализација на личноста на ученикот е недоместив и не заменлив, но ако некој ја има таа привилегија барем малку да се доближи до него и истото го замени, тоа секако е ученичкиот дом. Само тој може да биде втор дом на ученикот кој се школува надвор од своето место на живеење, каде покрај обезбедувањето на сместување и исхрана, се обезбедуваат услови за учење, воспитување и изградување на личност со одреден систем на вредности - патриотизам, општествено ангажирање, одговорност, дисциплинираност и колективизам.

За разлика од училишниот колектив или други детски и училишни установи, домскиот колектив, и како целина и како групи, има доста хетероген состав.

Во него има поголеми и помали ученици, едните во него поминале неколку години, додека другите токму што се одвоиле од своето семејство и основното училиште, во кое поминале цели осум години. Ним им предстои адаптирање и на новата училишна средина и на средината во домот. Тоа се доста крупни промени во животот на овие млади луѓе, што во исто време претставува доста сложен и комплициран проблем и за општеството и за социјализацијата на младата ученичка личност.

Процесот на адаптирањето и социјализацијата на младата личност во ученичкиот дом е далеку потежок и посложен од процесот на социјализацијата во училиштето.

Во домот ученикот се сретнува со утврден систем и режим на живот и работа, со диференцирани и јасни барања, за разлика од семејството или некоја друга социјална група. Прагот на толеранцијата во односите и поведението во оваа средина далеку е понизок од прагот на толеранцијата во семејството. Од сопствено искуство знаеме дека процесот на адаптирањето во новата средина е доста тежок, па понекогаш и драматичен. Затоа прифаќањето на учениците во ученичкиот дом бара посебен педагошки третман, педагошка вештина, сврзани со предпазливост, трпение, систематичност и постапност во воведувањето и навикнувањето на новата средина и новиот колектив. При тоа мора да се има во предвид и фактот дека учениците што бараат сместување во ученичкиот дом, доаѓаат од различни региони, по правило од различни места, оддалечени од поголемите центри, од неразвиена средина, со разлики во нивото на личноста и општа хигиена, различни навики на личната и општа хигиена, различни навики во начинот на живеењето, облекувањето, спиењето, учењето и т.н.

Тие исто така доаѓаат со извесни морални сфаќања и погледи на светот што се формираат под влијание на средината од каде доаѓаат.

Несомнено дека ученичкиот дом со својата организација, живот и работа, има вонредно значење за целокупниот развиток на младата личност, па во таа смисла и за општественото и моралното воспитување и формирање на личноста.

Со целокупната организација ученичкиот дом претставува организирана социјална средина и со стапувањето во неа,

особено со стапувањето во помала социјална група како што е воспитната група, ученикот станува нејзин член, со тоа започнува процесот на социјализација на младата личност на повисоко ниво. Постепено личноста почнува да се адаптира на новата средина, се идентифицира со неа и ги прифаќа нормите, правилата и начинот на живеењето и односите во неа; своите интереси и желби ги усогласува и ги подредува на интересите на групата.

Процесот на социјализацијата не е само процес на прилагодување и адаптирање, туку и процес на учење во смисла на социјалното односно општественото и моралното поведение. Па според тоа, нивото и интензитетот на социјализацијата на личноста на ученикот зависи од новото и степенот на организираност научeничкиот дом, како и од образовно-воспитната структура и интелектуалното ниво.

Ако ги прифатиме овие основни карактеристики, тогаш ќе можеме да заклучиме дека ученичкиот дом по својата воспитно-образована и општествена функција представува извонредно значајна средина за организирана и усмерена социјализација на младата личност, во дотолку повеќе е значајно ако се земе предвид и фактот дека се работи за учениците што се наоѓаат во периодот на интензивното зреење и развивање, како во физичка така и во психичка смисла.

Според функцијата и задачите што треба да ги остварува ученичкиот дом има и некои свои специфичности. Пред се на одредена категорија ученици, што по сила на околностите имаат потреба за сместување во домот, ученичкиот дом треба да им го замени семејството.

Од друга страна, по својата образовна функција и образовните задачи , ученичкиот дом тесно е поврзан и со училиштето и неговите задачи. Од овие основни функции на

ученичкиот дом треба да се тргнува при определувањето и конкретизирањето на задачите на ученичкиот дом, при изградувањето на мерилата и нормите на живеење и при програмирањето на целокупната работа во домот.

Како и во секоја друга воспитна установа, програмата за работа е нужен услов за систематска и организирана работа во ученичкиот дом, па спрема тоа и процесот на социјализацијата, бара свое планирање и програмирање на содржините преку кои ученичкиот дом треба да ја изврши социјализацијата на личноста на ученикот.

За таа цел потребно е планирање и програмирање на општественото и моралното воспитување.

Моралот е битен чинител на социјализацијата, хуманизацијата и персонализацијата на личноста. Тој овозможува човекот, општествените односи да ги изградува спрема своите човечки потреби, да ги развива своите креативни сили, да ги афирмира човековите вредности и да обезбедува услови за посодржаен сегмент и иден среќен живот. Како организирана средина со целокупната организација на животот и работата ученичкиот дом претставува мошне поволна средина за реализација на содржините од општественото и моралното воспитание.

## 4. ДОСЕГАШНИ СОЗНАНИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА УЧЕЊЕТО И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО СРЕДНОШКОЛСКИТЕ УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ

Од досега искажаното можеме да заклучиме дека организацијата на учењето на учениците е и останува исклучително значајна задача на средношкосликите ученички домови.

Реализирањето на оваа задача, меѓутоа е сложена и одговорна дејност која што представува соодветна педагошко психолошка култура на учениците-домци, теоретско конституирање и применување на научно заснована методика на организацијата на учењето во домовите, испитување на ефикасноста на одделни форми и методи на работа, дефинирање на основните насоки во дејствувањето на воспитувачите, создавање на стимулативна атмосфера во нашите средношколски ученички домови и друго.

Положбата во врска со развојот на методиката на организацијата на учењето во условите на средношколските ученички домови, меѓутоа не е задоволувачко и не ги задоволува посуптилните барања на воспитно-образовната практика. Немаме основа да говориме за постоењето на развиена, констатирана методика на учењето на учениците-домци во домовите. Причините се бројни и од различна природа.

Прво, се уште имаме, елементарна, неразвиена воспитно-образовна практика во нашите домови кој би можеле да се опишува, анализира и воопштува. Елементарноста во практиката на домовите не врши забележителни притисок врз развојот на теоријата и истражувачката дејност.

Второ, ограничен е бројот на досегашните истражувања во оваа област. Ретки се научните сознанија што биле предмет на поегзактна верификација во практиката во нашите ученички домови. Многу сознанија за оваа сложена и суптилна дејност се изведени по дедуктивен пат од општите теории и истражувања на другите воспитно образовни и научни дисциплини. Затоа повеќе се движиме во доменот на експликацијата на општите принципи и теории, а помалку во откривањето и осветлувањето на конкретните внатрешни законитости во оваа дејност. Се добива впечаток дека воспитно-образовната практика на ученичките домови во

светот и кај нас била на периферијата на педагошките и психолошките истражувања.

Овие и слични други причини придонесуваат денес да имаме повеќе прашања одколку одговори, повеќе дилеми одколку расчистени становишта и сознанија за разновидните аспекти на теоријата и практиката во ученичките домови. Од друга страна, бројни традиционални претстави и концепции за организацијата на учењето во современите услови на ученичките домови ги напуштаме и ја негираме нивната заснованост и се соочуваме со задачата да изградиме и афирмираме нови и научно-верифицирани претстави и сознанија. Во таа смисла на пример различни се претставите и очекувањата за улогата на ученичкиот дом во однос на учењето на учениците-домци, различно се вреднуваат одделните форми и методи, различно се обликува и вреднува просторната средина и атмосвера во домот и слично.

Анализирајќи ги досегашните сознанија во организацијата на учењето и нејзиното влијание врз успехот на учениците во ученичките домови, лесно може да се констатира дека во поголем број од домовите е присутна традиционалната концепција на организацијата на учењето, кое е сведено на така нареченото обавезно занимање, кое започнува во исто време.

Се обавува во посебни простории во зависност од материјалната положба на домот, некаде секоја воспитна група има своја просторија за учење, а некаде тоа се обавува во за сите ученици една единствена просторија.

Организацијата на учењето во поголем број од домовите е доверена на одговорните воспитачи на воспитните групи, а некаде тоа е обврска на дежурниот воспитувач.

Присуството на часовите за учење, се евидентира секојдневно во дневникот за евиденција на часовите за учење.

Порано тоа се чинело едноставно, присуството се евидентирало со плус, а одсуството со минус. Денес тоа се чини малку поинаку, присуството на ученикот на часовите за учење се евидентира како активно или пасивно однесување.

Активниот или пасивниот однос на ученикот за време на часовите за учење го бележи секојдневно воспитувачот врз основа на однапред утврдени критериуми.

Користејќи ја повеќе годишната пракса во ученичките домови имавме прилика поодблизу да го следиме процесот на организацијата на учењето и нејзиното влијание врз успехот на учениците, па од тука и некои наши сознанија.

Користејќи ја документацијата за евиденција на учениците на часовите за учење, доаѓаме до сознание дека учениците кои во евиденцијата имаат активен однос кон учењето покажуваат и подобар успех во училиштето.

Активен однос кон учењето е забележан кај учениците од постарите класови, како и учениците кои на крајот од учебната година покажуваат многу добар и одличен успех. За одбележување е и сознанието дека кај учениците кои во текот на првото полугодие имале пасивен однос кон учењето на крајот од првото полугодие покажале послаб успех. Токму ваквото сознание бара и поголема непосредна помош во учењето од страна на воспитувачот. Укажувајќи на тоа како треба да се учи, како се планира учењето, како треба да му се пријде на учењето и како истото се организира, на крајот од учебната година поголем број од тие ученици, не само што го подобриле својот успех, туку еден дел од нив покажале и одличен успех.

За илустрација на тоа го наведуваме примерот зауспехот на учениците во ученичкиот дом "Здравко Цветковски" во учебната 1987/88 година, на крајот од првото полугодие и годишниот успех.

| ПРВО ПОЛУГОДИЕ | | | ГОДИШЕН УСПЕХ | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Успех | Бр.на ученици | Процен | Успех | Бр.на ученици | Процент |
| Одлични | 63 | 16,32% | Одличен | 105 | 27,20% |
| Мн.добри | 96 | 24,88% | Мн.добри | 139 | 36,02% |
| Добри | 81 | 20,98% | Добри | 66 | 17,10% |
| Доволни | 17 | 4,41% | Доволни | 6 | 1,55% |
| Со 1 слаба | 59 | 15,28% | Со 2 слаби | 24 | 6,22% |
| Со 2 слаби | 41 | 10,62% | Со 2 слаби | 29 | 7,51% |
| Со 3 слаби и повеќе | 29 | 7,51% | Со 3 слаби и повеќе | 17 | 4,40% |
| Вк.ученици | 386 | 100,0% | Вк.ученици | 386 | 100,0% |

Посебно е интересен податокот за успехот на учениците од првата година кои за прв пат живееле во домот.

Од вкупно 117 ученици на крајот од првото полугодие и учебната година го покажаа следниот успех:

| ПРВО ПОЛУГОДИЕ<br>Успех | Бр.на ученици | Процент | Год. успех | Процент |
|---|---|---|---|---|
| Одлични | 24 | 20,51% | 42 | 35,90% |
| Многу добри | 30 | 25,64% | 48 | 41,03% |
| Добри | 22 | 18,80% | 14 | 11,97% |
| Доволни | 4 | 3,42% | - | - |
| Со 1 слаба | 16 | 13,68% | 6 | 5,13% |
| Со 2 слаби | 12 | 10,26% | 2 | 1,71% |
| Со 3 и повеќе | 7 | 7,69% | 5 | 4,27% |
| Вкупно ученици од I година | 117 | 100,0% | 117 | 100,0% |

При подеталната анализа на евиденцијата водена за време на часовите за учење, во текот на I-то полугодие од учебната 1987/88 година, од вкупно 117 ученици сигурно едната половина од нив имаа евидентирано пасивен однос во текот на учењето, додека во текот на второто полугодие, благодарејќи на воспитувачите и организацијата на учењето, соодносот на активноста и пасивноста во процесот на учењето позитивно се менуваше во полза на активноста во процесот на учењето.

Анализата покажа дека кај еден дел од учениците од прва година кои во текот на првото полугодие од учебната 1987/88 година, пасивниот однос кон учењето не е последица од незаинтересираноста и недоволно развиените работни навики, туку напротив тие тоа неможеа да го прифатат, бидејќи пред доаѓањето во домот, нивното учење го организирале родителите, учеле во поинакви услови и поинакви простории.

Улогата на родителите во ваквите случаеви беше превземена од организаторите на учењето, односно од воспитувачите, нивниот пасивен однос кон учењето не само што беше заменет со активно и самостојно и самоиницијативно учење, туку истите на крајот од учебната година покажаа успех каков што го имаа пред доаѓањето во домот (види во вториот табеларен преглед).

Општо познато е сознанието дека една од значајните улоги на ученичкиот дом е инструктивната улога на домот-помагање на учениците во учењето и со создавање на поволни услови за сместување и инструктивна помош од страна на воспитачите. Со ова инструктивно-организациона улога, ученичкиот дом во голема мера може да влијае на зголемувањето на образовните резултати на ученикот во домот. "Познато е дека процентот на преодноста кај учениците кои се сместени во домот од 15-30 одсто е поголем од процентот кај

учениците кои живеат приватно"[14).

Како поткрепа на ваквото сознание нека послужи табеларниот преглед изведен од следењето на успехот на две воспитни групи од 80 ученици кои во учебната 1972/73 година живееле во домот и исто толку ученици кои се сместени во приватно сместување, од исто училиште.

| Ученици што живееле во уч.дом. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | Ученици што живееле во прив.смест. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I година | 20 | 5 | 8 | 4 | 1 | 2 | I година | 20 | 3 | 5 | 7 | 2 | 3 |
| II год. | 20 | 7 | 10 | 2 | - | 1 | II год. | 20 | 6 | 8 | 2 | 2 | 2 |
| III год. | 20 | 4 | 7 | 5 | 2 | 2 | III год. | 20 | 3 | 3 | 6 | 5 | 3 |
| IV год. | 20 | 9 | 6 | 4 | 1 | - | IV год. | 20 | 5 | 3 | 8 | 4 | - |
| ВКУПНО: | 80 | 25 | 31 | 15 | 4 | 5 | ВКУПНО: | 80 | 15 | 19 | 24 | 13 | 8 |

Објаснување:

1 - број на ученици
2 - одлични
3 - многу добри
4. - добри
5 - доволни
6 - недоволни

Очигледно табеларниот преглед сам посебе говори дека учениците кои живеат во ученичкиот дом, на крајот од учебната 1972/73 година покажале подобар успех од учениците кои живеат во приватно сместување. Таквиот резултат секако се должи на организираниот живот на учениците во ученичкиот дом, организацијата на учењето и континуираното следење на успехот на учениците.

14) Воспитни рад у домовима, прилози домској педагогији, Београд, 1973 година.

## 5. ЗНАЧЕЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во светот и кај нас се поизразено станува настојувањето, организацијата на воспитно-образованта работа да се постави на научни основи.

Тоа подеднакво важи за воспитно-образовниот процес во рамките на училиштето и за воспитување и образование во целина, без разлика на местото и начинот на делувањето. Воспитно-образовната работа во ученичките домови, во тој поглед, не претставува никаков исклучок.

Потребата за истражувањето во ученичките домови е поттикнување со фактот што воспитно-образовната работа во уче - ничките домови има свои специфичности, кои пак од своја страна се условени од заедничкиот живот на големи групи на учениците во установа која во многу нешто треба да го замени или делимично да ја надокнади топлината на родителскиот дом, што со голем напор може да се постигне. Втората специфичност на животот и работата во ученичките домови,која заслужува внимание од страна на истражувачот, е фактот дека започнатиот процес на учењето и воспитувањето секојдневно се прекинува во училиштето и се пренесува на ученичкиот дом, при што тој треба да одржи неопходен континуитет на работа, наспроти промената на местото на живеење и другите услови на работа.

Ова истражување има повеќеструко значење кое може на повеќе начини да влијае позитивно за остварување на воспитно-образовната цел и задачи во условите на ученичките домови.

Неговото значење може да се согледа и преку тоа што тоа ќе ни овозможи проучување и запознавање на некои специфични законитости на образовно-воспитната работа во ученичките домови,посебно во процесот на организацијата на учењето.

Значењето на ова истражување може да се согледа и преку тоа што тоа ќе ни овозможи непрекидно следење на процесот на организацијата на учењето во условите на ученичките домови, проучување на ефикасните воспитни мерки, постапки, методи, и техники во процесот на учењето, како и утврдување на оптималните услови и стандарди не само во организацијата на учењето, туку и на целокупната организација на животот и работата во ученичките домови.

Значењето на ова истражување може да се согледа и преку тоа што тоа ќе ни овозможи изградување на систем на организација на животот и работата, како и систем за организација на процесот на учењето, кој најдобро ќе одговара на потребите на ученикот, на неговите интереси и можности, како и на општествено-педагошките цели.

Неговото значење може да се согледа и преку тоа што ќе ни овозможи проучување и анализирање на елементите и факторите на процесот на организацијата на учењето, врз чија основа ќе проектираме соодветни воспитни мерки, постапки, техники и методи со кои ќе ги подобриме работните навики кај учениците и нивниот успех во училиштето.

Набројувајќи ги значајните елементи на ова истражување, не може а да не се согледа неговото значење во поглед на активирањето и вклучувањето на воспитниот персонал, за кое покрај другото потребно е да се освежат нивните знаења со новите достигнувања во педагогијата и дидактиката кои успешно можат да се применат во процесот на организацијата на учењето, а тоа само по себе доволно говори дека на воспитниот персонал во домот му е потребен извесен степен на теоретска работа во рамките на својата струка.

Со тоа и воспитниот персонал може да биде учесник во истражувањето, а не само организатор на истражувањето, што е негова првостепена должност.

Организацијата на учењето и неговото влијание врз успехот на учениците, дава повеќе можности за подобрување на успехот на учениците во училиштето, но значењето на ова истражување треба и мора да го согледаме и во изнаоѓањето на најоптималните и најрационалните начини и форми на успешното учење, со кое ќе ги утврдиме или отфрлиме ставовите и нормите донесени по некое сопствено уверување или врз основа на стручно-педагошка литература, но проверени во изменети услови.

Непобитното значење на ова истражување треба да го согледаме и во тоа што неговите резултати ќе останат основа за понатамошните истражувања од оваа област, ќе дадат можности за нови истражувања, а дотогаш ќе се користат сознанијата што ќе ги утврди ова истражување.

На крајот не може, а да не го истакнеме значењето на ова истражување што тоа ќе постане неопходност во воспитната работа чија главна задача се гледа во реализирањето на воспитните цели и во доприносот за оптимален сестран развој на личноста на ученикот, како и во верификацијата на педагошките постапки и мерки, во осмислувањето во праксата и подигнувањето на секојдневното сознание на степен на научно сознание.

## III. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Поаѓајќи од истакнатиот предмет на истражувањето и неговите димензии, целта на нашето истражување е да утврдиме колку наведената организација на учењето во ученичките домови има влијание врз подобрувањето на успехот на учениците во училиштето.

### 1. ВАРИЈАБИЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во нашето истражување опфатени се две варијабили, независна варијабила - Организацијата на учењето во ученичките домови и зависна варијабила - Успехот на учениците во училиштето.

### 1.1. ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧЕЊЕТО ВО УЧЕНИЧКИТЕ ДОМОВИ

Зборувајќи за организацијата на учењето во ученичките домови, како независна варијабла во нашето истражување, неопходно е да истакнеме дека учењето во ученичките домови се организира во воспитни групи, по пат на задолжителни часови за учење, часови наменети за учење на училишното градиво.

Задолжителните часови се предвидени со програмата за воспитно-образовна работа на ученичките домови, поточно со нормативите за дневната и седмичната артикулација на работата и одморот на учениците во домот, со која се предвидува три часовно задолжително учење и еден саат за учење по слободен избор, односно вкупно 20 часови седмично.

Учењето во ученичките домови се реализира по пат на инди - видуално учење, групно во помали групи, учење во парови, ко-

лективно и во форма на давање на индивидуална помош од страна на воспитувачот и други надворешни стручни соработници.

Дали ученикот ќе се определи за индивидуално учење или ќе пристапи кон некоја група, зависи од личноста на самиот ученик, од неговиот карактер, од условите за работа, од степенот на социјализацијата и способноста за комуницирање до други ученици, од готовноста да се вклучи во социјалната група и да се прилагоди на нормите и обврските што егзистираат во секоја, па и во најмала социјална група.

Индивидуалната форма на учење е една од најзастапените форми на учење во ученичките домови, што е и сосема разбирливо, имајќи ги во предвид материјалните, просторните и кадровските услови од една страна, и хетегорениот состав на учениците во ученичкиот дом и воспитната група од друга страна.

Други аргументи за застапеноста на оваа форма на учење се:

1. Психолошки-помеѓу учениците постои голема разлика по степенот на општата надареност и ритамот на работата.

2. Економски-образовен потенцијал на надарените ученици или заостанувањето на учениците во учењето.

Индивидуалното учење не се состои во тоа да задаваме индивидуални задачи за сите ученици, туку во одбирање материјал за секој поединец кој нему му одговара. Таква работа не е цел за себе, туку средство, кое мора да се употреби заедно со другите средства, за да се осигура нормален развој на ученикот. Само индивидуалната работа може да води сметка за разликата во интелегенцијата помеѓу учениците од ист клас, за разлика во склоностите кај една иста лич-

чност, за нејзиниот работен ритам и варијациите во неа, за нејзините афектни реакции, за степенот на замарање, за сите лични фактори кои се јавуваат во нејзините активности. Таквата работа кај учениците развива моќ на концентрација, воља, умствен напор.

"Индивидуалната работа може да се јави во различни фази на наставниот процес. Во прв ред може да се користи при утврдувањето, примената, дополнувањето и увежбувањето. Меѓутоа, својот најголем домен го добива тогаш кога учениците самостојно обработуваат наставни содржини. Индивидуалната форма на работа треба да ја вклучуваме во наставниот процес со останатите форми на работа, бидејќи на тој начин ќе сеовозможи поуспешно постигнување на воспитно-образовните задачи на наставата".[15)]

Друга форма на работа во учењето на учениците во ученичките домови е учењето во групи. Учењето во групи има своја посебна динамика, посебна креативност, па и атрактивност. Во групата се расправа, дискутира, доаѓа до судрување на мислења по одделни проблеми и прашања, се бараат разновидни патишта во решавањето на некој проблем, а во некои фази од учењето се распор-дуваат задачите помеѓу членовите во групата, па токму затоа треба да настојуваме оваа форма на учење :да биде почесто присутна во секојдневната организација на учењето во нашите ученички домови.

Групите се формираат по правило спонтано, како парови, тројки или четворки,и ако се установи дека ваквата форма на учење дава подобри резултати, што ме1у другото е и цел на нашето истражување, во ученичките домови формирањето на групи треба да се насочува или намерно да се стимулира.

---

15)( Шимлеша П., Педагогија, Педагошко книжевни збор, Загреб, страна 320.

Кога се формираат спонтано, обично до израз доаѓаат сличностите на карактерот и темпераментот, меѓусебниот афинитет и пријателството, возраста, регионалната припадност и сл.

Понатаму интересно е да се следи успехот на учениците во групите од аспект на големина на групата, дали бројот на членовите има влијание врз успехот на учениците или тоа во општо не е значајно.

Групната работа во учењето на учениците од ученичките домови има особена вредност и соодветни изгледи за успехот на учениците.

"Аргументи во корист на групната организација на работа:
1. Психолошки-социјабилност и социјална адаптација,
2. Социјолошки-заедничка форма на работа во современиот живот кој е важен самоуправен општествен модел,
3. Работно-технички-групната работа одговара на современата организација на работа"[16)]

Ако во социјалната форма на групата сакаме да го искористиме сето она што тоа во себе го крие во педагошко-дидактичка смисла, оправдано е групното учење да зазема значајно место во процесот на стекнувањето на знаењата.

В.ШВАЈЦЕР-за "карактеризацијата на групната работа ги воведува овие значајности:

1. Самостојна активност на ученикот при решавањето на образовните задачи во непосреден контакт се објектите на проучување;

---

16) Швајцер В. Прирачник за постдипломско оспособљавање, Ф И П, Ријека, 1972,стр.32.

2. Искористување на социјалната динамика на ученичките групи, како вистински носител на образовниот процес- и со тоа динамика условувана од модификацијата на индивидуалното менталнооднесување на членовите на групата во образовни и воспитни цели;

3. Корелативен однос на групната работа со индивидуалната и колективна работа на класната заедница, кој се очитува, од една страна, во искористувањето, унапредувањето и модифицирањето на индивидуалните можности на членовите на групата со помош на внатрешната диференцијација на работата во групата, и од друга страна, во вклучување на работата на групата како органско-составен дел во активноста на класната заедница како целина;

4. Плански карактер на работата со диференцијацијата и интерација на работата спрема современите работно-технички барања"[17].

Организација на учењето со оглед на степенот на организирање.

## 1.2. ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧЕЊЕТО СО ОГЛЕД НА СТЕПЕНОТ НА ОРГАНИЗИРАЊЕТО

Со оглед на степенот на организирањето, организацијата на учењето во ученичките домови, во зависност од материјално-кадровските и просторните услови, можеме да ја сретнеме во следните степени:

а) Висок степен на организираност,

17) ШВАЈЦЕР В. Група како субјект образовања, Матица Хрватска, Загреб, 1964, стр.27.

б) Среден степен на организираност,
в) Елементарен (минимален степен на организираност.

Нагласувајќи ги степените на организираност на учењето во ученичките домови, всушност меѓу другото сакаме да утврдиме дали и колку овие степени на организираност влијаат или не влијаат врз подобрувањето на успехот на учениците во училиштето.

Високиот степен на организираност го дефинираме како поим кој ги опфаќа сите форми на учење кои се организираат за време на задолжителните часови-индивидуалното учење, учење во групи, колективно учење, учење во парови и давање на индивидуална помош од страна на воспитувачите и други надворешно-стручни соработници.

Средниот степен на организираност означува степен во кој се опфатени две до три форми на учење во процесот на организацијата на учењето, додека елементарниот (минималниот степен на организираност е најденоставен начин на учење, кога сепримeнува само една форма на работа).

Втората варијабла од предметот на нашето истражување претставува успехот на учениците постигнат во училиштето, така наречена зависна варијабла.

Велиме зависно поради тоа што зависи од првата варијабла, од независноста - организацијата научењето во ученичките домови, а тоа значи дека успехот на учениците, односно училишниот успех директно зависи од организацијата на учењето во услови на ученичките домови.

Покрај организирањето на повеќе форми на учење, ученичките домови должни се да ги следат резултатите од учењето, односно да го следат и евидентираат успехот на учениците

што го постигнуваат во училиштето.

Следењето на успехот на учениците во ученичките домови го вршат воспитувачите со непосреден увид на постигнатиот школски успех, успехот се следи во текот на целата учебна година, односно во сите класификациони периоди.

Во дневникот за воспитната работа, во рубриката за следење на успехот на учениците, покрај евидентирање на успехот постигнат во текот на класификациони периоди, се евидентира успехот на секој ученик од предходната учебна година,односно ланскиот успех. Со посета на училиштата - разговорите со предметните наставници и класниот раководител, воспитувачот-еднаш месечно или повеќе пати, ако за тоа има потреба врши увид на постигнатиот успех во училиштето.

Следењетоне смее да се сведе само на инвентирање на постигнатите резултати во учењето на ученикот и да се претвори во цел само за себе. Тоа е само едно средство, еден начин што овозможува дисциплинирана и планска интервенција во акцелирањето и интензивирањето на психичките потенцијали во процесот на учењето, односно да послужи како сигнал дека треба да се превземат соодветни акции, со целда се санира и да се подобри една определена состојба кај ученикот на планот на неговиот успех или да послужи како аргумент за дијагноза на една состојба или за изнаоѓање на факторите и причините, што ја условуваат определената состојба на ученикот-позитивна или негативна.

Контролата на успехот е поконсеквентна за оние ученици кои се послаби во учењето, кои покажуваат помал интерес, кои не се трудољубиви, чии интерес е насочен кон други дејности, чија воља не е постојана. Тоа може да биде привидна и стварна и да продолжи во таков интензитет се додека не се забележат знаци на позитивно менување.

Контролата на ваква ситуација се менува со оглед на тоа што учениците дошле до самосознание за потребите од редовното извршување на училишните задачи.

Значајно место меѓу факторите за постигнување и подобрување на успехот на учениците во учењето зазема мотивирањето, потикнувањето на учениците за работа.

Интензитетот на работната активност не е еднаков кај сите ученици во различни временски интервали. Особено големи осцилации во тензијата на интелектуалната активност имаат емотивните состојби што се предизвикани од неостварените аспирации во успехот, како и од нарушената равнотежа во однос на стремежот за афирмација на сопствената личност. Дефицит од мотиви за учење може да има кај секој ученик. Педагошко-психолошката служба треба постојано да изнаоѓа методи, средства и форми за предизвикување нови мотиви за учење на учениците. Тоа би биле пофалбите (индивидуални и колективни) организирање натпревари во учењето (индивидуални, колективни), разни видови признанија и слично.

## IV. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во врска со истакнатата цел, задачите на нашето истражување ќе бидат:

1. Да се утврди дали учениците кои ја планираат својата работа и учење постигнуваат подобри резултати во учењето.

2. Да се утврди дали припремата за учење влијае или не влијае врз успехот на учениците во училиштето.

3. Да се утврди дали и колку работните навики влијаат врз постигнувањето на подобри резултати на учениците во процесот на учењето.

4. Да се утврди дали рационалната организација на учењето влијае врз постигнувањето на подобар успех во учењето.

5. Да се утврди дали усвојувањето на соодветните форми и методи на учењето и творечкиот пристап кон него, влијаат или не влијаат врз постигнувањето на подобри резултати на учениците во учењето.

6. Да се утврди дали примената на индивидуалниот и колективниот приод кон учењето имаат влијание врз подобрувањето на успехот на учениците во училиштето.

7. Да се утврди дали соработката со училиштето и родителите овозможува поцелосно и континуирано следење на успехот на учениците и постигнување на подобар успех во училиштето.

8. Да се утврди дали опремата на домот наменета за учење влијае или не влијае врз постигнување на подобар успех во учењето.

9. Да се утврди дали и колку насочувањето на студирањето влијае врз стимулирањето на учениците за постигнување на подобри резултати во учењето.

10. Да се утврди дали организацијата на учењето во услови на ученичкиот дом има или нема значајна разлика во влијанието на успехот на учениците, во споредба соученичките.

## V. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 1. Општа хипотеза:

Се предпоставува дека организацијата на учењето во услови на средношколските ученички домови има значајно влијание врз подобрувањето на успехот на учениците во училиштето.

### 2. Посебни хипотези на истражувањето:

1. Се предпоставува дека учениците кои ја планираат својата работа, односно учење, постигнуваат подобри резултати во учењето.

2. Се предпоставува дека припремата за учење влијае врз постигнувањето на подобри резултати во процесот на учењето.

3. Се претпоставува дека работните навики имаат значајно влијание врз постигнувањето на подобар успех на учениците во училиштето.

4. Се предпоставува дека рационалната организација на учењето има значајно влијание врз постигнувањетона подобар успех во учењето.

5. Се предпоставува дека усвојувањето на соодветните методи и форми на учењето и творечкиот пристап кон него, допринесуваат учениците во училиштето да постигнат подобри резултати во учењето.

6. Се предпоставува дека индивидуалниот и колективниот пристап кон учењето, немаат никакво значајно влијание

врз подобрувањето на успехот на учениците во училиштето.

7. Се предпоставува дека соработката на ученичкиот дом со училиштето и родителите на учениците овозможува поцелосно и континуирано следење на успехот на учениците и постигнување на подобар успех во училиштето.

8. Се предпоставува дека опременоста на домот и условите за учење имаат големо влијание врз постигнувањето на подобар успех на учениците во училиштето.

9. Се предпоставува дека насочувањето на учениците за студирање влијае врз стимулирањето за постигнување на подобри резултати во учењето.

10. Се предпоставува дека организацијата на учењето во услови на ученичкиот дом иема значајна разлика во влијанието на успехот на учениците, во споредба со ученичките.

# VI. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Методи на истражувањето

Во ова истражување го користевме дескриптивно-аналитичкиот метод и варијанта на експликативно-компаративниот метод.

Определбата за овие методи произлегуваат од предметот, целта, задачите и хипотезите на истражувањето.

## 2. Техники на истражувањето

Во текот на нашето истражување користени се следните техники на истражување: анкетирање, систематско набљудување и анализа на педагошката документација.

## 3. Инструменти на истражувањето

Во истражувањето беа користени следните инструменти: анкетен лист за испитување на структурата на учењето-наменет за учениците, анкетен лист наменет за организаторите на учењето, односно за воспитувачите, протокол за организација на учењето во услови на ученички дом, и дневникот за евиденција на часовите за учење и успехот на учениците во училиштето.

а) Анкетниот лист за учениците содржи 21 прашање, во кои се внесени фактори кои по наше мислење значајно влијаат на систематската работа, а со тоа во едно и овозможуваат и постигнување на подобри резултати во учењето. Тие фактори (Ф) се следните:

Ф1: Планирање на работата при усвојувањето на знаењата во училиштето;

Ф2: Припрема за учење како елемент на успешноста;

Ф3: Стекнување на работни навики;

Ф4: Усвојување на соодветни методи на учење и творечки пристап кон учењето;

Ф5: Усмерување на студии како стимулс за учење;

Сите овие елементи сочинуваат една целина и одсуството на било кој фактор може да го намали успехот.

б) Анкетниот лист за воспитувачите содржи елементи кои се неопходни во организацијата на учењето во домот за да постигнат позитивни резултати. Тоа се:

1. Познавање на индивидуалните особини на учениците,
2. Контрола на редовната посета на наставата,
3. Контрола на редовноста на присуствувањето на организираното обавезно учење.
4. Потребата од организирањето на дополнителна работа за учениците кои постигнуваат послаби резултати во училиштето,
5. Оспособувањето на учениците за самостојна работа и користење на помошна литература, што ја намалува потребата од контролата на воспитувачот над учениците кои стекнале самостојност во работата, сведувајќи ја таа контрола на минимална мерка, а во едно да ги потикнува учениците на самоиницијатива и да ги оспособува за давање на помош на оние уче-ици на кои таква помош им е потребна.
6. Индивидуална помош на учениците од страна на воспитувачите.
7. Соработката на воспитувачот со училиштето и семејството на ученикот.

8. Организација на такмичењето како мотивиционен и стимулативен елемент во процесот на учењето, и

9. Стимулирање на учениците за постигнување на подобар успех.

Анкетниот лист за воспитувачите покрај другото има рубрика за внесување на посебни проблеми во организацијата на учењето во домот со желба да се запознаеме со факторите кои се појавуваат како кочница во работата, за да можеме истите да ги отклониме и да постигнеме подобри резултати во учењето.

Познавањето на општественото лице на ученикот, неговиот однос спрема себе и другите, чувството за должност и одговорност, упорност или тврдоглавост, реагирање на неуспехот, волјата за работа, специјалните способности на ученикот, навиките и интересите, за воспитувачот не се помалку важни од познавањето на успехот на учениците. Познавањето на индивидуалните особини на учениците не е опфатено во нашето испитување, бидејќи тоа е предпоставка на секоја активност на воспитувачот во домот, па така и во организацијата на учењето.

Тоа е долготраен процес во кој воспитувачот сознава се за учениците.

- За интелегенцијата на учениците т.е. за способностите за снаоѓање пред нови и непознати проблеми;

- За помнењето, т.е. за способноста за задржување на порано стекнатите содржини што е од големо значење за ученикот;

- За способноста на вербалното изразување;

- За тоа дали ученикот е интровертен или екстравертен, осетлив на критика и примедби од другите, или отворен и спретен во прилагодување на разни социјални структури;

- За самосигурноста како особина која е потребна за да не дојде до чуство на инфериорност (помала вредност);

- За самокритичноста како значајна особина која го вклучува ставот на учениците спрема сопствените поставки;

- За марливоста на учениците, што е од битна важност во секоја работа па и во учењето;

- За упорноста на учениците, особено во спремноста за соработка бидејки таа црта е значајна за работа на поединецот во групата.

Сите овие и други особини на учениците, воспитувачот мора да ги познава за да може да го анализира успехот на секој ученик и за да може правилно да го организира учењето во воспитната група, и да им овозможи помош на поедини ученици на кои им е потребна.

## VII. ПОПУЛАЦИЈАТА И ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Популацијата ја сочинуваат учениците и ученичките од следните ученички домови. Ученичкиот дом "Здравко Цветковски" - средношколски дом "Томе Стефановски-Семиќ" и Ученичкиот дом при МУЦ "Др. Панче Караѓозов" - сите од Скопје, како и ученичкиот дом "Лазар Лазаревски" - од Титов Велес, и ученичкиот дом "Проф. Михалковиќ" од Куманово. Во учебната 1988/89 година во наведените ученички домови беа сместени околу 1.400 ученици од кои 1.330 беа анкетирани.

Со испитувањето беа опфатени ученици од I до IV година.

Изборот на примерокот е репрезентативен. Се определивме за прост или случаен примерок, добиен по пат на извлекување. Во истражувањето беа опфатени 266 воспитаници 20% од популацијата.

## VIII. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ЕМПИРИСКИТЕ ПОДАТОЦИ

Во текот на истражувањето употребивме два анкетни листови, едниот беше наменет за учениците од анкетираните ученички домови, а другиот за воспитувачите, преку кои сакавме да дознаеме каков е односот на учениците спрема учењето, кои облици и методи на работа се присутни и како организираниот приод кон учењето во ученичките домови се рефлектира на постигнатите резултати во училиштето. При тоа веднаш мораме да напоменеме дека повеќегодишното следење и споредување на резултатите кои ги постигнуваат учениците сместени во ученичките домови, за разлика од оние кои не живеат во домовите, редовно покажуваат подобар успех за 15 - 30%. Понатаму, искуството покажува дека ни најдобриот наставник или воспитувач, сите наставни средства и објективните услови за работа не се доволни за успешно учење, ако ученикот не е поучен дека тој успех зависи и од сопствената работа.За потполн успех не е доволно само оноа што ученикот го слушнал и работел во училиштето и домот, туку потребно е добра организација на учењето и творечки пристап при стекнувањето на знаењата, како и самостојна и свесна активност, при што посебно место заземаат упатствата, методите и формите на учењето.

## 1. Планирање на работата при усвојувањето на знаењата

Една од задачите на нашето истражување беше да се утврди дали учениците кои ја планираат својата работа и учење постигнуваат подобри резултати во учењето.

Врз основа на поставената задача беше формулирана посебната хипотеза со која се предпоставува дека учениците кои ја планираат својата работа,односно своето учење, постигнуваат подобри резултати во учењето.

Пред да извршиме анализа и интерпретација на податоците добиени по пат на анкетниот лист ~~немаат~~ НАМЕНСТ за учениците, чувствуваме потреба да нагласиме дека планот претставува работен инструмент и помош за извршување на секојдневните потреби при усвојувањето на знаењата во процесот на учењето. Тој истовремено им служи на учениците како поттикнување за работа, кој создава и работни навики, ја подигнува работната дисциплина, развива навики за придржување кон планирањето и извршувањето на однапред планираните ученички активности, како во процесот на учењето, така и во останатите ученички активности.

Организаторите на учењето, во конкретниот случај воспитувачите во ученичките домови, целокупната организација на учењето во воспитната група треба да ја планираат врз основа на познавањето на учениците, посебно врз учениците кои подолго живеат, се хранат и учат во ученичкиот дом. Покрај индивидуалната работа воспитувачот и ученикот треба да ја планираат и работата во помали групи.

Воспитувачите во ученичките домови покрај другото постојано треба да објаснуваат на учениците дека потребата од планирањето на учењето е неминовна и како таква треба да биде присутна во секојдневното стекнување на нови знаења.

На учењето-стекнувањето на знаењата,како и со целокупно сознание со кое владееме, мораме да им пријдеме свесно и со цел, бидејќи од неговото поседување треба да почуствуваме и лично задоволство, а тоа значи дека не треба да се учи само за оценка, туку на знаењето треба да се гледа како на вредност, која ќе најде своја примена во секојдневниот-практичен живот на човекот.

Во врска со планирањето на работата,односно на учењето на учениците им беа поставени следните прашања:

1. Правиш ли план за работа?
2. Дали се придржуваш на својот план за работа и учење?
3. Составуваш ли однапред план како ќе го распоредиш своето време во текот на денот?

Од 266 ученици колку се опфатени во примерокот, со анкетирањето констатиравме дека:

- 164 ученици или 61% ја планираат својата работа, односно учењето и се придржуваат на својот план;

- 102 ученици или 39% не ја планираат својата работа-учење.

Првата група од 164 ученици кои ја планираат својата работа, на крајот на полугодието од учебната 1989/90 година беа оценети вака:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одличен успех----------------- | 20 | ученици | или | 12,2% |
| Многу добар успех------------- | 62 | ученици | или | 37,8% |
| Добар успех------------------- | 60 | ученици | или | 36,6% |
| Доволен успех----------------- | 12 | ученици | или | 7,3% |
| Недоволен успех--------------- | 10 | ученици | или | 6,1% |
| ВКУПНО: | 164 | ученици | или | 100 % |

Втората група од 102 ученици кои не ја планираат својата работа - учењето, на крајот од првото полугодие од учебната 1989/90 година беа оценети вака:

| | | |
|---|---|---|
| Одличен успех---------------------- | 4 ученици или | 3,9% |
| Многу добар успех------------------ | 16 ученици или | 15,7% |
| Добар успех------------------------ | 36 ученици или | 35,3% |
| Доволен успех---------------------- | 14 ученици или | 13,7% |
| Недоволен успех-------------------- | 32 ученици или | 31,4% |
| ВКУПНО: | 102 ученици или | 100 % |

Промисленото приоѓање кон учењето е важно за стекнување на работните навики, а мора да се согледува и како успех во совладувањето на наставното градиво во целина.

Се поставува прашањето дали дистрибуцијата на успехот во двете групи донекаде е подеднаква или на успехот на првата група влијае планирањето на работата, односно учењето.

Овде ќе се послужиме со $X^2$ квадратот.

| Оценки | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Фо | 20 | 64 | 60 | 12 | 10 | 164 |
| Фт | 11,2 | 39,4 | 68,2 | 39,4 | 11,2 | 164 |

| Фо - Фт | $(Фо - Фт)^2$ | $\frac{(Фо \,.\, Фт)^2}{Фт}$ |
|---|---|---|
| 8,8 | 77,4 | 6,8 |
| 22,6 | 718,24 | 17,8 |
| -2,8 | -7,84 | 1,2 |
| -27,4 | - 750,76 | 19,0 |
| -1,2 | -1,44 | 1,2 |

$X^2 = 46,0$

СС = Н - 1

СС = 5 - 1 = 4

Граничната вредност за 4 степени слобода е 9,43.

Овој наш $X^2$ е далеку поголем од граничната вредност на $X^2$ кој за 4 степени слобода (на разлика на значајноста од 5%) изнесува 9,49, па можеме да заклучиме дека ова дистри - буција на успехот не е случајна (ја отфрлуваме нулта хипотезата), туку тврдиме дека тоа е статистички значајно, т.е. дека на тој успех на учениците мора да влијае некој фактор, а тоа во нашиот случај е факторот на планирањето на работата кој допринесува за подобрување на успехот на учењето.

Спрема нашите податоци успехот на учениците во училиштето на крајот од првото полугодие од учебната 1989/90 година бил:

- 76,7% позитивно оценети
- 23,3% негативно оценети, што понатаму би изгледале вака:

| | | |
|---|---|---|
| - Одлични ученици-------------- | 24 ученици | или 9% |
| - Многу добри ученици---------- | 78 ученици | или 29,3% |
| - Добри ученици---------------- | 96 ученици | или 36,1% |
| - Доволни ученици-------------- | 26 ученици | или 9,8% |
| ВКУПНО: | 224 ученици | или 89,2% |
| - Недоволни ученици------------ | 42 ученици | или 15,8% |
| ВКУПНО: | 266 ученици | или100 % |

## 2. Припремата за учење како важен фактор за успехот во училиштето

Припремањето за учење бара предвидување на место, време, средства и услови под кои работата ќе се извршува. Без припремање нема самостојно и одговорно приоѓање кон работата, нема потемелен и активен однос спрема задачите кои ги наметнува школувањето.

Учениците ги навикнуваме редовно да доаѓаат на часовите за учење и тоа во определено време, а предходно спрема својот план да ги припремаат потребните средства за учење, книги, тетратки, прирачници, помошна литература, прибор за цртање и т.н. како би можеле творечки да му пријдат на учењето. Таа навика е потребна бидејќи заборавените ученици сметаат на другите во работата, излегуваат од училницата, позајмуваат прибор и со тоа го нарушуваат редот и ја пореметуваат работната атмосфера.

Во врска со припремањето на учениците за учење во анкетниот лист поставивме неколку прашања на кои ги добивме следните одговори:

Дали за учењето се припремаш секој ден, или тоа не го правиш?

- Да, одговорија 202 ученици или 75,9%
- Не, одговорија 64 ученици или 24,1%

Составуваш ли однапред план како ќе го распоредиш своето време во текот на денот?

- Да, одговорија 186 ученици или 69,9%
- Не, одговорија 80 ученици или 30,1%

- Дали дома учеше во одредено време?

- Да, одговорија 159 ученици или 62,2V
- Не, одговорија 107 ученици или 37,8%

Дали на местото за учење, освен она што учиш, чувач и други тетратки и потреби кои моментално не ги употребуваш?

- Да, одговорија 166 ученици или 62,4%
- Не, одговорија 100 ученици или 37,6%

Дали во училиштето го носиш целиот потребен прибор или го позајмуваш ако ти треба?

- Да, одговорија 103 ученика или 77,1%
- Не, одговорија 30 ученици или 22,6%

Спрема добиените резултати гледаме дека околу 70% од учениците се припремаат за учење, плански го распоредуваат своето време во текот на денот, го предвидуваат работното и слободното време и го усогласуваат со куќниот ред во Домот. Скоро поголемиот дел од учениците го имаат потребниот прибор за работа, но има и такви кои го заборааат да го понесат во училиште.

Имајќи го во предвид постигнатиот позитивен успех во училиштето (76,7%) доаѓаат до заклучок (како во предходното разгледување за планирање на учењето) дека добивме скоро идентични показатели.

Учениците кои се припремаат за учење во училиштето постигнуваат подобри резултати. На настојувањата на воспитувачите можат да им се препишат постигнатите резултати, бидејќи еден показател ни говори дека дури 47,4% од учениците дошле во домот кои дома не пристапувале кон учењето во исто време.

Останува на воспитачите да ги навикнат своите ученици да на работното место за учење ги држат своите неопходни книги и другите потреби, и да после учењето го уредат своето работно место и го посремат приборот, книгите и тетратките.

Освен тоа воспитувачите треба да ги навикнуваат учениците на создавање на потребни услови за работа, кај нив да развиваат култура на работата и така да формираат потребни карактерни особини кај младите луѓе, бидејќи така кај нив

ќе се развие правилен однос спрема извршувањето на поставените задачи кои денес или утре ќе им ги наметне животот.

Оваа работа воспитувачите нема успешно да ја извршат ако и самите не се припремат за работа во домот, бидејќи тие се повикани да со својата работа и стручно знаење и своите педагошко-психолошки искуства да придонесат за подобро организирање на учењето со цел да се оспособат младите за учествување во општествено-политичко-економскиотживот.

Љубовта и желбата да им се помогне на учениците, е секако еден од најважните фактори во успехот на учениците и на воспитувачите.

## 3. РАЗВИВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ НАВИКИ КАКО ФАКТОР НА УСПЕШНОСТА ВО УЧЕЊЕТО

Работните навики се битни и темелни карактеристики на социјалистичкото воспитување.Учениците кои не стекнале работни навики редовно не го завршуваат своето школување навреме, а покасно доживуваат неуспех на работното место. Без потребниот позитивен однос спрема работата тешко доаѓа до израз способноста на учениците.

Учењето, стекнувањето на знаењето, е основа на која се формираат работните навики, кои го оспособуваат човекот за поинтензивна и поефикасна идна работа. Затоа ученичкиот дом има за задача учениците да ги навикне на работа и учење,на темелност, стрпливост и одговорен однос спрема учењето и работата воопшто.

Логичното учење е важна работна навика. Учениците треба да се упатуваат во "тајните на учењето". Постојат индикации дека за тоа не се води доволно сметка во основното училиште,

па затоа учениците можат да доживеат драма во почетокот од средношколското образование кога се појавува статистички значајна разлика помеѓу успехот покажан во основното училиште и негативните оценки на повисокиот степен на образование.

И самите сме сведоци на такви кризи и послаб успех на учениците од првите класови на средните училишта кои живеат во ученичките домови. Свесни дека средното образование за младите претставува животно определување (било да се работи за непосредно вклучување, во производството или за продолжување на школувањето на високите школи и факултети), како воспитувачи, мораме да им помогнеме на младите во времето на нивниот, физички, интелектуален и општ развој во време кога нивната личност се наоѓа во најбурната фаза од формирањето.

Свесни сме дека успехот во учењето зависи:

- Од активноста на учениците во учењето, меѓутоа и од активноста на воспитувачите, кои заедно со учениците се во активен однос со содржините на учењето.

Воспитувачот мора и треба да ги поучува учениците како се усвојуваат знаењата и како стекнатите знаења можат да се задржат во помнењето и да ги поврзат со нови знаења и да ги применуваат во праксата.

Во нашата анкета има повеќе прашања кои се однесуваат на ова подрачје. Така следењето на наставната работа во училиштето од страна на учениците, по начинот на бележење на наставничкото предавање (прашање бр.7), укажува на тоа дали учениците имаат развиено логично мислење.

Има ученици кои изјавуваат дека механички запишуваат се што наставникот ќе го каже и тоа без размислување. Тоа пасивно бележење е присутно кај 46 ученици или 17,3%. Тие не го сваќаат битното во предавањето на наставникот, тие механички го запомнуваат и препродуцираат градивото, бидејќи не ја усвоиле методата на логичното учење. Треба да се рече дека недоволно развиеното логичко учење може да биде последица и на преобемното градиво и недоволно јасното толкување на наставникот.

Анкетата покажала дека 21,2% од учениците механички ги учат непознатите зборови т.е. настојуваат да ги запомнат и ако не го разбираат нивното значење. Уште повеќе се оние 32,4% на кои им е важно само да го запомнат градивото, само донекаде да се свати а не и правилно да го формулираат. Потребно е воспитувачите индивидуално да работат со такви ученици а уште подобри резултати можат да се постигнат во мали групи. Од наков член на групата се бара што повеќе да ги анализира сопствените начини на учење во најширока смисла, така на пример: степенот на свесноста, користењето на изворите, помошта на другите и од другите, начинот на реагирањето на одредени ситуации и слично.

## 4. РАЦИОНАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧЕЊЕТО

### 1. Внимание и учење

Може лесно да се предпостави дека некои ученици не учат логички поради тоа што внимателно не ја следат наставата.

Вниманието е насоченост на она што работиме, што учиме.

Секоја концентрација на вниманието бара одреден психички напор, бидејќи знаењето е резултат на свесното учење и напрегање.

Вниманието е навика, а не нешто природно. Тоа се стекнува со вежба. Невниманието во наставата претставува повеќекратна педагошка загуба. Учениците во таква ситуација не го усвојуваат наставното градиво или по грешка го усвојуваат, тие не го развиваат своето внимание и способноста на посматрањето, па поради тоа и нерационално го губат времето.

Вниманието најлесно се концентрира на она што нас не интересира. Поради тоа интересот е неопходен за брза концентрација.

Има ученици кои седат во пласот бидејќи немаат друг избор, и не смеат да изостанат од часовите, меѓутоа, духовно ја напуштаат наставата, не внимаваат, и не вложуваат потребен напор за да го запомнат она што го слушаат.

Да видиме како нашите ученици одговориле на прашањата кои ја зафаќаат ова поглавје на рационалното учење.

Ги прашавме:

- Настојуваш ли за време на наставата да бидеш што поактивен или само пасивно слушаш и посматраш?

а) активен сум - кажуваат 91% од учениците.

Во училиштето гледаме дека учениците во поголем број се активни, а какви се во домот?

Сакаш ли да учиш покрај прозорот, во креветот, или со музика, или кога учиш бараш потполн мир?

а) учам покрај прозорот 5,5%
б) учам во кревет 7,8%
в) учам со музика 15,6%

Кога ќе ги собереме одговорите на а), б), в) ќе добиеме дека 21,1% од учениците не се концентрирани на она што го учат, што воглавном одговара на процентот на негативно оценетите ученици 23,3%.

Другите ученици одговориле дека учат во мир и на одредено место.

Да се седи над книгата не значи и дека се учи. Ако не сме концентрирани на учењето како што треба се јавува умор и досада, па затоа мислите ни бегаат, чувствуваме неугодност, поспаност. Затоа учениците треба да ги поучиме дека за време на учењето не треба да седат покрај прозорот, бидејќи надворешното збиднување или го одвлекува вниманието и погледот од книгата.

Исто така, на учениците мораме да им кажеме дека вратата е посебен нперијател на вниманието, а со музика често се запаѓа во сањарење што е своевиден белег на вниманието на споредни содржини.

Треба да се концентрираме на учењето, треба да се почне да се мисли и пред да се почне да се учи.

## 5. УСВОЈУВАЊЕ НА СООДВЕТНИТЕ ФОРМИ И МЕТОДИ НА УЧЕЊЕ И ТВОРЕЧКИОТ ПРИСТАП КОН УЧЕЊЕТО КАКО БИТНИ ФАКТОРИ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ПОДОБРИ РЕЗУЛТАТИ ВО УЧЕЊЕТО

### 5.1. Работа со книгата (учебникот)

Прашавме:
Правиш ли белешки веќе при првото читање, или најнапред го поминуваш целото градиво - лекција и ги означуваш во книгата важните места?

- 73% од анкетираните правилно работат и го користат учебникот. Тие предходно ја запознаваат целата материја,ставаат по некој белег, а дури покасно поминуваат на правење белешки. При тоа добро е да се предупредат учениците дека треба да ги користат скиците, шемите што се во согласност со принципите на активното учење.

Повеќето од анкетираните или 83% при правењето на белешки се служат со свои зборови, а не со зборовите на авторот.

5.2. Повторување на градивото?

- Ја повторуваш ли научената лекција веднаш или тоа го правиш по извесно време?

Повторувањето е многу важна работа, бидејќи заборавањето е главен непријател на она што сме го научиле. Учениците мораме да ги поучиме дека во почетокот треба почесто да го повторуваме градивото, а покасно се поретко.

Нерационално би било градивото да се повторува неколку пати едно по друго, а потоа повеќе и да не се погледа. А заправо повторувањето на градивото и спрема резултатите од нашето анкетирање претставува најслаба точка на нашите ученици, бидејќи скоро 50% од анкетираните изјавиле дека градивото го повторуваат веднаш по учењето, или додека учат, а покасно малку или никако не се навраќаат на таа материја.

Кога престануваме да учиме, неминовно се јавува заборавувањето, затоа повторувањето е од посебна важност при учењето и за тоа учениците мораме да ги поучиме.

Учениците ќе ги запознаеме со сите принципи на рационалното учење, со правилното темпо на учењето, со потребата од

групирањето на слични задачи, со тоа што учењето не треба секој момент да се прекинува и слично.

Рационалната организација на учењето овозможува со помалку сила и труд да се постигне максимален успех, па затоа познавањето на принципите на рационалното учење можат на учениците да им заштедат и време и сила кои можат да ги употребат за други цели.

## 5.3. Индивидуален и колективен приод кон учењето

Основна карактеристика на учењето е индивидуалното совладување на наставното градиво од страна на учениците. Воспитувачот првенствено е организатор на учењето. Тој води грижа за редот и дисциплината за време на учењето, ги мотивира учениците за самостојна работа, по потреба им овозможува помош во учењето, нарочно на послабите ученици. Неопходно е воспитувачот да обезбеди соработка на учениците.

На учениците им ги поставивме следните прашања?

- Се состануваш ли со училишните другари за да заеднички го разгледате градивото кое тие потешко и помалку разбирливо?

Да = 26%   Не = 12%   Понекогаш = 62%

Учениците кои одговориле со "не" се толку самостојни што не им треба помош од другите, тие навикнале сами да го одредуваат темпото и методите на работа-учењето, работат толку брзо, па затоа работата во кружоците не им одговара.

На повеќе од нив, повремено им треба помош и контрола, по кој сложените и комплицираните работи, решавањето на тешките проблеми и задачи од теоретска природа, работат во помали групи т.е. колективно.

Со заедничка работа полесно се осветлуваат тешките партии од градивото кое се учи, поготово ако сите поединци се активни.

Ритамот на работата која кружокот ја наметнува, поставува барање дека треба да биде составен од ученици со приближно исти ментални способности, предзнаења, бидејќи во спротивност послабите ученици ќе ја научат работата на другите во кружокот.

Ритамот на работата која кружокот ја наметнува кај повеќето ученици знатно ги подобрува резултатите од учењето. Добро е и тоа што секој ученик може да ги споредува своите знаења со знаењата на останатите членови во кружокот што ги олеснува евентуалните коректури.

Учењето треба да се организира така да на учениците им овозможи да учат индивидуално или по групи.

Поедини ученици толку ја развиле и усовршиле својата техника на индивидуалната работа, што секој друг вид на учење за нив би претставувал губење на време.

На други работата во кружоци не им одговара, баш затоа што немаат развиени и организирани навики за индивидуалното учење. За ученици кои учат гласно треба да се осигура посебно место или посебно време за учење.

Воспитувачот обавезно треба да обезбеди давање на помош на послабите ученици во домот. Во тоа соработуваат и подобрите ученици.

За тоа поставивме неколку прашања на воспитувачите (анкетен лист за воспитувачите), на кои ги добивме следните одговори:

(Податок од анкетирање на воспитувачите од Ученичкиот Дом "Здравко Цветковски" - Скопје).

| I година | II година | III година | IV година |
|---|---|---|---|
| 31 | 12 | 6 | 0 |

Сосема очекувано беше дека помошта им е потребна најповеќе на учениците од прва година и дека бројот на учениците од постарите класови се повеќе се намалува, а најмалку помош им треба да учениците од завршниот клас. (Во нашиот случај учениците од IV година немаат потреба од индивидуална помош во учењето).

### 5.4. Помош од воспитувачите на учениците (индивидуална работа)

Од податоците добиени од анкетирањето на воспитувачите слободно може да се согледа дека индивидуалната помош од страна на воспитувачите најмногу е присутно кај учениците од I година (воспитните групи се комбинирани). Вкупно 49 ученици од I година примаат индивидуална помош од страна на воспитувачите. Таа помош е помалку потребна на учениците од вторите (17 ученици) и третите класови (6 ученици), додека целосна не е потребна за ученици од IV година. Најмногу помош им се дава од: математика, странски јазик, хемија, биологија,а тоа се предмети за кои воспитувачите се стручно оспособени.

## 5.5. Помош од подобрите ученици

Помош од подобрите ученици е неопходна за време на учењето и во слободно време. Таквите ученици на кои воспитувачот може да смета во I година 20, во II година - 16, во трета година 2.

Помошта се организира внатре во воспитната група. Таа помош има големо воспитно значење. бидејќи ги зближува учениците, го развива другарството кај нив, а исто така и свеста и одговорноста за успехот на основниот колектив т.е. воспитната група.

## 5.6. Осамостојување на учениците

Воспитувачите се должни да работат на оспособување на учениците на самостојна работа. Под способности за самостојна работа пред се подразбираме способност за самостојно, рационално, економично и интензивно учење со употреба на книга, прирачник и други помошни извори на знаења (енциклопедии, лексикони, речници).

На повисокиот степен на осамостојувањето, учениците се способни за самостојна истражувачка работа во совладувањето на одредено градиво, сами изнаоѓаат потребни информации и методи за решавање и на оригинален начин да ги изразуваат со свои зборови новите сознанија кои ги откриле.

Спрема податоците од анкетниот лист за воспитачите: 56% од учениците учат самостојно, па затоа контролата на воспитувачот кај учењето е минимална, 34% од учениците покажуваат самоиницијативност, 45% од учениците напредуваат бидејќи се придржуваат на добиените упатства за учење, 33% од учениците користат дополнителна литература.

Во организираниот процес на ученичкото осамостојување се развива нивната интелектуална активност за проблемите, нивната творечка продуктивност. Така на пример: за да се реши некоја задача не е доволно само да се познаваат соодветните правила, туку треба такво комбинирање за да се најде решението на наједноставен начин и најекономичен начин, а понекогаш и на неколку начини.

## 5.7. Мотивација и учење

Процесот на учење е многу сложен процес. Сите фактори кои дејствуваат на учењето обично ги делиме на внатрешни и надворешни. Внатрешните се оние кои се поврзани за личноста на самиот субјект кој учи. Тоа во прв ред е мотивацијата за учење.

Мотивацијата во учењето е желба да се постигне успех. Таа мора да биде доволно јака, за да некој отпочне да учи. За секоја работа и учење, интересот е неопходен. Затоа учењето за работите кои не ги интересираат бара од учениците силен психички напор. Учениците кои со успех го завршиле основното образование и доаѓаат во ученичките домови за да го продолжат своето школување мораме да ги сметаме за способни за совладување на сите задачи ако им е јасна целта кои сакаат да ја постигнат.

Потребно е значи, да се утврди поради што некои ученици немаат доволно одважност и оптимизам за да ја оствари поставената цел, потребно е да им се влее надеж во успехот, а со тоа и волја за работа. Учениците треба умешно да се поттикнуваат на учење, да се стимулираат евентуалната послаба надареност да ја компензираат со постојана работа. Учениците кои дошле во Домот со желба да го продолжат школувањето имаат мотиви за учење, меѓутоа сигурно затаиле

некои механизми (можеби поттикнувачки) кои мораме во индивидуалната работа со учениците да ги откриеме.

Уверувањето е најстар начин за поттикнување на учење, меѓутоа, тоа мора да биде систематско, мора да содржи елементи кои се блиски и прифатливи за учениците.

На малодушните треба да им помогнеме, треба да им ја подигнеме самодовербата. Никогаш не треба да ги споредуваме со подобрите, бидејќи праксата покажала дека тоа е голема заблуда.

Такво споредување секогаш е предупредување на послабите ученици дека се помалку вредни од другите. Со таквата постапка нивната надеж во успехот уште повеќе би ја намалиле.

## 5.8. Награди и казни при учењето

Наградите и пофалбите по правило би влијаеле како јако поттикнувано, од колку укорот и казната.

Пофалбата посебно влијае кај учениците кои патат од чувство на помала вредност, па затоа треба да ги поттикнуваме и да им влееме саосигурност. Меѓутоа, не чини ни исклучиво да ги пофалуваме и наградуваме, како ни исклучиво да се укоруваат и казнуваат, бидејќи тогаш тие мерки го губат својот ефект.

Успешноста на овие мерки, како и другите педагошки мерки, во многу зависат од личноста кој ги применува, во нашиот случај од личноста на воспитувачот.

Во нашата анкета за воспитувачите ги прашавме дали се служат со наградите како поттикнување за учење и постигнување

на подобар успех. Сите воспитувачи одговориле потврдно. Можеби требаше да се утврди и во која мера воспитувачите се служат со овие мерки и како тие се рефлектираат на резултатите во учењето.

Натпреварувањето позитивно влијае на мотивацијата на поединците и групите, бидејќи се работи за афирмација на поединците, а во исто време и за афирмација на колективот. Во случајот на групното такмичење поединецот се афирмира индиректно, т.е. борејќи се за афирмација на својата група се бори и за лична афирмација. Такмичењето не води до позитивни резултати, единствено во случај, ако се натпреваруваат групите и поединците кои премногу се неизедначени спрема своите способности. Најдобри резултати дава такмичењето кога натпреварувачите се приближно еднакви. На-жалост во нашите ученички домови барем досега многу малку се посветувало внимание на оваа стимулативна мерка за да се подобрат резултатите на успехот во учењето на учениците.

## 5.9. Соработка со училиштето и родителите

Без добра соработка со училиштето и родителите на учениците би било тешко да се постигне успех во училиштето.

Треба да постои добра соработка со училиштето за да можат воспитувачите често да контактираат со класните раководители и предметните наставници. Соработката се согледува и од присуството на воспитувачите на класните совети, а од друга страна поедини наставници да доаѓаат во домовите за да видат како е организиран животот и работата на учениците во домот, како и во давање на помош на послабите ученици. Соработката треба постојано да се употребува. Потешко е непосредно да се контактира со родителите бидејќи учени-

ците се дојдени од повеќе краишта на земјата, многу често оддалечени, па затоа оваа соработка најчесто се одвива по писмен пат, но најчесто многу родители сепак наоѓаат време и доаѓаат во домот за да поразговараат со воспитувачите, да се интересираат за животот и учењето на нивните деца.

Во поголем број случаи очекувањата и барањата на родителите се големи од она што во поглед на успехот во учењето, нивните деца можат да го постигнат. Многу често родителите не водат сметка за вистинските вредности на нивните деца, често не се во состојба да ги потикнат децата извршувањето на задачите, да ги мотивираат за работа иучење.

Во такви случаи воспитувачите се должни да ги запознаат родителите за вистинските способности на нивните деца, а на учениците да им се објасни постапката на нивните родители и да им укажуваат дека нивната афирмација во училиштето е неопходно, како барањата на родителите да ги направат разбирливи и прифатливи. Ученичкиот дом во едно е и повикан да им помогне на родителите и да работи на ублажување на конфликтните односи помеѓу родителите и децата.

## 6. Влијание на опремата на работата и успехот на учениците

Го поставивме прашањето:

- Наведете некои проблеми кои по Ваше мислење треба да се решат за да се поправи успехот во учењето?

Во ученичките домови одговорија:

Воспитувачите кои работат во ученичките домови одговорија:

- Не треба посебни, поголеми, потполни и посветли простории за учење.

- Училниците треба да се опремат со потребните средства за учење.

Повеќе од ученичките домови во СР Македонија се сместени во стари и ненаменски градени згради со тесни и долги ходници, големи соби од класичен вид, без доволно светлина и сонце.

Сите наши ученички домови не се она што би морале да бидат спрема својата задача. Тие се опремени со слаб намештај, недостасуваат и други средства кои би требало да се набават за да се подобри животот и работата на учениците.

На жалост, тука не може многу да се направи бидејќи недостасува парични средства. Со залагањето на воспитувачите и активноста на учениците се прави она што треба да го обезбеди општеството, а тоа е создавањето на интимна атмосфера, за да се во естетска смисла сите простории, па така и училниците направат да одговараат на развивањето на вкусот и смислата за убаво.

## 7. Насочувањето на студиите како фактор за стимулирање на постигнување на подобар успех во учењето

Проблемот за запишување на завршените средношколци на студии последните неколку години е се поприсутен во изборот и можноста за продолжување на вишото и високото образование на младите.

Слободните места за запишување на еден од факултетите се далеку помали од бројот на заинтересираните завршени средношколци.

Успехот од четиригодишното школување и резултатите од приемните испити преставуваат важни и незаменливи елементи за запишувањето на студиите.

Ваквата реална и согледана состојба во запишувањето на младите на студии дава посебно значајно место на успехот на учениците во четиригодишното нивно школување, па затоа насочувањето на студиите во процесот на организацијата на учењето во услови на ученичките домови треба да представува значаен фактор за стимулирање и постигнување на подобри резултати во успехот на учениците.

Во нашата анкета го поставивме следното прашање:

- Дали по завршувањето на средното образование ќе се запишеш на факултет?

  Да, одговорија 203 ученици или 76,3%
  Не, одговорија 63 ученици или 23,7%

Добиените одговори сами посебе зборуваат дека насочувањето на студиите во нашите ученички домови е присутно и дека истото во 76,3% од одговорите представува значаен стимулс за постигнување на подобар успех во учењето.

8. Организацијата на учењето во услови на ученичките домови и нејзиното влијание врз успехот на ученичките,во споредба со учениците

Анализирајќи и средувајќи ги одговорите на учениците од анкетираните дојдовме до следното сознание:

Од анкетираните 266 ученици колку беа опфатени во примерокот го покажа следниот успех на крајот од првото полугодие во учебната 1989/90 година:

ЖЕНСКИ:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Одличен успех | 13 | ученици | или | 9,70% |
| - Многу добар успех | 36 | ученици | или | 26,87% |
| - Добар успех | 50 | ученици | или | 37,31% |
| - Доволен успех | 15 | ученици | или | 11,19% |
| - Недоволен успех | 20 | ученици | или | 14,93% |
| ВКУПНО: | 134 | ученици | или | 100 % |

МАШКИ:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Одличен успех | 11 | ученици | или | 8,33% |
| - Многу добар успех | 42 | ученици | или | 31,82% |
| - Добар успех | 46 | ученици | или | 34,85% |
| - Доволен успех | 11 | ученици | или | 8,33% |
| - Недоволен успех | 22 | ученици | или | 16,67% |
| ВКУПНО: | 132 | ученици | или | 100 % |

Од изнесените податоци јасно може да се види дека успехот на ученичките,во споредба со учениците битно не се разликува, па спрема тоа можеме и званично да ја потврдиме нашата посебна хипотеза дека организацијата на учењето на ученичките домови нема значајно влијание на успехот на ученичките во споредба со учениците.

Покрај другите прашања во анкетниот лист поставивме уште три прашања од отворен тип и тоа:

1. Што не ти се допаѓа во организацијата на учењето во домот?

Одговорите на тие прашања воглавно беа конкретни и децидни. Поединиучени дадоа повеке одговори, додека некои од нив не дадоа ниту еден. На повеќето од нив (62,91%) не им се

допаѓа учењето во групи, 49,09%, не сакаат да учат во училница, 12,73% се жалат на дисциплина за време на учењето, 14,91% сметаат дека треба да се забрани шетањето, влегувањето и излегувањето од училницата, бидејќи тоа им смета и ги деконцентрира во учењето.... 5,45% мислат дека не е одберено право време за учење, додека 14,91% бараат почести паузи. 8% тврдат дека им е мал просторот, а 22,54% од учениците се жалат дека им смета ваквото учење (тоа е за нив присилување, нешто што се работи под притисок). Имаше и такви кои одговорија дека ништо не им се допаѓа.

2. Што спрема твое мислење, треба да се менува или да се направи за да учењето во домот биде поуспешно?

Одговорите на ова прашање се во согласност со одговорите на предходното прашање.

По некои би требало секој да има своја просторија за учење 18,18% (22,54%) од учениците бараат да им се одобри да учат кога сакаат, додека 30,91% сакаат да бидат сами додека учат. За учење со лесна музика се залагаат 2,54%, а за поголем ред и мир, дисциплина се изјаснија 24,36%, додека 12,75% предлагаат штом ученикот научи да ја напушти просторијата за учење. Неколку од учениците се жалат дека за време на учењето ги тераат да ги чистат просториите или пак одржуваат групни состаноци, додека 14,91% ништо не би менувале. Големо е прашањето дали ваквата организација на учењето најмногу им одговара или пак се свесни дека не постојат доволно материјални средства за некои потемелни промени во организацијата на учењето.

Меѓу анкетираните ученици (12,54%) изјавиле дека би менувале се. И ако се малку тие ученици, сепак треба да се истакне зашто се толку незадоволни и огорчени, за да им се помогне во изнаоѓање на компромис како тоа не би се негативно одразило на нивното учење и успехот во учењето.

3. Што ти се допаѓа во организацијата на учењето?

Одреденото време за учење, изјавија 41,09%, постојната помош од страна на воспитувачот 67,27%, и можноста за продолжено учење - одговорија 12,73% од учениците.

И овде 2,54% од учениците изјавија дека ништо не им се допаѓа. Сигурно тоа се истите ученици кои на предходните две прашања крајно негативно одговорија.

## IX. ЗАКЛУЧНИ РАЗГЛЕДУВАЊА НА СОЗНАНИЈАТА ДОБИЕНИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО И ПРЕПОРАКИ

Целта на нашето истражување беше да утврдиме дали и колку организацијата на учењето во средношколските ученички домови има влијание врз подобрувањето на успехот на учениците во училиштето.

Анализирајќи ги емпириските податоци од нашето истражување дојдовме до повеќе сознанија кои повеќе или помалку ги потврдуваат основната хипотеза и посебните хипотези на истражувањето.

Анализирајќи ги и сумирајќи ги податоците добиени по пат на анкетирањето на учениците и воспитувачите поуздано и непобитно дојдовме до следните сознанија: Дека успехот на учениците во процесот на учењето не е само резултат на макотрпното седење со книгата "бубање" на наставното градиво, на едноставното повторување и случајно стекнати знаења, туку тој е резултат на едно осмислено, планско, свесно, континуирано и добро организирано учење.

Ваквото сознание не само што ја потврдува нашата основна предпоставка дека организацијата на учењето во средношколските ученички домови има големо влијание врз успехот на учениците во училиштето, туку тоа дава и гаранција и за уште едно поопфатно и поинакво истражување кое ќе има и поголема научна заснованост и општествена оправданост.

Понатаму, ваквото емпириско сознание ги поткрепува и оснажнува и другите посебни хипотези, кои пак од своја страна сите заедно ја потврдуваат основната хипотеза на истражувањето.

2. Во однос на потврдувањето на планирањето на учењето како фактор на успешноста во учењето на учениците, дојдовме до едно исто така многу важно, би рекле непобитно сознание добиено со статистичката метода на $X^2$ од кое јасно може да се види дека групата од 164 ученици кои ја планираат својата работа, односно своето учење, постигнале подобри резултати во учењето, што може да се види од податоците во табеларниот преглед на страна 118. Ваквото сознание би било нецелосно и недоволно засновано ако при тоа не го надополниме со уште еден податок дека дистрибуцијата на успехот на учениците кои ја планираат својата работа не е случајно (ја отфрлуваме нулта хипотезата), туку тврдиме дека таа е статистички значајна, односно дека на тој успех на учениците влијае факторот на планирањето на учењето кој придонесува за постигнување на подобар успех на учениците во училиштето.

3. Припремата за учење како фактор за успешно учење исто така беше ~~третирано~~ тестирано во нашето истражување при чија анализа на добиените податоци од анкетирањето на учениците и воспитачите од ученичките домови дојдовме до значајни сознанија кои веродостојно ја потврдуваат потребата од припремањето на учениците за учење од која во многу зависи успехот на учениците во училиштето. Не е доволно само сознанието дека припремата има значајно влијание врз подобрување на успехот на учениците, туку истото треба да биде присутно не само во процесот на учењето, туку истото треба да го негуваме и во останатите ученички активности, како во домот така и надвор од него.

Припремата треба да се свати како неопходност и како дел од работната култура на секојдневната ученичка активност која истовремено треба да претставува основа за идното однесување на младиот човек и неговото вклучување во непосредниот општествено-економскиот, производствениот и политичкиот живот.

4. Една од посебните хипотези на нашето истражување беше предпоставката дека работните навики имаат значајно влијание врз постигнувањето на подобар успех во учењето. Врз основа на добиените податоци не само што ја потврдуваме ваквата предпоставка, туку извлековме и некои сознанија кои во иднина треба да најдат своја примена во организација на учењето во средношколските ученички домови, а тие се следните:

- Дека во ученичките домови доаѓаат ученици со различни работни навики, некои ги маат помалку или повеќе, додека други воопшто ги немаат.

  Многу од нив пред доаѓањето во домот учеле под контрола на родителите, додека другите тоа сами го чинеле... или некои од нив учеле во одредено место и време, додека други учеле без да внимаваат на местото и времето. Некои од нив дома учеле со музика, некои покрај прозорот или слично.

- Дека истражувањето како и повеќегодишното искуство и работа во ученичките домови покажало дека степенот на развиеноста на работните навики кај учениците е различен. Учениците кои за прв пат доаѓаат во еден од ученичките домови, степенот на развиеноста на работните навики е на едно незадоволувачко ниво, нивните навики се елементирани и недоволни кои не нудат никаква гаранција, односно не претставуваат некој значаен фактор за подобрување на успехот на учениците.

- Дека учењето, стекнувањето на знаењата, е основа на која се формираат работните навики кои го оспособуваат ученикот за позасилена и поефикасна работа, па затоа развивањето на работните навики, домот треба да ги има

како задача, учениците да ги навикнуваат на работа и учење.

- Дека различниот степен на развиеност на работните навики кај учениците претставува сериозен проблем, не само во процесот на организацијата на учењето, туку и во целокупната организација на животот и работата на учениците во ученичките домови. Развивањето на навиките за учење всушност се темелат на културно-хигиенските и други навики, па затоа илузорно би било да создаваме навики за учење а предходно не се обрне внимание на развивање на културно-хигиенски навики.

- Дека рационалната организација на учењето во ученичките домови во многу зависи од степенот на развиеноста на работните навики. Повисокиот степен на развиеноста на работните навики истовремено значи и порационално користење на времето наменето за учење, а тоа пак од своја страна овозможува истовремено заштедување на времето и постигнување на подобри резултати во учењето.

- Дека учениците кои се навикнати за време на наставата да бидат што поактивни, за разлика од оние кои само пасивно ги слушаат предавањата на наставниците, постигнуваат значајно подобар успех во учењето, заштедуваат далеку повеќе време и се порационални во процесот на учењето. Во нашето истражување скоро околу 90% од учениците одговорија дека за време на наставата се активни што истовремено го потврдува позитивниот успех кој 76,7% или кај 224 ученици од вкупно 266 ученици колку што беа опфатени во нашиот примерок.

5. Значаен фактор кој по наше мислење има големо влијание врз успехот на учениците во училиштето што беше внесен

во инструментот на нашето истражување, односно во анкетниот лист за учениците беше усвојувањето на формите и методите на успешното учење и творечкиот пристап кон него.

Сосема е разбирливо и со право може да се очекува постигнување на подобар успех во учењето ако притоа се совладаат соодветните форми и методи на успешното учење.

За потврдување на оваа предпоставка во анкетниот лист поставувавме повеке прашаќа и од одговорите на истите дојдовме до неколку сознанија кои од една страна не само што ја потврдија хипотезата, туку се наметна и како потреба на која треба да и се обрне поголемо внимание кое во себе треба да опфати повеќе укажувања и почести примени на соодветните форми и методи на успешното учење во текот на ученичкото учење.

- Од 75 - 83% од анкетираните ученици, учениците правилно го користат учебникот, односно одговорија дека предходно ја запознаваат целата материја (ја употребуваат глобалната метода) стават по некој белег и дури тогаш поминуваат на правење на белешки, односно прават белешки при што се служат со свои зборови.

  Бројот, односно процентот на учениците кои ги дадоа одговорите на овие прашања, скоро е идентичен на процентот на учениците од примерокот кои покажале позитивен успех во учењето - 76,7%, што покажува дека со применувањето на соодветна метода во учењето и творечкиот пристап кон него можат да се постигнат подобри резултати во учењето.

6. Разгледувајќи ги резултатите од нашето истражување дојдовме до уште едно сознание а тоа е дека индивидуалниот

и колективниот приод кон учењето немаат скоро никакво значајно влијание врз подобрување на успехот на учениците, бидејќи многу од нив кои на крајот од I-то полугодие од учебната 1989/90 година, покажале одличен или многу добар успех и ако учеа индивидуално и колективно. Наспроти тоа имаше и доста ученици иако учеа како и другите покажаа послаб успех. Што значи не е важно дали ученикот учи сам или во група, бидејќи и во едниот и во другиот случај имаше ученици кој покажуваат различен успех.

7. Еве уште едно сознание, кое не е донесено исклучиво од анализата на податоците добиени од нашето истражување, туку и од повеќе годишното наше работно искуство во ученичките домови. Следејќи го успехот на учениците кои живеат во ученичкиот дом често пати доаѓаме до сознанието дека успехот на учениците и неговото подобрување во многу зависи и од континуираната соработка на домот со училиштето и родителите на учениците. Не можеме а да не истакнеме уште една констатација која се однесува на незаинтересираноста на училиштата за соработка со ученичкиот дом.

Многу ретки се посетите на домовите од страна на класните раководители и предметните наставници, мали се нивните интересирања за причините за слабиот успех на поедини ученици, сметајќи дека за успехот треба да водат сметка само родителите или ученичкиот дом.

8. Условите и опременоста на ученичките домови со средства за учење (занимални, кабинети, нагледни средства и други аудо-визуелни средства) претставуваат исто така, значаен фактор за поуспешно учење и постигнување на подобри резултати во учењето.

Нивното влијание врз подобрувањето на успехот го искажавме во интерпретацијата на податоците, но не го искажавме интензитетот на нивното влијание, колку и во каква мера имаат влијание врз подобрувањето на успехот на учениците.

Тоа не го сторивме бидејќи сегашната опременост и условите за учење во ученичките домови, денес ни од далеку не ги задоволуваат потребните стандарди на опременоста и средствата за учење. Многу од ученичките домови ги немаат основните елементарни услови за работа, а оние што имаат се недоволни, застарени и неприменливи.

Ако сакаме тие да претставуваат значаен фактор во подобрувањето на успехот, едно е сигурно дека условите и опремата треба ако не можеме повеќе, барем треба да ги изедначиме со условите што ги имале учениците во своите родителски домови.

9. Насочувањето на учениците на студирање треба да се сфати како сериозен стимулс за постигнување на подобри резултати во учењето, бидејќи запишувањето на студии покрај другото зависи и од успехот на учениците. Насочувањето треба да биде постојана грижа на воспитувачите и тоа не само во завршните години од средното образование, туку истото треба да се насочува уште со доаѓањето на ученикот во домот,

11. Сумирајќи ги резултатите од истражувањето утврдивме дека организацијата на учењето во условите на ученичките домови нема значајна разлика во влијанието на успехот на учениците, во споредба со учениците. За да ја потврдиме веќе изречената констатација се послужуваме со одговорите на анкетните листови од целата популација од 1330 ученици. Малку потешко, но сепак и овде дојдовме

до сознанието дека навистина организацијата на учењето нема значајна разлика во влијанието на успехот на учениците, во споредба со ученичките.

Покрај овие сознанија со помош на нашето истражување дојдовме и до други наши сознанија , а тие се:

11. Нашето истражување ни укажа на некои добри, ама и лоши страни на организацијата на учењето во ученичките домови.

Со тоа констатиравме дека дел од учениците се активни, трудољубиви, вредни, дека организирано, плански, систематски и континуирано работат, а другиот дел, навистина помал е пасивен, отсутен, не ја пратат наставата, не се трудат многу да научат, пасивно слушаат, читаат, површни се и сл.

12. Послабите ученици треба почесто да ги потикнуваме, мотивираме, да им помагаме и да правиме се за да ја засакаат книгата и учењето, да сватат дека не учат за други, туку за себе. Воспитувачот тоа мора да го прави преку воспитната група, и со групата, користејќи при тоа помош од другите ученици. Тоа мора да се одвива иа принципот наполна доброволност со максимална можност за афирмација и на едните и на другите. Уцената, запретувањето, грдењето, силата и репресијата и застрашувањето немаат место во воспитната работа во домот. Љубовта, довербата. личниот пример, хуманиот однос, упорноста, истрајноста, доследноста во работата на воспитувачот - со силни покретувачи на ученикот во учењето и работата. На ученикот треба многу да му се овозможи, но и да се бара "Ако од човекот не бараш многу, од него нема ни да добиеш многу" - кажува Макаренко.

13. Респектирајќи ги тие сознанија и показатели добиени со истражувањето треба да бидат направени некои квалитативни

и квантитативни промени во организацијата на учењето во домовите, посебно во врската и интервалите, намената на учењето и паузата, овозможување на учениците да учат и надвор од училницата, меѓутоа, со знаење на контрола на воспитувачот, понатаму во рационализацијата на предложеното учење, посебно во вечерните часови кога во домот владее мир, понатаму во развивањето и пробудувањето на свеста за потребата од учење ит.н... Посебно внимание треба да се посвети на обезбедувањето на условите за учење, користење на порационални методи и повисоки форми на учење, поактивен, волев и творечки приод.

14. Кај учениците треба да постигнеме внатрешна мотивација за учење, да ги покрениме волевите потенцијали, да се развие оптимистичко расположение и верба во успехот. Тоа треба да се гради на реални основи со полно волево ангажирање- ама со помошта на групата и воспитувачот.

Препораки:

1. Континуираното следење на напредувањето и развојот на учениците треба да се усвои како принцип кој ќе овозможи советување и давање потребна помош на учениците во учењето.

2. Во совладување на потешкотиите од различна природа во учењето посебно значајна улога треба да одиграат методите, формите и средствата за поактивно учество на учениците во процесот на учењето.

3. Ученичките домови поради разните потешкотии, првенствено од материјална природа, често со својата работа не можат да постигнат она што би сакале, па затоа би било

потребно да им се даде најбрза помош сегашната состојба да се измени.

4. Во ученичките домови воспитувачот има одлучувачка улога во организацијата на воспитно-образовната работа, па затоа е потребно да имаат солидно стручно и педагошко образование стекнато на високошколските установи.

5. Потребно е да се надминат сегашната неповолна структура на воспитувачите и на сите им се овозможи да стекнат соодветно педагошко-психолошко образование по пат на дошколување и перманентно стручно оспособување како би се запознаеле со современите достигнувања во подрачјето на педагогијата, психологијата и методиката на воспитната работа.

6. Потребно е спрема законот за средно образование, воспитната група да не биде поголема од 25 ученици.

# Л И Т Е Р А Т У Р А:


1. Андриловиќ, В. Како одрастао човек учи, Школска књига, Загреб, 1976.

2. Андриловиќ, В. Самостално учење, ЦДО, "Биротехника" Загреб, 1979.

3. Андриловиќ, В. Методе и технике истраживања у психологији, одгоја и образовања, Школска књига, Загреб, 1986.

4. Аранѓеловиќ, Д. Воспитни рад у домовима ученика, настава и васпитање, Београд, 1956, бр.5-6.

5. Бујас, З. Како треба учити, ПКЗ, 1947.

6. Бабиќ, Р. Развој, положај и друштвена функција домова ученика, Искуства, Сарајево, 1972, бр.3-4.

7. Вукановиќ, А. Интелектуални одгој, ЈАЗ, Загреб, 1976.

8. Таниќ, В. Развојно-динамичка психологија и психологија учење, Научна књига, Београд, 1978.

9. Група автори. Воспитни рад у домовима ученика, Београд, 19

10. Група автори. Основи на воспитната работа во ученичките домови, прирачник за воспитувачи, андрагошка школа, Скопје, 1976.

11. Дамјановски, Г. Режим на денот во ученичкиот дом, Билтен на заводот за унапредување на школството на СР Македонија, Скопје, 1962, бр.6.

12. Илиќ, М. Учење инастава различитих нивоа тежине, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 1984.

13. Јовичиќ, М. Како да учим успешније, НИП "Омладина" 1956.

14. Крстиќ, Д. Учење и развој, Савремена администрација, Београд, 1988.

15. Матијевиќ,М. Учимо уз рад, Биротехника,Загреб,1984.

16. Мијатовиќ,В. Организација живота и рада у дому. Педагошки рад,Загреб, 1961.

17. Мужиќ,В. Методологија педагошког истраживања, Завод за издавање уџбеника, Сарајево, 1973.

18. Нола,И. Домови за смештај и одгој ученика. Педагошки рад,Загреб,1984,бр.1-2.

19. Павлов,В. Актуелна питања организације и радног времена у домовима ученика, Педагошка стварност, Нови Сад, 1972.

20. Пољак,В. Припрема ученика за стјецање знања. Педагошко књижевни збор, Загреб,1970.

21. Продановиќ,Т. Човјек и самообразовање,Завод за издавање уџбеника, 1973.

22. Поповски,К. Оспособување на учениците за самостојно учење. Прирачник за наставници, Просветно дело, Скопје, 1984.

23. Радојњик,С. Психологија учења, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 1985.

24. Росиќ,В. Домски одгој, Историска наклада, Пула, 1986.

25. Ракиќ, Б. Мотивизација и школско учење, Завод за издавање уџбеника, Сарајево,1980.

26. Стојковиќ, А. Како ћеш постичи успех у школи.Нолит, Београд, 1956.

27. Смолиќ - Крковиќ,Н. Зашто и како учити, Школска књига, Загреб, 1970.

28. Скалар,В. Мотивизација и мотивациона средства у раду са ученицима у домовима, предавање на Сојузното советување на младината од ученичките домови, Мостар, 1978.

29. Стојановиќ,П. Психолошки проблеми инструкције учења у настави, Свијетлост, Сарајево,1985.

30. Томиќ,П. Како помочи домском дјетету да успије у учењу, Породица и дете, 1973,бр.12.

31. Фурлан,И. Модерна настава и интензивније учење, Школска книга, Загреб, 1966.

32. Фурлан,. И. Учење као комуникација, Педагошко-књижевни збор, Загреб, 1967.

33. Фурлан,И. Примењена психологија учења, Школска књига, Загреб, 1984.

34. Цвиић,З. Теме из домске педагогије, Педагошки факултет Ријека, Ријека, 1979.

35. Ђорђевић, Д. Педагошка психологија, Дечје Новине, Горњи Милановац, 1980.

36. Швајцер,В. Приручник за послиједипломско усовршување, ФИП, Ријека, 1972.

37. Шувар,С. Домови ученика у реформи образовања, Образовање и рад, Загреб, 1979, бр.3-4.

П Р И Л О Г

## АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

УЧЕНИЧКИ ДОМ ________________________________

УЧИЛИШТЕ ________________________ година ______

НАПОМЕНА: Те молиме на поставените прашања да одговориш така како што тоа би го направил - а во разговорот со најдобриот другар-ка. Сакаме да дознаеме како ти приоѓаш кон учењето и колку твојот начин на приоѓање е рационален.

---

1. Правиш ли план за работа и учење?
   а) редовно
   б) понекогаш
   в) не правам

---

2. Дали се придржуваш на својот план за работа и учење?
   а) секогаш
   б) понекогаш
   в) никогаш
   г) не правам план

---

3. Составуваш ли однапред план како ќе го распоредиш своето време во текот на денот?
   а) да
   б) не

---

4. Дали за учењето се припремаш секој ден или тоа не го правиш?
   а) да
   б) не

---

5. Дали дома учеше во одредено време?

а) да

б) не

6. Дали на масата на која учиш освен она што учиш држиш и други книги, белешки кои моментално не ти се потребни?

а) да

б) не

7. Дали бележиш се што предавачот го изнесува или само главните мисли?

а) само главните мисли

б) се

8. Пред почетокот на учењето на градивото имаш ли обичај барем летимично да го повториш она што веќе сте го учеле во училиштето од тој предмет?

а) летимично го повторувам материјалот

б) не го повторувам материјалот

9. Го носиш ли во училиште целиот прибор, или позајмуваш ако ти затреба?

а) го носам целиот прибор

б) позајмувам ако ми затреба

10. Дали дома имаше свое одредено место за учење или го менуваше?

а) имав

б) немав

11. Настојуваш ли за време на наставата да бидеш поактивен, или само пасивно слушаш и посматраш?

а) активен сум

б) пасивен сум

______________________________________________

______________________________________________

12. Ги припремаш ли однапред сите потребни помагала кои ќе ти требаат при учењето?

а) припремам

б) не припремам

______________________________________________

______________________________________________

13. Сакаш ли да учиш покрај прозорот, во кревет или со музика, или сакаш да учиш во потполн мир?

а) учам покрај прозор

б) учам во кревет

в) учам со музика

г) учам во потполн мир

______________________________________________

______________________________________________

14. Кога во текот на учењето ќе наидеш на непознат збор, го бараш ли неговото значење или го учиш на памет?

а) барам објаснување

б) учам напамет

______________________________________________

______________________________________________

15. Дали за време на учењето си задоволен, ~~а ако~~ наученото градови само го сватиш и запомниш, или пазиш и на тоа да можеш правилно да го формулираш?

а) да го сватам, запомнам и исправно да го формулирам

б) да го сватам и запомнам

______________________________________________

______________________________________________

16. Дали правиш белешки при првото читање, или најпрво ја поминуваш целата лекција означувајќи ги со молив важните места?

а) најпрво ги означувам со молив

б) веднаш правам белешки

17. Кога за време на учењето правиш белешки се служиш ли со свои зборови или со зборовите на авторот?

а) со свои зборови

б) со зборовите на авторот

18. Ја повторуваш ли научената лекција веднаш или тоа го правиш после некое време пред да почнеш повторно да учиш?

а) после извесно време

б) веднаш го повторувам

19. Дали се состануваш со своите школски другари за да го обработиш градивото, кое ти е тешко и помалку разбирливо?

а) да   в) понекогаш

б) не

20. Размислуваш ли за тоа во што најповеќе грешиш при организацијата на своето индивидуално учење, и дали ги одстрануваш тие грешки?

а) да

б) не

21. Дали по завршување на средно образование ќе се запишеш на факултет?

а) да

б) не

Покрај овие прашања на учениците им беа поставени уште три прашања од отворен тип и тоа:

1. Што не ти се допаѓа во организацијата на учењето во домот?

2. Што според твое мислење треба да се менува или стори за да учењето во домот биде поуспешно?

~~3. Што ти се доша~~

3. Што ти се допаѓа во организацијата на учењето во домот?

____________________ 1990

Место____________________

Име и презиме на ученикот

____________________________

# АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА ВОСПИТУВАЧИТЕ

УЧЕНИЧКИ ДОМ______________________________

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ВОСПИТУВАЧОТ______________________

БРОЈ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ВОСПИТНА ГРУПА________________

1. Колку ученици од вашата воспитна група редовно ја следат наставата (изостануваат само од оправдани причини )

| | БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ПО КЛАСОВИ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV | ВКУПНО % |
| ВО % | | | | | |
| | | | | | |

2. Колку ученици доаѓаат редовно на обавезните часови за учење, организирани во воспитните групи?

| | БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ПО КЛАСОВИ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV | ВКУПНО % |
| - ВО% | | | | | |
| | | | | | |

Со Колку ученици е организирано дополнително учење?

| БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ПО КЛАСОВИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| I | II | III | IV | ВКУПНО % |

ВО %

4. Наведете го бројот на учениците кои:

- бараат минимална контрола при учењето____________
- покажуваат самоиницијатива____________
- се придржуваат на добиените упатства за учење____________
- помагаат на другите ученици____________
- кои користат дополнителна литература____________

5. Наведете го бројот на учениците на кои индивидуално им помагате во учењето?

I година__________; II година________ III година______

IV година_________

6. Од кои наставни предмети можете да им помогнете на учениците во текот на учењето?

1.____________________

2.____________________

3.____________________

7. Дали и сами водите некој кружок?

а) да

б) не

_______________________________________________

_______________________________________________

8. Наведете некои проблеми кои по Ваше мислење, би требало да се решат за да се поправи успехот во учењето;

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________.

_______________________________________________

_______________________________________________

9. Наведете како ја организирате соработката со училиштето и родителите на учениците:

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________.

_______________________________________________

_______________________________________________

10. Дали организирате такмичење вс учењето?

а) постојано

б) повремено

в) никогаш

_______________________________________________

_______________________________________________

11. Дали во вашиот дом доделувате награди за ученици кои константно покажуваат одличен успех во учењето?

а) да

б) понекогаш

в) не

_______________________________________________

_______________________________________________

Ви благодарам на соработката

## ...АФИЧКИ ПРИКАЗ НА УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ
## ...А ЗА ПЛАНИРААТ СВОЈАТА РАБОТА - УЧЕЊЕТО

ПРВО ПОЛУГОДИЕ ОД УЧЕБНАТА 1989/90 год.




- СО ОДЛИЧЕН УСПЕХ
- СО МНОГУ ДОБАР УСПЕХ
- СО ДОБАР УСПЕХ
- СО ДОВОЛЕН УСПЕХ
- СО НЕДОВОЛЕН УСПЕХ

# ФИЧКИ ПРИКАЗ НА УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ КОИ ЈА ПЛАНИРААТ СВОЈАТА РАБОТА - УЧЕЊЕТО

## ПРВО ПОЛУГОДИЕ ОД УЧЕБНАТА 1989/90 год.




СО ОДЛИЧЕН УСПЕХ

СО МНОГУ ДОБАР УСПЕХ

СО ДОБАР УСПЕХ

СО ДОВОЛЕН УСПЕХ

СО НЕДОВОЛЕН УСПЕХ

Графички приказ на успехот на учениците (примерокот) на крајот од I полугодие од учебната 1989/90 год.




СО ОДЛИЧЕН УСПЕХ
СО МН. ДОБАР УСПЕХ
СО ДОБАР УСПЕХ
СО ДОВОЛЕН УСПЕХ
СО НЕДОВОЛЕН УСПЕХ

# РАФИЧКИ ПРЕГЛЕД НА УСПЕХОТ ВО УЧЕБНАТА 1988/89 ГОД.

## ПРВО ПОЛУГОДИЕ




- СО ОДЛИЧЕН УСПЕХ
- СО МНОГУ ДОБАР УСПЕХ
- СО ДОБАР УСПЕХ
- СО ДОВОЛЕН УСПЕХ
- СО ЕДНА СЛАБА
- СО ДВЕ СЛАБИ
- СО ТРИ И ПОВЕЌЕ СЛАБИ

# РАФИЧКИ ПРЕГЛЕД НА УСПЕХОТ ВО УЧЕБНАТА 1988/89 год.

## ВТОРО ПОЛУГОДИЕ




- СО ОДЛИЧЕН УСПЕХ
- СО МНОГУ ДОБАР УСПЕХ
- СО ДОБАР УСПЕХ
- СО ДОВОЛЕН УСПЕХ
- СО ЕДНА СЛАБА
- СО ДВЕ СЛАБИ
- СО ТРИ И ПОВЕЌЕ СЛАБИ

# ГРАФИЧКИ ПРЕГЛЕД НА УСПЕХОТ ПО ВОСПИТНИ ГРУПИ I ПОЛУГОДИЕ 1988/89


















ИЧЕН УСПЕХ
И ДОБАР УСПЕХ
АР УСПЕХ

СО ДОВОЛЕН УСПЕХ
СО ЕДНА СЛАБА
СО ДВЕ СЛАБИ

СО ТРИ И ПОВЕЌЕ СЛАБИ

# ГРАФИЧКИ ПРЕГЛЕД НА УСПЕХОТ ПО ВОСПИТНИ ГРУПИ II ПОЛУГОДИЕ 1988/89.




























О ОДЛИЧЕН УСПЕХ — СО ДОВОЛЕН УСПЕХ

СО ЕДНА СЛАБА — СО ТРИ И ПОВЕЌЕ СЛАБИ